УНИВЕРЗИТЕТ СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ-СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ- СКОПЈЕ
ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР
ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ ПО БЕЗБЕДНОСТ

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

# Делувањето и поврзаноста на терористичките организации на Балканот и Блискиот Исток и нивното влијание врз регионалната безбедност

**Кандидатка:** **Ментор:**

**Јулијана Ѓоргиевска** **проф. д-р Митко Котовчевски**

**Бр. индекс : 5163/18**

**Скопје, октомври 2020 година**

**СОДРЖИНА:**

**1.ВОВЕД-------------------------------------------------------------------------------------------9**

1.1. ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ-------------------------13

1.2. ДЕФИНИРАЊЕ НА КЛУЧНИ ПОИМИ------------------------------------------------15

1.3. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ------------------------------------------------------18

1.4. ИСТРАЖУВАЧКО ПРАШАЊЕ---------------------------------------------------------23

1.5. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ-------------------------------------------------------------------------23

1.6. СИСТЕМ НА ХИПОТЕЗИ---------------------------------------------------------------24

1.6.1. ОПШТА ХИПОТЕЗА-----------------------------------------------------------24

1.6.2. ПОМОШНИ ХИПОТЕЗИ----------------------------------------------------- 24

1.7. ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА ВАРИЈАБЛИТЕ-----25

1.7.1. НЕЗАВИСНИ ВАРИЈАБЛИ---------------------------------------------------25

1.7.2. ЗАВИСНИ ВАРИЈАБЛИ-------------------------------------------------------26

1.7.3. ИНДИКАТОРИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА НЕЗАВИСНИТЕ ВАРИЈАБЛИ---26

1.7.4. ИНДИКАТОРИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ЗАВИСНИТЕ ВАРИЈАБЛИ-------26

1.8. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО------------------------------------------27

1.9.ПРОСТОРНО И ВРЕМЕНСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО-28

**2. ТЕРОРИЗАМ---------------------------------------------------------------------------------29**

2.1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗМОТ------------------------------------------------33

2.1.1. НЕКОЛКУ ПРИСТАПИ ЗА ДЕФИНИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗМОТ------37

2.1.2. КОНСТРУКЦИЈА НА ФБИ---------------------------------------------------43

2.1.3.МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА САД И НЕГОВОТО ВИДУВАЊЕ-------------------------------------------------------------------------------44

2.2. СТРУКТУРИ НА ТЕРОРИСТИЧКИ ГРУПИ-----------------------------------------46

2.3. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТЕРОРИСТИТЕ--------------------------------47

2.4. МОТИВАЦИЈА НА ТЕРОРИСТИТЕ-------------------------------------------------50

2.5. ТЕРОРИЗМОТ КАКО КРИМИНАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ-------------------------54

**3. ТЕРОРИСТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ НА БАЛКАНОТ И БЛИСКИОТ ИСТОК--55**

3.1. ТЕРОРИСТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ НА БАЛКАНОТ И НИВНО ДЕЛУВАЊЕ--------------------------------------------------------------------------------------55

3.1.1. "АНА"------------------------------------------------------------------------------55

3.1.2. "ОВК"------------------------------------------------------------------------------59

3.1.3. "КЗК"------------------------------------------------------------------------------61

3.1.4. "ОНА"------------------------------------------------------------------------------62

3.2. ТЕРОРИСТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ НА БЛИСКИОТ ИСТОК И НИВНО ДЕЛУВАЊЕ--------------------------------------------------------------------------------------70

3.2.1. "АЛ КАЕДА"-----------------------------------------------------------------71

3.2.2. "ХЕЗБОЛАХ"-----------------------------------------------------------------73

3.2.3. "НАРОДЕН ФРОНТ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ПАЛЕСТИНА"-----74

3.2.4. "ПАЛЕСТИНСКИ ИСЛАМСКИ ЏИХАД"------------------------------------74

3.2.5. "ЕГИПЕТСКИ ИСЛАМСКИ ЏИХАД"----------------------------------------74

3.2.6. "ИСЛАМСКА ГРУПА"------------------------------------------------------74

3.2.7. "БЕЛИТЕ ШЛЕМОВИ"------------------------------------------------------75

3.2.8. ИСЛАМИСТИЧКА ДРЖАВА-----------------------------------------------76

3.3. ПОВРЗАНОСТА НА ТЕРОРИСТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА БАЛКАНОТ И БЛИСКИОТ ИСТОК------------------------------------------------------------------80

3.3.1. БАЛКАНОТ СРЕДИШТЕ НА ЏИХАДИЗМОТ-----------------------------80

3.3.2. ИСЛАМИЗМОТ ОД БАЛКАНОТ-------------------------------------------82

3.3.3. БАЛКАНОТ ЖЕШКА ТОЧКА ЗА РЕГРУТИРАЊЕ ИСЛАМСКИ МИЛИТАНТИ--------------------------------------------------------------------------------84

3.3.4. БАЛКАНСКИ БРИГАДИ НА ТЕРОРИЗМОТ НА ИСЛАМСКАТА ДРЖАВА-----------------------------------------------------------------------------------88

3.3.5. БАЛКАНОТ И НАТАМУ СООЧЕН СО ИСЛАМСКИ ЗАКАНИ----------89

3.3.6. АРАПСКИТЕ ДРЖАВИ ГО ФИНАНСИРААТ ИСЛАМИЗМОТ НА БАЛКАНОТ---------------------------------------------------------------------------------91

3.3.7. ИСЛАМСКИОТ ТЕРОРИЗАМ Е НАЈГОЛЕМА ЗАКАНА ВО ЕВРОПА-92

3.3.8.ТУРСКАТА ПОЛИТИКА НА БАЛКАНОТ-------------------------------------93

3.3.9.РЕШЕНИЕ ЗА КУРДСКОТО ПРАШАЊЕ -------------------------------------93

**4. ВЛИЈАНИЕТО НА ТЕРОРИСТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА БАЛКАНОТ И БЛИСКИОТ ИСТОК ВРЗ РЕГИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ------------------------104**

4.1 БЕЗБЕДНОСТ И РЕГИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ--------------------------------104

4.2 ВЛИЈАНИЕТО НА ТЕРОРИСТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВРЗ БЕЗБЕДНОСТА-----------------------------------------------------------------------------105

4.2.1. СТРАНСКИ ТУРИСТИ, МИГРАНТИ, БЕГАЛЦИ---------------------------105

4.3. ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ --------------------------------------------------------106

4.3.1. ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ ВРЗ КРИТИЧНАТА ИНФРАСТРУКТУРА-111

4.3.2. ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ НА БЛИСКИОТ ИСТОК---------------------114

4.3.3. ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ ВО ЕВРОПА------------------------------------117

4.3.4. ИСЛАМИСТИЧКИ ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ ВО ЕВРОПА-----------123

4.3.5. ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ НА ВИТАЛНИ ОБЈЕКТИ---------------------126

4.3.6.ЗАКАНИ ОД ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ КОН РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА--------------------------------------------------------------------------128

**5. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА---------------------------------------------------------------129**

**6. БИБЛИОГРАФИЈА ----------------------------------------------------------------------144**

**“***Појавете се од никаде (односно како гром од ведро небо), удрете во ранливите точки, избегнувајте ги местата што се бранети, напаѓајте на неочекувани подрачја***”.**

**Цао Кунг**

**Апстракт**

По настаните од 11ти септември, тероризмот, ако се употребува како термин за застрашување, има константно влијание врз функционирањето на владите на поголемите држави како и во животот на обичните луѓе во целиот свет. Стравот од тероризмот ја поттикна на брз развој државната и приватната безбедносна „индустрија” чија цел е заштита на поединците, туристите, патниците, државните институции и стопанството. Широк спектар на таквото непознато зло кое сее страв секој ден бара трошење на големи суми пари за да се обезбеди заштита од опасните, заканувачки и мистериозни криминални умови, или пак како што под едно име се нарекуваат терористи.

Најголемо и најопасно директно кризно жариште на Република Северна Македонија претставува просторот на поранешна Југославија каде што избувнаа неколку воени конфликти и потенцијалната опаснот кризното жариште да се прошири кон југ спрема територијата на нашата земја. Индиректно влијае врз безбедноста на Република Северна Македонија има и кризниот регион на Блискиот Исток и Северна Афика, како акутни, а дел и како потенцијални кризни жаришта. Најзначајно е да се потенцира значањето на Блискиот Исток како хронично кризно жариште во светски рамки и неговото директно или индиректно влијание врз безбедноста на државите кои гравитраат кон овој регион и пошироко.

Во овој труд ќе се обидеме да го објасниме делувањето на терористичките организации на Балканот и Блискиот Исток, нивните цели за напад, меѓусебната поврзаност и нивното влијание врз регионалната безбедност која е многу ранлива и нестабилна.

Со употреба на анализа на документи посветени на оваа тема, како и преку синтеза на релевантни научни сознанија и истражувања на државните и меѓународни институции за интеракциите меѓу тероризмот, терористичките организации и регионалната безбедност, овој труд ќе се обиде да даде одговор за тоа како Република Северна Македонија и државите од Балканот и Блискиот Исток се справуваат со овие феномени. Во вториот дел ќе се обидеме да дадеме дефиниција за тероризмот, како и за структурата на терористичките организации и нивните карактеристики, потоа нивната мотивација, но и одговор за тероризмот како криминално однесување. Во третиот дел ќе биде објаснета улогата на терористичките организации на Балканот и Блискиот Исток, како и

нивната поврзаност и интеракција во многубројни терористички напади во Европа. Во четвртиот дел на овој труд ќе ги анализираме извршените терористички напади во Европа, опфаќајќи ги Блискиот Исток и Балканот, како и факторите кои имаат влијание врз терористичките организации за нивно делување на овој ранлив и нестабилен регион, со цел нарушување на регионалната, а и глобалната безбедност. Во последниот, петтиот дел како заклучни согледувања ќе обрнеме внимание на компарација на терористичките организации на Балканот и Блискиот Исток, како и справување со тероризмот и заштита и зачувување на националната безбедност пред сè.

Клучни зборови: тероризам, терористички организации, безбедност, регионална безбедност, илегалната миграција, недозволената трговија со дрога, оружје и луѓе, географски простор, воени конфликти, кризно жариште симпатизери, борци за слобода, терористички инциденти, владеење на стравот, борба против тероризмот.

# 1. ВОВЕД

Како мечот на Дамокло, заканата лебди над нашите глави секој ден, почнувајки од начинот на кој се живее во денешно време па се до начинот на кој се склучуваат големите зделки, дури вклучувајќи го и начинот на кој функционираат лидерите на државите и меѓусебните односи меѓу владите на различни држави.

По страотните смртоносни напади од 11ти септември, постои конкретен и константен страв дека таквите злосторства би можеле да станат секојдневие и кошмар за граѓаните на САД, нивните сојузници и пријатели.

Оваа закана ги принуди воздушните линии да воведат драстични промени со цел безбедно да организираат иљадници летови во текот на еден ден. Сето ова секако предизвика големи задоцнувања и со самото тоа ги принуди патниците внимателно да ги организираат своите агенди за патување, како и да применуваат сопствени безбедоносни методи, посебно доколку станува збор за патување надвор од земјата. Телевизијата, штампата и радио медиумите, како и легитимните публикации и таблоиди, со голема подготвеност и елоквентност ги соопштуваат најновите ужаси предизвикани од терористички акции насекаде на земјината топка со цел навремено да ја информираат јавноста и да ѝ влеат позитивен страв како би можеле да ѝ укажат на константното зло кое овие дејства го предизвикуваат во денешно време.

Нестабилноста пак во Ирак и Сирија ги зголеми тензиите околу курдското прашање, кои ќе траат додека е отворена можноста за остварување на долгогодишната желба на овие луѓе да создадат сопствена држава. Сепак аспирациите на Курдите се соочуваат со две основни пречки.

Најпрво, недостатокот на единство меѓу различните фракции укажува дека не постои вистинска мапа која би ја дефинирала нивната можна политичка иднина. Така, 40 милиони Курди се поделени помеѓу четири држави, и тоа: Турција, Иран, Ирак и Сирија. Условувањето од оваа географска и политичка ситуација, во текот на неколкуте генерации Курди ги натерало да создадат посебни карактеристики, како свои дијалекти, племенската лојалност, лидерство, идеологии и историски искуства во секоја од државите каде што

живеат. Курдските партии ги потврдуваат овие разлики со карактеристична бирократска прецизност од двете страни на сириско –ирачката граница.

Второ, освен условната подршка на САД и на Русија, Курдите не уживаат симпатии од регионалните влади, сметајки ја опозицијата во Турција како еден од најжестоките противници.

Претседателот Реџеп Тајп Ердоган го смета курдското сепаратистичко движење, претставено од Курдистанската работничка партија (ПКК на курдски), како главен фактор на нестабилноста на Турција. Продолжувањето на конфликтот во летото 2015 година, кога мировните разговори помеѓу ПКК и Турција не успеваат, и септември 2016 година доведоа до смрт на повеќе од 2.000 луѓе. Земјата претрпе неколку терористички напади, иако Даеш беше обвинет за нив, владата на Анкара тврди дека ПКК е поврзана со некои од нападите. Со оглед на повоениот период, сириските курдски партии работат на план за формализирање на полу-автономна област која што ја формираа на голем дел од северот за време на пет годишната војна како модел на децентрализиран федерален систем во целата земја. Оваа можност е решително отфлена од режимот на Асад и од опозицијата.

Главната курдска мисија во Сирија се единиците за народна заштита (ЈПГ на курдски) кои се поврзани со ПКК. Но додека ПКК е на листата на терористички организации на Стејт департментот, истото не важи за ЈПГ. Оваа околност дозволи Вашингтон да ја обезбеди оваа група со постојана воздушна подршка во борбените операции и постојано снабдување со оружје и опрема. Оваа подршка е осудена од страна на Ердоган кој изјави: „Имаме писмен доказ! Ние им кажуваме на американците 'Тоа е терористичка група' УПГ ги води сириските демократски сили (СДФ), коалицијата на вооружени христијански, туркменски, сунитски и курдски групи од 2015 година."

Сириските Курди живееат во три одделни кантони лоцирани на границата со Турција. Крајната цел на СДФ би била да ги поврзе и двете територии кои се наоѓаат источно од Еуфрат, Џазира и Кобани, со кантонот Африн, кој се наоѓа на запад. Ова би значело окупација на повеке од 80 километри долга лента на територијата што ги раздвојува. Оваа област, која отсекогаш била населена со арапски племиња, била најсилно оспорена од Даеш и сојузничките бунтовнички групи од Анкара.

Во почетокот на летото 2016 година, напредокот на СДФ кон Африн против Исламската држава и судирите со сојузничките бунтовници на Турција ја поттикнаа Анкара да се плаши  дека Курдите можат да ја остварат својата цел и да создадат своја автономна заедница на границата со Сирија.

Со оглед на тоа дека основната турска црвена линија не е Асад, тоа е против формирањето на курдската држава, а Анкара предупреди дека нема да го толерира присуството на СДФ западно од Еуфрат. Како што Курдите не сакаа да се придржуваат кон оваа состојба, на 22 август 2016 година, турските вооружени сили ја започнаа операцијата „Еуфрат Шилд", која како што објаснува турскиот министер за одбрана, има двојна цел: „Исламската држава треба да биде целосно исчистена, тоа е апсолутно потребно, но тоа не е доволно за нас... ПУД и милитантната УПГ не треба да ја заменат исламската држава таму."

Од друга страна појасот на кризни региони и кризни жаришта го зафаќа и Средоземјето кон кое гравитира и РСМ. Воено-географското значење на овој дел од тој појас на нестабилности определено е од неговата централна положба во однос на другите комплементарни светски подрачја, од комнуникациите од посебна економска и воена важност, од богатството и потенцијалите за производство и транспортот на нафтата, од флуидната внатрешна ситуација во земјите на јужното крило на НАТО, Блискиот Исток и Северна Африка и тенденцијата тоа нестабилнио подрачје да се поврзе со подрачјата на спротивставувања и нестабилности во персискиот и индискиот географски простор.

Најголемо и најопасно директно кризно жариште на РСМ претставува просторот на поранешна Југославија каде што избувнаа неколку воени конфликти и потенцијалната опаснот кризното жариште да се прошири кон југ спрема територијата на нашата земја. Индиректно влијание врз безбедноста на РСМ има и кризниот регион на Блискиот Исток и Северна Афика, како акутни, а дел и како потенцијални кризни жаришта. Најзначајно е да се потенцира значањето на Блискиот Исток како хронично кризно жариште во светски рамки и неговото директно или индиректно влијание врз безбедноста на државите кои гравитраат кон овој регион и пошироко.

Виталните подрачја на Западна и Средна Европа со развиена индустрија но и со дефицитарна суровинска и енергетска основа која е во комплементарен однос со Блискиот Исток и со Северна Африка и Каспискиот регион, исто така имаат влијание врз положбата на територија на РСМ. Тие влијанија најмногу се исполнуваат во сферата на најкратките врски на тие подрачја кои поминуваат и преку македонскиот простор, но и во сферата на нашата комплементарност во однос на двете крајни витални подрачја од значање и за нејзнината безбедност.

„Војната" за остварување на стратегиската доминација врз „ѓаволскиот триаголник" (Балканскиот Полуостров – Каспискиот регион и Персискиот Залив, Блискиот Исток и Северна Африка), континуирано ќе продуцира нестабилност и конфилкти во и помеѓу државите кои историски и географски се осудени со нивната лоцираност на овој проколнат простор.

Посебен белег на овие состојби им даваат војните на делови од просторот на поранешна Југославија, заострените воено –политички односи и спротиставеност помеѓу Грција и Турција, големо-српската, големо-бугарската и големо-албанската стратегија со кои се изразуваат нивните државни претензии на Балканот особено спрема територијата на РСМ, неправедното грчко ембарго со страотни последици по економската стабилност врз РСМ, настаните на Кипар и воопшто на Блискиот и Средниот Исток, определените карактеристични процеси и движење во Италија, Франција, Шпанија и Португалија, настаните во Магреб итн., во целост ја отсликуваат жестокоста и динамичноста во нашиот дел од појасот на кризните жаришта, што во значителна мерка има импликации врз значењето и положбата на нашата држава.

Ирак претставува приказна во регионот: ирачката претензија спрема Кувајт, посебно по неговата воена интервенција, врз Кувајт и иницирањето на Заливската војна со мултинационалните сили, откривањето на неговите страотни програми за развој на оружје за масовно уништување, го исфрлаат Ирак на првото место на „ранг листата на најопасни-најлоши држави" во регионот.

Состојбите во Заливот во целост ја потврдуваат констанцијата дека САД и западните земји (ќе) настојуваат да ја прошират областа на своите дополнителни интереси во регионот - од финансиски, трговски, воен и политички карактер. Секоја држава што ќе се обиде да го попречи

освојувањето на нивните стратегиски интереси и цели, неминовно ќе се соочи со жестокоста на ударот на нивните „дистанциони” и други воени дејства.

Стратегиските „големи игри” на големите сили само го забрзаа формирањето на новиот „природен сојуз”- „оската” Москва – Техеран – Багдад. Овој „природен сојуз” го потисна влијанието на „вториот спореден играч” во овој регион – САД. Во иднина тоа за САД ќе претставува нов стратегиски предизвик во „војната” за најоптималното позиционирање на Каспискиот нафтовод, како клучно стратешко, но и економско прашање.

„Балканскиот пат” на касписката нафта ѝ го отвара „прозорецот кон Европа” но и пошироко кон светот преку Медитеранот, со што се потенцира неговото стратешко значење. Но тоа може да претставува и силен дестабилизирачки фактор на односите помеѓу државите во овој регион (посебно односите помеѓу Грција и Турција). Влошувањето на односите меѓу некои држави на Балканот верижно ќе предизвикаат експлозија на конфликтните состојби, една по друга. Така, тоа би предизвикало опасна ситуација од поголеми размери, а како најпесимистичко сценаро се претпоставува отпочнување на ограничена поморска војна помеѓу Грција и Турција, воен пожар кој ќе треба да го гасне шестата флота на САД со раздвојување на завојуваните страни.

Во потесните балкански рамки и опкружување, воено-географската положба на РСМ има уште поголемо влијание врз зголемувањето на нејзината севкупна безбедносна осетливост. Тоа е актуелно и за останатите компоненти на воено-географската положба на нашата земја кои ја детерминираат зголемената безбедносна осетливост на положбата и на нејзиниот географски простор и на просторот што непосредно ја опкружува.

Безбедноста на РСМ и на јужноевропскиот простор има сериозно влијание врз интегралната безбедност на Европа и пошироко. РСМ и понатаму останува во „срцето” на овој регион од посебен безбедносен интерес за Европа, но и за светот.

## 1.1 ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ

Какво е всушност ова огромно чудовиште составено од компактна жива сила што со еден збор се нарекува терорист? Во што се состојат терористичките дејства? Можеме ли некако да се заштитиме од нив? Како да ја

дефинираме оваа смртоносна и заканувачка опасност која што ноншалантно ја нарекуваме тероризам? Комбс овој проблем го аргументира на следниот начин ....... „Тероризмот претставува политичка, како и правна и воена тематика, негова дефиниција во модерни услови е многу тешко да се даде. Не дека веќе не постојат бројни дефиниции за оваа појава кои се прилично прецизни – ги има стотици. Меѓутоа мал број од нив имаат издржан правен легитимитет за да бидат применувани во меѓународното право, а многу од оние кои ги задоволуваат правните критериуми за веродостојност ја немаат потребната двозначност за да бидат политички прифатливи”[1] Нападите на 11ти септември беа аларм за сите припадници на владата во државата, кои веднаш се дадоа на работа за да го донесат таканаречениот Патриотски Акт (закон) на САД во 2001 година. Оваа правна стапка овозможи финансирање и набљудување на тероризмот на масивно ниво. Мал но затоа не помалку значаен дел од Амандманот може да се прочита во Брифингот за тероризам 1-1. Овој брифинг покрива само мал дел од сето она што е наведено во Актот и всушност претставува само вовед во оваа опширна законодавна единица која што дојде како еден вид на законски одговор на нападите од 11ти септември во федерални размери.

Овде ќе се обидеме зборот тероризам и/или терористичко однесување да ја добијат најсоодветната дефиниција. Тоа е тешка задача, но не е и невозможна. Термините најпрво мора да бидат темелно анализирани и обработени на семантичко ниво, за да може да се сфати компактното значење на зборовите. Терористички инцидент, општо земено претставува насилен чин кој може да заземе и глобални размери доколку има за цел причината и намерата која стои зад тој чин да добијат јасно значење во јавноста. Сето тоа што глобално се подведува под гореспоменатата појава, а и она што не влегува во тој опис, а дедуктивно укажува на таков феномен, во народот генерално се покрива со еден термин, тероризам.

Дури и во најпримитивните општества, извесни дејства било да се тие изведени од поединец или цела група, се сметале за неприфатени или отфрлени, односно забранети. Овие дејства подразбираат убиство, силување, инцест, киднапирање или предавство (или било каков вид на побуна која

[1] Combs C.C. Terrorism in the twenty-first centrury. Upper saddie river. NJ:Prentice hall. 1997

негативно се одразува на општествената стабилност на целата заедница и директно се спротивставува на уредувањето на таа дадена заедница). За разлика од тоа, голем број на заедниците воспоставиле сет на дејства кои силно ги поддржуваат и охрабруваат, или дејства кои се допуштени, како што е венчавањето, проширување на семејството, ловот, одгледување на различни прехранбени култури и други дејства чија цел е просперитет и благосостојба за целата племенска заедница.

Тероризмот често спаѓа во оние дејства кои не само што претставуваат злоупотреба на законите, туку и злоупотреба на политиката и начинот на живот на една дадена заедница или племенска организација. Често при прекшувањето на некоја законска регулатива се бара интервенција од надлежно лице кое би извршило увид на недозволеното дело и согласно тоа би извршило граѓанско апсење на лицето кое го злоупотребило законот. Сите овие однесувања се тесно поврзани со начините на кои дадени општествени групи или субкултури одлучуваат да посегнат за да одговорат на дадени неправди кои се вршат несогласно нивната култура и начинот на живот пропишан според нивните стандарди.

## 1.2 ДЕФИНИРАЊЕ НА КЛУЧНИТЕ ПОИМИ

**Тероризам:** Употреба и/или повторено насилство за поддршка на или против некој авторитет каде насилството се користи за да произведе страв од сличен таков напад во кој како жртви ќе паднат многу невини луѓе за истите тие авторитети да бидат принудени да постапат согласно барањата на терористите.[2]

Тероризмот воедно претставува и криминална повреда во поглед на сите национални и меѓународни правни кодекси. Со мали исклучоци терористичките дејства се забранети во војна-како што се всушност забранети и во време на мир.[3]

---

[2] Rosie G. International Terrotism: a New Mode of Conflict. Los Angeles: Crescent. 1975

[3] Види, на пример, Регулативата од Хаг од 1907 и Женевската Конвенција од 1949

**Терорист:** непознато зло кое сее страв секој ден и бара трошење на големи суми за да се обезбеди заштита од опасните, заканувачки и мистериозни криминални умови.

**Терористички инцидент:** Општо земено претставува насилен чин кој може да заземе и глобални размери доколку има за цел причината и намерата која стои зад тој чин да добијат јасно значење во јавноста.

**Забранети дејства**: дејства кои подразбираат убиство, силување, инцест, киднапирање или предавства (или било каков вид на побуна која негативно се одразува на општествената стабилност на целата заедница и директно се спротивставува на уредувањето на таа дадена заедница).

**Допуштени дејства:** дејства кои силно ги поддржуваат и охрабруваат, како што е венчавањето, проширување на семејството, ловот, одгледување на различни прехранбени култури и други дејства чија цел е просперитет и благосостојба за целата заедница.

**Организирана криминална група:** Структурирана група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува во согласност со целта на извршување на едно или повеќе сериозни кривични дела или прекршоци утврдени согласно оваа конвенција, со цел директно или индиректно да се стекнат со финансиска или друга материјална корист.

**Сериозен криминал:** Претставува акт кој содржи кривично дело за кое е предвидена казна затвор во траење од најмалку четири години или потешка казна.

**Група, банда или друго злосторничко здружение или организација**: се подразбираат најмалку три лица кои се здружиле за вршење кривични дела, во кој број влегува и организаторот на здружението[4] .

**Оперативна акција:** Претставува организирано, синхронизирано, координирано и временски ограничено преземање на конкретни мерки и активности на полицијата заради идентификување, следење и анализа на одредена криминална/безбедносна појава од одредена област на криминалитет со цел идентификување на лица, криминални групи и казниви

[4] Кривичен Законик чл.122 ст.28

дела заради спречување на нивно извршување или утврдување на казниви дела и нивните сторители.

**Гранична линија:** Низа точки на земјината површина одредени со координати, по која се протега државната граница која ја разграничува територијата на Република Северна Македонија од териториите на соседните држави.

**Државна граница:** Копнена граница на Република Северна Македонија, вклучувајќи ја и границата на реките и езерата, како и аеродромите и езерските пристаништа кои се определени како места преку кои се одвива меѓудржавен и меѓународен сообраќај.

**Гранична контрола:** Активност спроведена на државната граница при преминување или при намера за преминување на државната граница согласно целите на овој закон, што се состои од гранични проверки и граничен надзор.

**Информација:** Претставува описен материјал, вклучително и оној кој произлегува од опсервација, следење, известување, медиуми и останати извори.

**Разузнавање:** Информација којашто ставена во контекст има одредено значење.

**Анализа:** Внимателно разгледување на информацијата (или разузнавачкиот податок) заради откривање на значењето и основните карактеристки.

**Разузнавачки податок:** Производ кој резултира од насочено собирање на информации и подоцнежна процена и интерпретација на собраните информации.

**Изведен заклучок:** Главниот производ на аналитичкиот процес.

**Неформална соработка:** Се однесува на размената на информации која се одвива директно помеѓу органите за спроведување на законот и регулаторните агенции со нивните соодветни органи-партнери во странство. Исто така, понекогаш таа се нарекува и помош „полиција на полиција“ или „агенција на агенција“.

**Формална соработка:** Меѓународна правна помош, екстрадиција.

**Ризик:** Неповолна општествена околност која отежнува или претставува закана за задоволување на потребите на членовите на општеството и може да

доведе до неповолни последици кај индивидуата, семејството и општество и како такви претставуваат закана за општество. Ризиците најчесто се поврзуваат со животен циклус (глад, болест, повреда, старост) економија (криза, транзиција, невработеност, ниски приходи) екологија (суша, поплава, земјотрес) и социјалните појави (криминал, корупција, исклученост).

**Борци за слобода :** Членовите на ИРА (Ирска Републиканска Армија), ПЛО (Палестинска Ослободителна Организација), или ЕТА и многу други, како подгрупа во нивниот локален политички систем.

## 1.3. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

За некој историчар на современиот тероризам четири датуми бележат пресек. Прво, 1968 година, со двете матрици: латиноамериканската и палестинската. Првата ја вовела таканаречената стратегија на урбана герила, а втората почнала рекламен тероризам пред да навлезе во насилството во вистинска смисла на зборот. И едната и другата матрица, како што веќе било сигнализирано, прифаќаат акции со терористички карактер како помошен дел на герилата, која ниту едната ниту другата се способни да ја водат.

Од едната страна, 1979 година е пресвртница со Иранската револуција, при која силен успех забележал радикалниот исламизам во својата шиидска верзија, со директно (Хесболах во Либан) и индиректно (прифаќање на самоубиствениот напад олеснето со традиција каде високо се ценело жртвувањето) влијание. Радикалните исламисти од сунитска припадност се инспирирале од истото (Хамас, Ал Каеда итн.). Од друга страна, советската интервенција во Авганистан, на американците им изгледала како идеална можност да направат Советите да го доживеат истиот пораз, како оној што тие го поднеле во Виетнам.

Соединетите Американски Држави со финансиската помош за Саудиска Арабија и со соработката со Пакистан (логистика, засолниште, центар за обука) моќно ги помагале авганистанските борци решени да пружат отпор. Уште на почетокот на војната, радикалните исламисти по потекло од средниот Исток и од други муслимански региони доаѓале за да учествуваат во една или во друга форма во овој џихад. Многумина од нив тука се здобиле со верска и со воена

обука. Милитантите, припадниците на сунитизмот, им послужувале на САД како и на Саудиска Арабија и на Пакистан, да го неутрализираат влијанието на иранската шиидска револуција.

За помалку од десет години откако навлегле во Авганистан, Советите се повлекле. Авганистанските муџахедини се фалеле дека ја победиле Советската Армија. На оваа перцепција сериозно има потреба да ѝ се дадат нијанси. Грешката на Советите била во тоа што сакале таа војна да ја водат со регрути. Истата грешка ја направиле и американците во Виетнам. Војните од колонијален тип морало да се водат само од професионалци, по можност доброволци.

На планот на меѓународниот тероризам, во текот на тие години, ако се држиме до најсуштинското, треба да се спомне Либан и самоубиствените напади од 1983 година во Бејрут, особено оние два во кои биле убиени 241 американски морнар и 53 француски падобранци.[5]

Овие напади, кои се должат на Хезболах, го определиле поаѓањето на западните трупи и го претставуваат големиот успех на интернационалниот тероризам меѓу 1968 година и 2000 година. Всушност, овој пат психолошкиот шок бил заменет, ако не и надминат, со последиците на нападите: повлекување на проитивникот.

Третиот важен датум бил меѓу 1991 година и 1993 година. Тој одговарал на промената која се извршила во Авганистан. Од инструмент користен од страна на САД, со цел да се ослаби Советскиот Сојуз, радикалниот исламизам, следејќи ги својата динамика и своите цели, станал независно воено-политичко движење со многубројни ограноци, делумно и како последица на војна против Ирак во 1991 година.

Овој датум бил одбележан со џихадот почнат со најдобрите покровителства во Алжир, а наскоро и со учеството на војните во Босна (1993 - 1995), во Чеченија, во Кашмир. Исто така, 1993 година е и датумот на првиот напад на автомобилот-бомба во Светскиот трговски центар, кој не ги предизвикал сите посакувани ефекти, но тој покажал дека од тогаш САД станале мета на исламистичките борци. САД ја потцениле важноста на нападот

---

[5] Не сметајќи и 57 мртви од нападот на Амбасадата на САД. Сепак, да го спомнеме и упадот на италијанскиот брод Акиле Лауро среде водите на египетскиот брег во 1985 година, од страна на една палестинска специјална единица

на Кхобар во Саудиска Арабија во 1995 година, каде загинуваат 19 американски војници. Следната година сè уште во Саудиска Арабија, се склучил нападот на Дахран, и тоа токму годината кога Осама Бин Ладен ги повикал САД да ја напуштат светата територија на Саудиска Арабија. Во меѓувреме Талибанците (1994 - 1996), формирани и подржани од Пакистан со гаранција на САД, станале господари на Авганистан. Постепено, влијанието на Бин Ладен и на египќаните Ахмет Ал Завахари и Мохамед Атеф, под режимот на талибанците, почнало да ги дава своите ефекти.

Во февруари 1998 година, Осама Бин Ладен им објавил војна на „крстоносниците и евреите”. Тоа била годината на нападите на американските амбасади во Источна Африка, а две години подоцна и на оној, поморскиот, на УСС Кол во водите на Јемен.

Четвртиот датум се подразбира е 11ти септември 2001 година кој го одбележа крајниот стадиум на класичниот тероризам. Овој датум од своја страна ја определил најголемата противтерористичка операција која некогаш се водела: војната во Авганистан, наменета да се искорени ова опасно светилиште. По тој датум, под силно влијание на цивилите од Пентагон, Бушовата администрација ја презела иницијативата. Неа ѝ се чинело мудро да заврши една „недовршена” војна во Ирак.

Во практика, периодот по освојувањето на Багдад се покажал, како што и се претпоставувало, покомплексен од почетните воени операции. Сепак, никој не предвидувал дека условите на она што едвај може да се нарече „повоен” период ќе бидат толку негативни.

Но, привремениот заклучок е дека војната против тероризмот започната со интервенцијата во Ирак поттикнала уште повеќе тероризам од оној кој го имало пред војната. Од друга страна, пак, војната за неширење на оружјето за масовно уништување вродила со плод (Либија, Иран).

Иднината ќе каже дали сунитизмот ќе може да го изгради она што му успеало во Иран, во 1979 година, со спојот на исцрпување на власта, незадоволството на слоевите и разните класи здружени согласно приликите благодарение на една харизматична личност [6] и на еден организиран

---

[6] Ајатолахот Хомеини, кој од егзил од Париз организирал серија протести во Иран за протерување на шахот Реза Пахлави

религиозен апарат, каков што не постои кај муслиманите кои се надвор од шиитизмот.

Светот значително се промени после 2001 година и 11ти септември односно после нападите во Њујорк и уништувањето на Светскиот трговски центар, па се до војните во Авганистан и Ирак. Нападите на американските трупи беа помогнати од фанатичните екстремисти во Ирак, додека војната во Авганистан има за цел да донесе сигурност и слобода таму како и насекаде во светот. Одделот за безбедност на татковината (државна, татковинска, внатрешна безбедност) е јасна претстава за Американците дека нешто всушност се случува и оди кон подобро за зачувување на безбедноста и мирот во Соединетите Држави. Само времето ќе покаже дали Американците некогаш повторно ќе можат со сигурност да речат дека светот е навистина безбеден. Одделот треба да биде горд од брзите резултати кои ги постигна движејќи се кон таа насока. Охрабрувачки е да се види дека 11ти септември тешко дека ќе може да се повтори од страна на терористите кои сметаа дека со тоа ѕверство ќе се скрши американскиот дух.

Брус Хофман посочува дека со одвојувањето на терористите од другите видови, како што се силеџиите и обичните криминалци, тероризмот го определуваме како :

- првенствено политички - според целите и мотивите
- насилен - или кој се заканува со насилство
- организиран - да има далекусежни психолошки реперкусии, не само фактичките жртви и целни објекти
- воден од организација со добро утврдена хиерархија - или пак конспиративна келија со мал број на луѓе (чиишто членови не носат униформи и немаат знак за јавно распознавање) и
- изведувани од малцинска група или недржавотворен ентитет[7].

Секогаш има некои индикации, секако, дури и кога целите се прифатливи непријатели во очите на многу набљудувачи. Со цел да се собори веќе паднатиот режим во Советските републики, на пример, насилство многу поволно се перцепира од западната јавност, дури и кога тие напади по многу

[7] FBI Counterterrorism Responsibilities. Washington, DC: Department U.S. Government Printing Office. Department of Justice. 1996 https://www.fbi.gov/

карактеристики можат да се идентификуваат како терористички. Меѓутоа, доколку природата на таквите напади се сложува со некои непишани правила кои се широко прифатени, границите на прифатливост и на фер игра имаат тенденција да се поместат, па и да се променат. Рушењето на рускиот воен хелихоптер од една група на чешки дисиденти, на пример, многу е веројатно дека ќе биде интерпретиран (освен од руските приврзаници) како прифатлив чин отколку чинот кога ПЛО го сруши авионот за превоз на патници. Намерниот масакр на вооружени војници во заседа е полесно прифатлив отколку масакрот на мали деца. Значи, фер играта за терористите и дисидентите може да се објасни на следниот начин:

- воен персонал
- владини службеници и
- цивили кои на никој начин не се поврзани со уредувањето против кое се бори терористот

Истата оваа листа може да ги содржи и основите на избор на жртви за секоја воена офанзива. Од друга страна, терористичката група може да го смета следниот редослед како прифатлив за максимален напад, односно:

- цивили кои на никој начин не се поврзани со уредувањето против кое се бори терористот
- владини службеници и
- воен персонал

Широкиот дијапазон на насилно однесување кое најчесто се нарекува тероризам многу тешко, па дури и невозможно е да се дефинира на едноставен и единствен начин. Постојат специфични дејства кои го нарушуваат таквиот континуум на тој начин што понекогаш е тешко да се направи јасна дистинкција помеѓу криминални дејства и терористички напади. Некои таканаречени терористички дејства се толку специфични и локални што е тешко да се подведат под оние за борба за големи цели.

Тероризмот – една од најголемите закани за човековата, националната и меѓународната безбедност, е идентичен со вирусот кој ја пренесува својата генетска порака врз општеството кое станува негова жртва. Тероризмот не ги бира своите жртви што значи дека “шансите” да станат негови жртви им се подеднакви на сите луѓе и држави. За таа цел е неопходна заедничка борба

против тероризмот кој “триумфално” го означи почетокот на новиот милениум. Неговата светска промоција беше страотна и крвава наговестувајќи дека деновите во иднина се повеќе ќе почнуваат и ќе завршуваат со тероризам.

## 1.4. ИСТРАЖУВАЧКИ ПРАШАЊА

Истражувачките прашања во овој труд ќе бидат формулирани на следниот начин:

1. Во што се состојат терористичките дејства на Балканот и Блискиот Исток?
2. Дали постои начин некако да се заштитиме од нив?
3. Како да ја дефинираме оваа смртоносна и заканувачка опасност што ја нарекуваме тероризам?
4. Како Република Северна Македонија се справува со тероризмот?
5. Како Балканските држави се справуваат со тероризмот?
6. Како во регионот на Блискиот Исток се справуваат со тероризмот?
7. Како останатите држави се справуваат со тероризмот?
8. Дали ќе дојде денот кога ќе може да кажеме дека светот е безбеден?

## 1.5. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Научно-теоретската цел е содржана во стекнувањето нови знаења и искуства за ризиците и заканите кои ги носат терористичките дејства по безбедноста на државата и нејзината поставеност во рамките на безбедносниот систем на државата.

Практичната цел е изнаоѓањето решенија во процесот на справување со етничкиот идеал, илегалната миграција, пролиферацијата на оружје итн, во согласност со спецификите на државата и регионот, како дел од системот за национална безбедност.

Општата цел е со магистерскиот труд да се дојде до подигнување на свеста во безбедносните служби со продлабочување на полициската соработка и сите засегнати служби на национално и регионално ниво заради развивање рамка за решавање и менаџирање на заканите од тероризмот, како и на раното предупредување во врска со истите.

Посебната цел на истражувањето ќе биде елаборација на досегашните искуства и имплементација на позитивните законски прописи од сферата на тероризмот со компаративен пристап на регионално ниво.

## 1.6. СИСТЕМ НА ХИПОТЕЗИ

### 1.6.1. ОПШТА ХИПОТЕЗА

Активното и континуираното делување на терористичките организации на Балканот и Блискиот Исток во голема мера го загрозува мирот и регионалната безбедност во овие стратешки значајни и безбедносно сензитивни региони во светот.

### 1.6.2. ПОМОШНИ ХИПОТЕЗИ

**Х1:** Тероризмот на Блискиот Исток во голема мера влијае врз регионалната безбедност, но и врз глобалната безбедност.

**Х2:** Делувањето на терористичките организации на Блискиот Исток во голема мера ја дестабилизираат безбедносната состојба, посебно во државите: Сирија, Израел, Ирак, Турција и др.

**Х3:** Тероризмот на Блискиот Исток има огромна експлозивна енергија да го запали целиот регион и околните кризни региони.

**Х4:** Делувањето на терористичките организации на Блискиот Исток има силно влијание врз делувањето на тероризмот на Балканот, Црногорскиот регион, Кавказот и Средниот Исток.

**Х5:** Блискиот Исток како вечен „примамлив” регион на терористичките организации.

**Х6:** Новиот бран на тероризмот на Балканот произлегува од серијата на новите балкански конфликти.

**Х7:** Во Балканските конфликти значајна улога играат и определени терористички организации и држави-спонзори на терористички организации од Блискиот Исток

**Х8:** Балканскиот тероризам сè повеќе добива етнички и религиозни карактеристики.

**X9:** Новите конфликти на Блискиот Исток во голема мера го поттикнуваат тероризмот на Балканот и формирањето на нови терористички организации.

**X10:** Вахабизмот на Балканот во голема мера влијае врз формирањето на нови терористички организации.

**X11:** ИСИС зема голем замав на муслиманските територии.

**X12:** Апел за приклучок кон ИСИС за проширување на нивната организација, со цел да ги заземат сите држави со муслиманско население.

**X13:** Неопходна помош од моќните држави наменета за Блискиот Исток за справување со ИСИС.

**X14:** ИСИС неуморно сее страв првично низ регионот на Блискиот Исток, но и на Балканските простори.

## 1.7. ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА ВАРИЈАБЛИТЕ

### 1.7.1 НЕЗАВИСНА ВАРИЈАБЛА: Терористички организации, Балканот, Блискиот Исток

Терористичките организации се организации, без оглед на бројот на нивните членови и историскиот период во кој тие дејствувале, кои своето дејствување го базираат врз основа на некакви цели. Тие цели, секако, (барем во умовите на терористите) го оправдуваат нивното постоење, како и извршување на нивните активности кои се повеќе или помалку радикални.

Балкан – држави на Балканот се: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Грција, Република Северна Македонија, Црна Гора, Романија, Србија, Косово, Турција.

Блискиот Исток - држави кои се во регионот на Блискиот Исток се: Турција, Израел, Јордан, Сирија, Либан, Ирак, Египет, кој иако е дел од Африка, често се смета за дел од регионот на Блискиот Исток. Неговото вклучување се должи на суштинските врски кои ги имал со другите блискоисточни држави низ античките, средновековните и модерните времиња.

### 1.7.2 ЗАВИСНИ ВАРИЈАБЛИ: Регионална безбедност

Регионална безбедност – претставува концепт што оди подалеку од логиката на Студената војна, односно треба да претставува одговор на сите нови и мошне опасни закани на безбедноста на современата меѓународна заедница. Ниедна нација не може да ја осигура сопствената безбедност на сметка на друга нација, или безбедноста на една нација не може да произлегува од несигурноста на другата.[8]

Влијанието и предизвиците кои потекнуваат глобалните трендови, од хуманитарната безбедност од соседството или интегративноста и постигнувањата на земјите од регионот, сепак не може да се разгледуваат изолирано од внатрешните случувања и карактеристиките на регионот.[9]

### 1.7.3. ИНДИКАТОРИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА НЕЗАВИСНАТА ВАРИЈАБЛА:

- Мерки и активности преземени кон терористичките дејствија во Република Северна Македонија од страна на државните институции и служби;
- Начин и постапување при справување со заканата од тероризмот од страна на балканските држави;
- Конкретни примери на тероризам, терористички напади во светот, со посебен акцент на нашата држава.

### 1.7.4. ИНДИКАТОРИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ЗАВИСНИТЕ ВАРИЈАБЛИ:

- Статистика на бројот на жртви на терористичките напади во САД;
- Статистика на бројот на жртви на терористички напади во останати држави во светот;
- Конкретни примери за терористички напади, број на жртви (цивилни и нецивилни), нанесена штета, анализа и последиците од истите врз Република Северна Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Сирија, Турција, САД;
- Безбедносни мерки и активности преземени пред, за време и по терористичките напади во државите на Балканот и Блискиот Исток;

[8] Котовчевски М. Национална безбедност. Филозофски факултет. Скопје. 2011
[9] Исто

- Безбедносни мерки и активности преземени пред, за време и по терористичките напади во Република Северна Македонија.

### 1.8. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во истражувањето и обработката на темата ќе бидат користени методи кои се применуваат во научните трудови. Покрај теоретските истражувања, ќе биде применет и аналитички метод. Исто така, ќе биде применет и методот на опсервација на постоечките истражувања, книги, анализа на содржина, публикации и интернет содржини. За изнаоѓање на потребните податоци ќе биде користена:

- домашна и странска литература
- секундарни извори на податоци
- статистички показатели

При обработка на темата ќе бидат применети и следните методи:

- **Метод на опсервација** на постоечки податоци ќе се користи при пребарување и истражување на литература. Ќе биде избрана литература која се однесува на актуелноста на трудот.

- **Дескриптивниот метод** ќе се примени со цел да се даде поширок опис, разработка и анализа на состојбите и перспективите за изнаоѓање на ефикасни начини и спроведување на ефикасни политики за успешно справување со заканите од тероризмот.

- **Аналитичкиот метод** ќе биде применет со цел да се анализираат теоретските содржини од домашната и странската литература кои ќе се однесуваат на развојот и перспективите во изнаоѓање на соодветен одговор на институциите кон заканите кои со себе ги носат тероризмот, шпионажата, сајбер тероризмот и др.

Користејќи го **компаративниот метод** се изврши делумна квалитативна и квантитативна селекција и анализа на прибраните податоци. Врз основа на добиениот теоретски материјал, можеше да се утврди степенот на варијабилноста помеѓу причините и состојбите што се истржуваа.

## 1.9. ПРОСТОРНО И ВРЕМЕНСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Временската рамка на истражувањето ќе биде за период од почетокот (историјата) на тероризмот до моментот на изготвување на магистерскиот труд.

## 2. ТЕРОРИЗАМ

По настаните од 11ти септември, тероризмот, ако се употребува како термин за застрашување, има константно влијание врз функционирањето на владите на поголемите држави како и врз животот на обичните луѓе во целиот свет. Како мечот на Дамокло, заканата лебди над нашите глави секој ден, почнувајќи од начинот на кој се живее во денешно време па се до начинот на кој се склучуваат големите зделки, дури вклучувајќи го и начинот на кој функционираат лидерите на државите и меѓусебните односи меѓу владите на различни држави. Стравот од тероризмот ја поттикна државната и приватна безбедоносна индустрија на брз развој, чија цел е заштита на поединците, туристите, патниците, долгогодишните институции и стопанството. Широк спектар на таквото непознато зло кое сее страв секој ден бара трошење на големи суми за да се обезбеди заштита од опасните, заканувачки и мистериозни криминални умови, или пак како што под едно име се нарекуваарт терористи. По страотните смртоносни напади од 11ти септември, постои конкретен и константен страв дека таквите злосторства би можеле да станат секојдневие и кошмар за граѓаните на САД, нивните сојузници и пријатели. Оваа закана ги принуди воздушните линии да воведат драстични промени за безбедно да организираат илјадници летови во текот на еден ден. Сето ова секако предизвика големи задоцнувања и со самото тоа ги принуди патниците внимателно да ги организираат своите агенди за патување, како и да применуваат сопствени безбедоносни методи, посебно доколку станува збор за патување надвор од земјата. Телевизијата, пишаните медиуми и радио медиумите, како и легитимните публикации и таблоиди, со голема подготвеност и елоквентност ги соопштуваат најновите ужаси предизвикани од терористички акции насекаде на земјината топка со цел навремено да ја информираат јавноста и да и влеат позитивен страв како би можеле да ѝ укажат на константното зло кое овие дејства го предизвикуваат во денешно време.

Оваа глава има за цел да проучи и да одговори на неколку клучни прашања, како на пример: Какво е всушност ова огромно чудовиште составено од компактна жива сила што со еден збор се нарекува терорист? Во што се состојат терористичките дејства? Можеме ли некако да се заштитиме од нив?

Како да ја дефинираме оваа смртоносна и заканувачка опасност која што ноншалантно ја нарекуваме тероризам? Комбс го дискутира овој проблем на следниот начин: .......тероризмот претставува политичка како и правна и воена тематика, нејзина дефиниција во модерни услови е многу тешко да се даде. Не дека веќе не постојат бројни дефиниции за оваа појава кои се прилично прецизни – ги има стотици. Меѓутоа мал број од нив имаат издржан правен легитимитет за да бидат применувани во меѓународното право, а многу од оние кои ги задоволуваат правните критериуми за веродостојност ја немаат потребната двозначност за да бидат политчки прифатливи.[10] Нападите на 11ти септември беа аларм за сите припадници на владата во државата, кои веднаш започнаа со работа за да го донесат таканаречениот Патриотски Акт на САД во 2001 година. Оваа правна стапка овозможи финансирање и набљудување на тероризмот на масовно ниво. Мал но затоа не помалку значаен дел од Актот може да се прочита во Брифингот за тероризам 1-1. Овој Брифинг покрива само мал дел од сето она што е наведено во Актот и всушност претставува само вовед во оваа опширна законодавна единица и еден вид на законски одговор на нападите од 11ти септември во федерални размери.

Сега ќе започнеме со макотрпната елаборација во обидот зборот тероризам и/или терористичко однесување да ја добијат најсоодветната дефиниција. Тоа е тешка задача, но не е невозможна. Термините најпрво мора да бидат темелно анализирани и обработени на семантичко ниво, за да може да се сфати компактното значење на зборовите. Терористички инцидент, општо земено претставува насилен чин кој може да заземе и глобални размери доколку има за цел причината и намерата која стои зад тој чин да добијат јасно значење во јавноста. Сето тоа што глобално се подведува под гореспоменатата појава, а и она што не влегува во тој опис, а дедуктивно укажува на таков феномен, кај народот генерално се означува со еден термин, тероризам. Заради тоа оваа глава ќе се обиде на секој да му помогне да ја разбере суштината на овој збор.

Текстот нѐ води низ едно патување во фасцинантниот феномен наречен тероризам и терорист како жива материја. За подобро да се разберат овие концепти, мора да се навратиме кон некои историски моменти и да обратиме

[10] Combs C. et al. Encyclopedia of Terrorism. 2003

внимание на дадени специфични правила кои општеството ги развило со тек на времето со цел да ги дефинира криминалните и анти-општествени дејства кои имале за цел остварување на некакви политички или општествени цели. „Однесувањето на некои општествени групи, било да станува збор за примитивни племиња или модерни држави со високо организирана национална свест, сите тие можат да бидат појдовни аспекти во еден едноставен континуум”-Член Х.Р. 3162 Во Сенатот на Соединетите Држави:

„Да се спречат и казнат терористичките дејства во Соединетите Држави и во целиот свет, да се подобрат и усовршат техниките за правни и истражувачки методи и други цели”. Оваа одредба стапува на сила откако истата е усвоена од страна на Сенатот и Парламентот на Соединетите Американски Држави на Конгресот.

Целосното име на овој Член е Обединување и зајакнување на Америка со обезбедување на неопходни технички и други помагала потребни за идентификација и спречување на тероризмот (Член за Патриотизам на САД) Член донесен во 2001 година.

Најјакиот елаборат за содржината на овој Член е следиот:

Глава 1 - Зајакнување на домашната безбедност против тероризмот

Дел 101. Финансирање за борба против тероризмот

Дел 102. Конгресот како дел од државната свест го осудува секој вид на дискриминација на Арапите и Американците со муслиманска вероисповед.

Дел 103. Зголемено финансирање на техничкиот центар во рамките на Федералното истражно биро.

Дел 104. Потреба од воена интервенција за учество во извесни дејства од ургентна природа.

Дел 105. Зголемување на Иницијативата за формирање на национален центар за електронско следење.

Глава 2 - Зголемени набљудувачки мисии

Дел 201. Одобрување за воспоставување на било каков вид на усна, електронска или кабловска комуникација со цел спречување на тероризмот.

Дел 202. Одобрување за воспоставување на било каков вид на усна, електронска или кабловска комуникација при незаконско влегување во компјутерска база на податоци и злоупотреба на дадени фајлови.

Дел 203. Одобрување на меѓусебна комуникација во поглед на информација за појава на криминално дејство.

Дел 204. Појаснувања од страна на службата за разузнавање во поглед на операциите на прислушкување како и употреба на усна, електронска или кабловска комуникација за спроведување на оваа постапка.

Дел 205. Вработување на преведувачи во Федералното истражно биро.

Дел 206. Зголемено надгледување во рамките на Службата за разузнавање одговорна за набљудување, Член донесен во 1978 година.

Дел 207. Зголемено времетраење на надгледување од страна на ФИСА на претставници на дипломатијата на други држави кои не се американски државјани.

Дел 208. Именување на судии.

Дел 209. Прекинување на секаков вид на електронска комуникација доколку за тоа постои налог.

Дел 210. Можност сите снимки од дадени електронски комуникации да бидат во секое време достапни за увид на суд.

Дел 211. Појаснување на крајната цел при преземање на дадена акција.

Дел 212. Итно прекинување на било каков вид електронска комуникација на било кое ниво на живеење со цел спасување на живот и заштита од криминално дело.

Дел 213. Овластување за одобрување на налог за претрес пред претходно писмено овластување доколку се работи за итна интервенција.

Дел 214. Сите методи на набљудување и известување одат под директива на ФИСА.

Дел 215. Пристап до фајлови и други податоци кои се во надлежност на ФИСА.

Дел 216. Модификација на сите методи за набљудување и следење.

Дел 217. Следење на информации од недозволен карактер преку незаконско влегување во приватен компјутер доколку истото има за цел спречување на дотур на противзаконски податоци.

Дел 218. Размена на информации со разузнавачките служби од други држави.

Дел 219. Униформирани налози за претрес за тероризам.

Дел 220. Меѓусебна размена на налозите за претрес заради електронска евиденција помеѓу државите.

Дел 221. Воведување на санкции во трговијата.

Дел 222. Помош во зголемувањето на оперативноста на правните институции.
Дел 223. Поддршка од јавноста при евентуални дејства кои се противат на Уставот за зголемување на ефикасноста во борбата против тероризмот.
Дел 224. Завршеток.
Дел 225. Имунитет доколку се оствари соработка со ФИСА.

Дури и во најпримитивните општества, извесни дејства било да се тие изведени од поединец или од цела група, се сметале за неприфатливи или отфрлени, односно забранети. Овие дејства подразбираат убиство, силување, инцест, киднапирање или предавство (или било каков вид на побуна која негативно се одразува на општествената стабилност на целата заедница и директно се спротиставува на уредувањето на таа дадена заедница). За разлика од тоа, голем број на заедниците воспоставиле сет на дејства кои силно ги поддржуваат и охрабруваат, или дејства кои се допуштени, како што е венчавањето, проширување на семејството, ловот, одгледување на различни прехранбени култури и други дејства чија цел е просперитет и благосостојба за целата племенска заедница.

Тероризмот често спаѓа во оние дејства кои не само што претставуваат злоупотреба на законите, туку и злоупотреба на политиката и начинот на живот на една дадена заедница или племенска организација. Често пати, при прекршувањето на некоја законска регулатива се бара интервенција од надлежно лице кое би извршило увид на недозволеното дело и согласно тоа би извршило граѓанско апсење на лицето кое го злоупотребило законот. Сите овие однесувања се тесно поврзани со начините на кои дадени општествени групи или субкултури одлучуваат да посегнат за да одговорат на дадени неправди кои се вршат спротивно на нивната култура и начинот на живот пропишан според нивните стандарди.

## 2.1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗМОТ

Можеби со преголема леснотија ги употребуваме термините како што се терор, тероризам и терорист, за со нив да објасниме дејства или личности кои со своето однесување ги шокираат граѓаните со јасно определена општествена свест за добро и лошо. Владеењето на теророт кое се случувало во Франција во периодот помеѓу 1792-1794 година од најголем дел учени луѓе се смета дека

е првиот настан кој започнал под едно општо име да се нарекува тероризам. Во текот на таа крвава револуција, сите оние што им се спротиставувале на таканаречените револуционери биле апсени, фрлани во затвор или се соочувале со страшната смрт на гилотина. Многу од овие пресуди се вршеле без претходно судење или покренување на било каков друг вид на правна постапка. Насилниците кои биле членови на револуционерната група сториле сè што било возможно за да ги елиминираат сите оние кои претставувале закана за нивната револуција, па дури и оние кои давале сосема благ отпор против она што тие го застапувале. За таа цел оние кои сметале дека претставуваат потенцијална опасност за револуционерите, со цел да се заштитат, започнале да преземаат сопствени мерки како не би завршиле како жртви на масовниот погром. На 27 јули 1794 година, членовите на Јакобинските дисиденти го убиле Робеспјер и неговиот совет на приврзаници. Владеењето на теророт во кој 40.000 сомнителни (вклучувајќи деца и жени) биле затворени, обесени, или осудени на смрт со гилотина конечно завршило. Меѓутоа концептот на терористичката тактика како дел од политичка стратегија израсна и се издигна токму како производ на оваа крвава епизода.

Од овој крвав почеток, тероризмот и терористичките дејства, се дефинираат како систематско применување на насилство за да се формира и задржи нов политички или религиозен систем. Оваа дефиниција можеби е тешко да се применува во денешно време, во прв ред бидејќи тука не се прави разлика помеѓу тероризмот и другите дејства на агресија кои го употребуваат насилството како споредна компонента, а не како примарна цел на насилно дејствување. На пример, насилството во конвенционалните воени дејствија помеѓу држави за зачувување на националните интереси е природен производ на насилството кое го поттикнало на тој чекор и се смета како оправдано средство. Воените цели и тактики се применуваат како најефикасно средство за да се порази непријателската сила, моралот и волјата за борба при уништување на непријателската војска, тактиките на команда, контрола, комуникација и поддршка. Победата ја одлучуваат моменти како што е бројната состојба на војската, вештина во ракувањето со оружје, стратегијата и тактиката. Насилството во секој случај не претставува примарен фактор или цел во таквите воени дејства.

Професионалните војници (во воени услови) или граѓаните кои се натерани да се предадат или да соработуваат, а притоа да не се физички повредени, се најлогичните и најреалните цели на тероризмот. Останатите жртви можат лесно да се класифицираат според начинот на кој биле повредени или убиени. Џорџ Рози нуди поадекватна дефиниција за тероризмот која повеке би одговарала за нашето време Употреба и/или повторено насилство за поддршка на или против некој авторитет каде насилството се користи за да произведе страв од сличен таков напад во кој како жртви ќе паднат многу невини луѓе за истите тие авторитети да бидат принудени да постапат согласно барањата на терористите[11].

Во рамките на овој збор, со мало очудување од основното значење, дефиницијата имено може да се извлече и по пат на методолошки пристап опишувајќи ја варијацијата на однесувања на терористите побудени од различни мотиви на такви дела. Во исто време, оваа дефиниција останува неутрална од разновидноста на индивидуални закани кои карактеризираат дадена група. Таа може да се однесува на политички тероризам, револуционерен тероризам, државен тероризам, религиозен тероризам, бунтови и многу други подгрупи. Елиминира потреба за укажување на посебен тип на мотивираност како дел од дефиницијата за тероризам и со тоа прави атмосфера дека целокупниот тероризам е всушност политички тероризам. Претставата за атентатор во денешно време всушност е претстава за припадник на државите од Блискиот Исток бомбаш-самоубиец или претставник на асоцијацијата Право на живот или персонал во клиника за киретажа. Ги калкулираат своите дејства со цел да наметнат страв и несигурност кај луѓето, надевајќи се дека со тоа ќе стекнат поголемо влијание без притоа да бидат самите повредени од дејствата кои ги чинат. Сторителите на овие дејства најчесто веруваат дека ваквите драстични мерки би можеле и би требало да приклонат поголема група кон себе, која воедно би ги напуштила стандардните медицински процедури. Секако, овие групи дефинитивно спроведуваат терористички дејства, меѓутоа притоа не мора да се мотивирани од политички причини во поширока смисла на зборот.

[11] Rosie G. International Terrotism: a New Mode of Conflict. Los Angeles: Crescent. 1975

Оваа дефиниција за тероризмот исто така ги исклучува и чиновите на насилство во кои компонента на насилството е инцидентна или пак доаѓа како секундарна мотивација за исполнување на некоја примарна цел од поинаков карактер. Убиството на сопственикот на некаква пилана на пример би можело да претставува примарна цел на некои еколошки екстремисти кои на тој начин сакаат да го елиминираат неговото право на глас во некои одредби кои се косат со нивната кауза. Или пак, како уште поприфатлива причина би било дека тој сопственик можеби силно се противи на воведување на некоја законска регулатива која би одела во корист на целите кои си ги поставиле тие екстремисти како своја кауза. Во таква ситуација, стравот кој таквото убиство би го предизвикало кај народот е без сомнение од второстепено значење за целите на екстремистите во споредба со фактичката елиминација на личноста-соперник. Овој чин поскоро би можел да се нарече убиство или атентат отколку тероризам. Доколку екстремистичката група која го извршила атентатот започне да изнесува сет на барања или да се заканува и на други сопственици па и недолжни граѓани доколку тие барања не се исполнат, тогаш нивните дејства веќе би можеле по сите стандарди да се дефинираат со зборот тероризам.

Јасно е дека етикетирањето на личности или групи како терористи не смее истите тие личности или групи да ги категоризира со термините лудаци, герила, идеологисти или револуционери. Ќе се обидеме да дадеме само еден пример, на пример, сопственик на бакалница кој игра мал фудбал за викенди, донекаде може да се нарече бејзбол играч. Меѓутоа тој не престанал со тоа да биде и бакалин. Членовите на ИРА (Ирска Републиканска Армија), ПЛО (Палестинска Ослободителна Организација), или ЕТА можат да бидат нарекувани борци за слобода како подгрупа во нивниот локален политички систем. Меѓутоа за останатите претставници на тој систем нормално е дека тие ќе бидат терористи. Без некоја цел да се воспостават дефинитивни параметри, овие етикетирања се само предмет на морално вреднување. Доколку личностите кои го прават тоа вреднување не се согласуваат со целите на групите кои посегнале по такви дејства бранејќи некоја кауза во која веруваат, тогаш тие ќе бидат наречени (со некои исклучоци) терористи. Групата етикетирана на тој начин секако веднаш го отфрла тој термин прогласувајќи се за Национална ослободителна војска или Работничка војска или некој друг

сличен термин. Општиот заклучок е дека терористичка група нема никаков легитимитет и согласно тоа нивните цели немаат никаква валидност. Тогаш етикетата терорист станува подбивен термин и на тој начин ги спречува сите легитимни жалби кои доаѓаат од страна на дадена група. За да се разбере феноменот на тероризмот, секој еден мора внимателно да ги разгледа сите елементи кои го сочинуваат тероризмот како појава и потоа да се запраша: Која би била најадекватната дефиниција? Оттука се доаѓа до еден општ консензус на универзална дефиниција за тероризмот која предизвика многу дебати во општествените науки. Јасно е дека ниедна од постоечките дефиниции не е доволна да го објасни секој терорист или сите терористички дела. Исто така е јасно дека нема унифицирана дефиниција за терористи или терористички ситуации.

Очигледно е дека тероризмот претставува специфичен вид на насилство. Тоа е тактика употребена за многу ситуации, како на пример: мир, конфликт, дури и војна. Заканата од тероризмот може да биде присутна секогаш и насекаде и еден масивен напад како што е случајот со Трговскиот центар на 11ти септември може да се случи и во најнеочекуван момент. Терористички напад, токму како оној на 11ти септември, веќе се има случено на многу места и токму таков инцидент може да претставува преод од мирен соживот до конфликт - или војна. Спречување на тероризмот е фактор кој мора да постои во сите воени планови и операции. Така, за да се спречи тероризмот потребно е континуирано работење на разузнавачките служби и нивно будно набљудување на теренот и тоа треба да биде секојдневна пракса, а не како до неодамна, само дел од воена операција. Тероризмот воедно претставува и криминална повреда во поглед на сите национални и меѓународни правни кодекси. Со мали исклучоци терористичките дејства се забранети во војна - како што се всушност забранети и во време на мир.

### 2.1.1 НЕКОЛКУ ПРИСТАПИ ЗА ДЕФИНИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗМОТ

Во прилог на веќе разгледаните дефиниции, следните неколку дефиниции исто така на своевиден начин го објаснуваат тероризмот.

Едноставна - Насилство или закана со насилство за да произведе страв или да направи некаква промена

Правна - Криминално насилство кое ги нарушува правните кодекси казниви со закон

Аналитичка - Специфичен политички и/или општествен фактор позади индивидуален чин на насилство

Пропагандна - Националистички или други групи кои се обучувани да ги напаѓаат западните земји или други слични интереси

Државна - Моќта на една влада употребена да репресира еден народ додека истиот не се предаде

Во неговата книга, Политички тероризам (1983), Алекс Шмит испитал 100 учени луѓе и експерти на тоа поле и ги прашал за нивните дефиниции за тероризмот. Оваа анализа довела до две константни карактеристики (1) закана за поединецот и (2) значењето на терористичкото дејство може да се извлече од изборот на целта и жртвите. Анализата на Шмит доведе до заклучок дека следните елементи се заеднички на сите 100 дефиниции[12]:

- Тероризмот како апстрактен концепт без вистинска суштина
- Една дефиниција не може да ги покрие сите појави на тероризмот како чин
- Многу различни дефиниции често содржат заеднички елементи
- Значењето на тероризмот произлегува од жртвите или целите.

Сторителите на терористичките дела можеби цврсто веруваат во својата цел дека таа е алтруистичка и дека води до подобрување на општеството. Во делото на Брус Хофман, Суштината на тероризмот (1998) тој тврди дека терористот во основа е фундаменталистички интелектуалец кој е подготвен да употреби и секако, кој е обврзан да употреби сила во обидот за остварување на својата цел. Хофман[13] исто така додава дека со одвојувањето на терористите од другите видови, како што се силеџиите и обичните криминалци, тероризмот го определуваме како:

- Првенствено политички - според целите и мотивите
- Насилен - кој се заканува со насилство

[12] Schmid A.P. et al. Political Terrorism: A New Guide to Actors, Authors, Concepts, Data, Bases, Theories and Literature. 1988

[13] Hoffman B. Inside Terrorism: Revised and Expanded Edition. Columbia University Press. 2006

- Организиран - да има далекусежни психолошки реперкусии, не само фактичките жртви и целни објекти
- Воден од организација со добро утврдена хиерархија или пак конспиративна ќелија со мал број на луѓе (чиишто членови не носат униформи и немаат знак на јавно распознавање) и
- Изведувани од малцинска група или недржавотворен ентитет.

Кога еднаш ќе прифатиме дека тероризмот е средство за да се постигне одредена цел - ништо повеќе и ништо помалку - можеме да го гледаме терминот како настан, без вклучување на морално верување или општествено-политички бесмислици. Оперативците на ПЛО се само терористи и ништо повеќе. Меѓутоа фактот што сами се спротиставиле, не значи дека нивните цели и стремежи се без реална причина и дека немаат валидност. Членовите на ИРА можеби се нарекуваат борци за слобода, меѓутоа тие исто така мора да признаат дека во нивните методи за постигнување на нивната цел дејствуваат како терористи.

Многу е полесно да се сочува долгогодишниот режим, изгласан на непосредни избори (дури и диктаторскиот, религиозниот или ројалистичкиот) и тој да биде легитимен, отколку да се признае дека одреден број на поединци со гледишта поинакви од оние на мнозинството би можеле да ја заслужат истата класификација на легитимност. Ова посебно се однесува на оние поединци кои користат такви методи со кои предизвикуваат морално несогласување против санкционираниот легитимен целен објект, како што е владата. Кога непријател како етикета ќе му се наметне на оној кој не го поддржува ставот на мнозинството тогаш ситуацијата станува далеку посериозна, уште повеке затоа што агресорите често посегнуваат по насилството како средство за постигнување на нивната цел. Со самото тоа што не носат униформа која би ги идентификувала на некој начин, тие користат оружје кое дури и не мораат рачно да го активираат (на пример, бомби во поштенско сандаче, поставување на бомба во автомобили, бомби со временско активирање). Или пак, непознати агресори кои убиваат непознати жртви за чиешто убиство нема никакви претходни најави и истото се утврдува дури отпосле.

Секако, секогаш има некои индикации, дури и кога целите се прифатливи непријатели во очите на многу набљудувачи. На пример, на употребата на насилство со цел да се собори веќе паднатиот режим во Советските републики,

многу поволно се перцепира од западната јавност, дури и кога тие напади по многу карактеристики можат да се идентификуваат како терористички. Меѓутоа, доколку природата на таквите напади се сложува со некои непишани правила, кои се широко прифатени, границите на прифатливост и на фер игра имаат тенденција да се поместат, па и да се променат. Рушењето на рускиот воен хелихоптер од една група на чешки дисиденти на пример многу е веројатно дека ќе биде интерпретиран (освен од руските приврзеници) како прифатлив чин отколку чинот кога ПЛО го сруши авионот за превоз на патници. Намерниот масакр на вооружени војници во заседа е полесно прифатлив отколку масакрот на мали деца. Значи, фер игра за терористите и дисидентите може да се објасни со следното:

• воен персонал
• владини службеници и
• цивили кои на никој начин не се поврзани со уредувањето против кое се бори терористот

Истата оваа листа може да ги содржи и основите на избор на жртви за секоја воена офанзива. Од друга страна, терористичката група може да го смета следниот редослед како прифатлив за максимален напад:

• цивили кои на никој начин не се поврзани со уредувањето против кое се бори терористот
• владини службеници и
• воен персонал

Вториот, на прв поглед, нелогичен редослед е еден од најлогичните за терористите бидејќи најголем страв и несигурност може да се генерира од нападите на цивилно население. Ваквиот приоритет јасно дава до знаење на широката јавност дека режимот којшто е цел на нападите очигледно не е во состојба да го заштити своето население. Ваквите дејства се генерално најприфатлива техника за терористичките групи, наместо да се обидуваат да докажат дека режимот не може да се заштити самиот себе си. Терористичките групи се обидуваат да создадат немир кај јавноста со цел да го одржат потребното количество на паника, страв и бес насочен кон владините институции.

Така, треба да се разбере дека иако стратегиите за унифицирање на тероризмот како појава значително се измениле од минатите векови во

методите и во остварувањето, сепак примарната цел и причина на терористот во основа останале исти, односно:

- да се привлече внимание кон некои стремежи или каузи преку дејства или дејство кои ќе предизвикаат шок кај јавноста
- да се употребат медиумите како моќно средство кое успешно ќе ја пренесе приказната за тие дејства и ќе и даде глобални размери
- да се добие реакција од јавноста преку создавање на страв и немир, и
- да се иницира промена и да се дестабилизира противникот преку закана од понатамошни акции се додека нивните барања не се разгледаат и прифатат како такви.

Пред четврт век, Џенкинс аргументираше дека.... Тероризмот е театар, што значи терористите не сакаат многу мртовци...тие сакаат многу луѓе кои ќе слушаат и гледаат[14] Во последните години ова тврдење изгуби нешто од своето првенствено значење. Оваа перцепција се применувала со векови - од неколкуте селани кои стоеле и гледале додека терористите дејствувале, па се до денешното медиумско презентирање со помош на телевизијата кое директно впловува со сите информации во милиони домови. Ретко се случува некој да слуша со заинтересираност за варварските чинови кои секој ден се случуваат во земјите од Третиот свет како што се Руанда, Конго, Зимбабве, Бурма или Судан, а кои редовно се прикажуваат на вечерните вести. Меѓутоа доколку неколкумина вооружени луѓе заземат комерцијален лет со 150 до 300 патници од некоја од западните високо развиени земји, веднаш се отпочнува огромна медиумска кампања каде што внимателно се слушаат барањата на терористите и се вршат масовни телевизиски преноси се до завршувањето на мачната епизода.

Оваа глава само што ја започнува нашата студија за појавата која ние едноставно ја нарекуваме тероризам и ја разгледува тешкотијата при утврдувањето што всушност овој поим значи. Џорџ Рози[15] понатаму ја потенцира оваа дилема дека Тероризмот е комплексен, мултилатерален и често двосмислен поим. Организациите кои се бават со него имаат начини да се појават одеднаш, да дејствуваат, да исчезнат и повторно да се појават, што за обичен човек претставува потешкотија да го следи овој феномен.

[14] Jenkins B. M. International Terrorism: A New Kind of Warfare. RAND Corporation. 1974
[15] Rosie G. International Terrotism: a New Mode of Conflict. Los Angeles: Crescent. 1975

Поединците доаѓаат и си одат, некогаш доспеваат до затвор, умираат, се кријат или едноставно ги снемува. Бирократијата која се бори против насилството исто така поминува низ трансформации - се формира, имињата се менуваат, водачите се распрскуваат на задачи, добиваат повисок чин, или го губат истиот, принудени се да се повлечат од службата или да се пензионираат. Инциденти се случуваат насекаде низ светот, некои од нив успеваат да повлечат верижна реакција која може и да го дестабилизира целиот регион и да ги доведе и народот и владите на раб на пропаст. Во исто време, најголемите терористички дејства можат да предизвикаат краток шок и потоа брзо да бидат заборавени (освен оние кои се директно поврзани со неизбежни трагедии). Се потпишуваат спогодби, се развиваат теории, се дискутираат тактики, некои од нив и покажуваат извесна ефикасност при примена, меѓутоа, глобално гледано, воглавно без практично значење. Каузите на терористите се дискутираат во средствата за јавно информирање за потоа брзо да се надминат, се до случувањето на следниот напад или до киднапирањето на следниот авион.

Во секој случај ние го продолжуваме нашето проучување за тоа што е тероризмот (и што тој не е), со некои општо прифатени дефиниции. Терористичките дејства содржат емотивни елементи најчесто преку жртвите (оние кои се подложени на директно насилство и оние кои претрпеле страв), како и оние кои биле директни учесници. Дури и владата на САД не може да се сложи околу една дефиниција. Во продолжение ќе наведеме дефиниции кои се едни од најприфатените во врска со тероризмот.

- Тероризмот е употреба или закана за употреба на сила наменета да донесе политичка промена - Брајан Џенкинс[16]
- Тероризмот се состои од незаконска употреба на сила за да се постигне политичка цел кога жртви се невино население - Валтер Лакер[17]
- Тероризмот е однапред смислен, намерен чин, системски планирано убиство, осакатување и заканување на невино население за да се создаде страв и заплашување за да се добие политичка или стратешка предност, обично за да се привлече вниманието на јавноста - Џејмс М. Поланд[18]

---

[16] Jenkins B. M. International Terrorism: A New Kind of Warfare. RAND Corporation. 1974
[17] Laqueur W. The Age of Terrorism. 1987.
[18] Poland J. M. Understanding Terrorism. New Jersey: Hall Inc. 1988

- Тероризмот е незаконска употреба на насилство насочено кон личности или имот за да се заплаши одредена власт за постигнување на некои политички или општествени цели. Најчесто се употребува за да се заплаши одредена власт, поединци или групи, или да се модифицира нивното однесување или политика - Потретседател на Воените Сили на САД, 1986 година
- Тероризмот е противзаконска употреба на сила и насилство насочено против личности или имот за да се заплаши и уцени власта, цивилното население, или некој друг општествен сегмент за да се постигнат некои политички или општествени цели - дефиниција на ФБИ[19]
- Калкулирана употреба на насилство или закана за употреба на насилство за да се предизвика страв, наменето со цел да се заплашат и уценат дадени влади или општества со цел да се постигнат одредени цели кои се главно од политички, религиозен или идеолошки карактер - дефиниција на Министерството за одбрана на САД.

## 2.1.2 КОНСТРУКЦИЈАТА НА ФБИ

ФБИ се чини дека има развиено доста добар концепт во врска со значењето на тероризмот и кои дејства би требало да се сметаат како терористички во Соединетите Американски Држави. Поимот подразбира активности кои се или спонзорирани или поттикнати од некоја надворешна сила и тоа:

а. Кои вклучуваат чин на насилство и се опасни по човечките животи и кои претставуваат криминален чин подеднакво и за законите на Соединетите Држави и за сите други земји, или претставуваат нарушување на криминалните закони и доколку се изведат под јурисдикција на Соединетите Држави или било која друга земја.

б. Се чини дека се насочени за следното:

- да го заплашат и растревожат цивилното население
- да извршат влијание врз полицијата и владата по пат на заплашување и уцена

[19] https://www.fbi.gov/ пристапено на 01.12.2019

- да ја приклонат владата на таа држава да ги прифати нивните барања по пат на киднапирање или атентат

в. Се случуваат надвор од границите на Соединетите Држави, или воопшто тие дејствија се извршуваат надвор од било каква конкретна држава како цел, а личностите кои ги изведуваат тие дејства би можеле да имаат за цел општо заплашување и уцена, со цел да добијат азил во државата во која генерално оперираат.

Истрагите кои се водат за да се уништи тероризмот достигнуваат размери и надвор од домицилната граница, вклучуваат испитување на жртвите од тие дејства, собирање на секаков вид на докази и пронаоѓање на бегалци кои некогаш биле членови на терористичките групи. ФБИ ги координира сите истраги во целиот свет и потоа ги сублимира истите поврзувајќи го Стејт Департментот на САД со дадена држава која во тој момент е засегната по тоа прашање.

### 2.1.3. МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА САД И НЕГОВИТЕ ВИДУВАЊА

Кристофер Г. Есиг, со седиште во Обединетите нации, цитирајки од своето дело „Тероризам“, го поставува прашањето: Дали тој претставува криминален или воен чин?[20] Ова прашање се дискутираше во многу наврати на Военииот колеџ во Карлајл, Пенсилванија, како и неговото влијание врз националната безбедност во 21 век, меѓутоа пак не успеале да најдат една единствена идентификација со која би ги покриле сите терористички дејства, ниту пак сите воени дејства, ниту пак сите криминални дејства. Во пресрет на терористичките напади за кои веќе се претпоставува дека ја загрозуваат човечката безбедност, како и опстанокот на нацијата (катастрофален терор), оваа детерминација е помалку правна или повеќе академска вежба или попрактично кажано како оваа детерминација би можела практично да се аплицира во дадени услови (законски или национална безбедност?), за да се одговори на заканата. Поважно е да се објасни како одговорот на таквите дејства најдобро ќе го заштити народот и нашиот статус во светски рамки. Катастрофалниот терор кој би се спречувал само со примена на законот

[20] Essig C.G. Terrorism: Criminal Act or Act of War Implications for National Security in the 21st Century. 2001

претставува несигурна и опасна опција. Сепак, ако се помисли на промена на стратешките елементи, доколку се врати со воена интервенција, во класична правна смисла, би бил еднакво непрактичен потег. Па така, мора да биде разработена и прифатена нова детерминација која би ги имала истите елементи како воената интервенција и во домашни и во меѓународни рамки, која би ги содржела сите правни опции и би претставувала синтеза на примената на законските мерки и на мерките на националната безбедност. Таквата слобода на дејствување ќе придонесе за поефикасно соочување со заканата наречена тероризам и ќе создаде попрофесионална национална безбедност во 21 век.

Тероризмот, како што Министерството понатаму го дефинира, најчесто се состои од однапред планирани дејства, како и тоа дека изборот на целните објекти и жртвите е однапред направен. Сторителите однапред го знаат ефектот кој ќе го предизвикаат со таквиот чин. Терористичкото насилство не е ниту спонтано ниту пак се применува по случаен избор. Тероризмот има за цел да предизвика страв кај некој друг, а не кај жртвата која ја користи како непосредно средство. Кажано со лаички зборови, тероризмот е психолошки чин наменет првенствено да остави впечаток кај јавноста. Совршено е јасно дека нападите на 11ти септември беа однапред испланирани и дека терористите знаеја многу добро што прават, меѓутоа сето тоа се покажа како контрапродуктивно - заспаниот џин се разбуди.

Дефиницијата на Министерството исто така се однесува и на целите. Тероризмот може да биде мотивиран од политички, религиозни или идеолошки причини. Од една страна, целите на терористите се несомнено политички обоени - екстремистите се претежно мотивирани од религиозни или идеолошки побуди и обично бараат некоја политичка сила за да го принудат глобалното општествено уредување во светот да ги прифати нивните барања. Целите кои стојат зад извршувањето на било кое терирористичко дејство јасно го одвојуваат тој чин од просто криминално насилство. Во секој случај, дефиницијата допушта употреба на насилство во организираниот криминал кога тоа насилство има за цел на некој начин да изврши влијание врз официјалната политика на власта. Некои нарко картели и други меѓународни криминални организации исто така бараат полициска интервенција кога нивните дејства влијаат на функционирањето на власта. Како што претходно споменавме,

суштината на тероризмот е да предизвика страв кај некои личности кои не се директни жртви со цел власта или некој друг официјален орган да го смени својот став по некое прашање.

Тероризмот често се применува и во бунтовите, меѓутоа бунтовниците по правило не се терористи, посебно доколку ги следат правилата на војната и не употребуваат дејства кои би можеле да се протолкуваат како терористички чин. Додека легалната дистинкција е јасна, таа за жал ретко практично може да се аплицира, затоа што терористите всушност веруваат дека нивните мотиви и дејства се оправдани од некоја повисока сила или принцип. Слепата оддаденост на целта, без оглед како тоа изгледа во нормални рамки, не остава многу простор да се верува дека правните санкции кои следат за извршување на такво дело би биле којзнае колку ефикасни. За разлика од тероризмот, војната е сет на правила пропишани во меѓународното право. Од друга страна, терористите не признаваат правила. Ниеден човек, место или предмет не е имун од можен терористички напад. За нив, не постојат невини.

## 2.2 СТРУКТУРИ НА ТЕРОРИСТИЧКИ ГРУПИ

Терористите обично се организираат насекаде во светот на начини кои им овозможуваат да функционираат добро во специфични услови во кои се наоѓаат и кои ќе им овозможат успешно спроведување на дејствата кои ги зацртале да ги спроведат. Сега ќе дискутираме за некои основни принципи на нивна организираност кои до некаде ќе нѝ го разјаснат нивниот начин на размислување. Пред сè, најважната работа за еден терорист е апсолутна безбедност. Се поставува прашањето - зошто? Зошто секогаш функционираат во непријателска атмосфера!

Не е важно дали терористите се наоѓаат во Европа, Јапонија па и во Соединетите Држави - каде и да се, тие се на непријателска територија. Нивната сигурност и безбедност најдобро е загарантирана во она што популарно се нарекува келиската структура. Ова е најважно да се запомни бидејќи таа структура им дава предност, ниту еден од нив да не може да идентификува други терористи кои не се наоѓаат во таа келија. Тоа е како еден вид на сигурносна мрежа помеѓу нив. Терористичките групи - оние зад кои не стои некоја држава - секогаш создаваат таканаречена мрежа од симпатизери,

или луѓе кои им се приклучиле и се обврзале да ги поддржуваат и да им помагаат од различни причини.

Ваков систем на јатаци може да биде активен или пасивен. Со тоа, подразбираме поткажувачи, регрутирање, финансиска поддршка, логистичка поддршка, делење на пропаганден материјал, или уште полошо - да се натера млад човек, преку „перење на мозок“, во самоубиствена мисија да загине активирајќи експлозив кој се наоѓа на него за да уништи некаков целен објект. Ова е без сомнение ужасно, меѓутоа претставува реалност во светот на тероризмот, како и употреба на жени и деца како заложници во многу такви операции. Тоа е всушност начинот на живот на терористите и така функционира тероризмот насекаде во светот.

## 2.3 ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТЕРОРИСТИТЕ

Какви особини треба да бара еден терористички водач при изборот на оние кои ќе го следат во мисиите? Тешко е да се даде унифициран и едноставен одговор на ова прашање. Како и да е, извесни карактеристики ги одвојуваат оние терористи кои го претставуваат јадрото на терористичката организација од оние кои вршат периферни активности или се само придружни елементи при извршување на некоја акција.

Како прво, тие мора страствено да веруваат во оправданоста на нивната цел. Оваа карактеристика е најважна во однос на сите други, бидејќи таа предизвикува мотивирачки фактор за сите понатамошни акции кои се преземаат во нејзино име.

Второ, тие мора да поседуваат инстинкт за убивање, со други зборови способност да убијат, не од бес, не заради моментално замрачување на свеста, не во некава битка или борба, туку во секое време, ладнокрвно и пресметано - и без понатамошно чувство на грижа на совест или пак чувство на милост и сожалување кон определената жртва.

Трето, мора да поседуваат способност да дејствуваат самостојно, доколку околностите тоа го бараат од нив, иако во нивниот приватен живот можеби и не се навикнати да живеат како волци самотници. Членови на регуларна војска, бунтовници или членови на герилски организации, вежбаат, живеат и дејствуваат заедно. Тие обично функционираат во групи, иако

постојат околности кога некој од нив или пак сите се принудени да дејствуваат самостојно и каде што некој поединец мора да заврши определена задача сам. За разлика од нив, во терористичките организации, терористите вежбаат и се подготвуваат заедно, повремено живеат во група, меѓутоа најчесто нивните членови дејствуваат самостојно доколку не бидат ангажирани за специфични операции, како што е на пример насилно заземање на авион или пак киднапирање, каде што се бара групна работа[21].

Во околу 40 проценти од терористичките инциденти кои се пријавуваат на годишно ниво, терористите дејствуваат како поединци, при случаи на атентати, снајперски напади, фрлање на рачни гранати, поставување на експлозиви, самоубиствени бомбашки напади и многу други примери. Значи, задачата на секој еден од нив како поединец бара голема физичка и психичка храброст и способност за самостојна проценка и уште поголема посветеност и лојалност, отколку кај оние кои функционираат во групи.

Четврто, тие мора да поседуваат огромен процент на психичка храброст и подготвеност, затоа што терористот не ризикува само да биде убиен, туку и многу други полоши работи, како на пример, можноста да биде затворен, физички малтретиран и да помине долго време па дури и цел живот во затвор, доколку биде фатен.

Развојот на државната бирократија донесе големи промени и во суштината на тероризмот како појава. Модерните демократски општества поседуваат континуитет кој минатите кралски, религиозни или наследени општества го немаат. Терористите многу брзо сфатија дека смртта на само еден поединец, па дури и да се работи за монарх, не мора да има некое пресудно влијание за да допринесе до промена на политиката на таа земја. Заради тоа, терористите започнаа да прибегнуваат кон пософистицирани методи при изведување на своите напади. Во првите години на дваесеттиот век, терористите започнаа да напаѓаат луѓе кои најпрво се сметале за недолжни за да извршат политички притисок врз јавноста. Овие индиректни напади успеале да создадат мачна атмосфера на непријатност кај јавноста, страв, како и недоверба кон институциите на државата. Брзите и ненајавени напади за владините институции претставуваа невозможна мисија за ефикасно

[21] Види повеќе во Котовчевски М. Национална Безбедност на Република Македонија прв дел. Македонска цивилизација. Скопје. 2000

разрешување. Јавноста започна да бара помош и заштита, онаа што мислеше дека државата не е во состојба да ја гарантира. Фрустрирани и исплашени, луѓето бараа од државата да ги ослободува терористите како тие би престанале со таквите напади.

Модерното терористичко однесување и филозофија им нуди на своите применувачи многу предности. Прво, со тоа што за нив не постојат недолжни луѓе, терористите се слободни да напаѓаат неброено многу жртви. Тие можат да ја одберат жртвата како една од многуте и да одлучат кога, каде и како ќе ја нападнат. Изборот им дава и висок процент на можност за успешно завршена мисија со минимален ризик. Ако нешто тргне наопаку, или не ги постигне очекуваните резултати, терористите едноставно ја негираат одговорноста за тие напади.

Иронично, но како што демократските општества стануваат повообичаени, за терористите доаѓаат златните времиња. Првиот бомбашки напад од страна на терористите извршен на Светскиот трговски центар во Њујорк, мешаницата во Федералната зграда на Оклахома Сити, двете американски Амбасади кои беа бомбардирани во Кенија и Танзанија и самоубиствената мисија во американската база Кол во Јемен – сите тие беа показатели кои не беа меѓусебно поврзани и кои кулминираа со нападот на Светскиот трговски центар на 11ти септември. Сите овие маркери докажаа колку им е всушност лесно на терористите да дејствуваат во либерално и демократско општество. Автократските општества, чијашто популација можеби има и реални причини да се побуни, исто така мора да бидат непристрасни во светскиот бран за осуда на тероризмот.

Како што лидерите и политичарите го перцепираат тероризмот, тие мора да ги земат предвид и следните карактеристики:

(1) Секој еден може да биде жртва (некои терористи сè уште дејствуваат под извесни културни придобивки, како што е и фактот дека избегнуваат да повредат жени, меѓутоа во основа сите се придржуваат кон паролата дека за нив нема недолжни).

(2) Нападите може да се чинат неповрзани и инцидентни меѓутоа во основа воопшто не се такви. За сторителите тие имаат јасна и одредена цел. Акциите како што се самоубиствените бомбашки напади на јавни места или пукање во преполни ресторани се дејства кои имаат јасна цел да создадат

јавен страв и несигурност. Тоа се секогаш непосредните целни објекти на терористите.

(3) Членот на некоја терористичка група мора да го обзнани нападот на некој начин. Ако никој не дознае за него, нема да го предизвика саканиот страв и нема да се изврши саканиот притисок врз власта. Потребата од публицитет често го условува и изборот на целни објекти - колку што е поголема симболичната вредност на објектот, толку е поголем публицитетот кој го следи тој напад и поголем е и стравот кој се предизвикува. Медиумите често ја даваат потребната ноторност, важност и интернационалност на нападите - токму она што самите терористи и го имаат како цел за даден напад.

(4) Било какво планирање за изнаоѓање на ефикасни начини за сузбивање на тероризмот мора прво да има предвид дека ништо не може да ја заштити секоја можна жртва во секое време. Јасно е дека терористите можат едноставно во последен момент да ја променат тактиката и да се ориентираат од подобро чувани на помалку добро чувани целни објекти и повторно да ја постигнат истата цел. Ова е клучот на сите мерки за одбрана од тероризмот.

## 2.4 МОТИВАЦИЈА НА ТЕРОРИСТИТЕ

Терористите се водени од многу различни мотиви. Тие мотиви можат дури и грубо да се класифицираат во три категории, и тоа: рационални, психолошки и културни. Многу комбинации и варијации на овие фактори можат да го обликуваат мотивот на еден терорист. Рационалните терористи мислат преку своите цели и стремежи, па често водат еден вид на анализа на штетата/корисата која би ја донеле очекуваните резултати. Тие бараат информации околу тоа дали постојат помалку штетни, а сепак ефикасни начини за постигнување на нивните индивидуални или групни цели. За да се намали ризикот, тие внимателно ги проучуваат одбранбените капацитети на објектот и ги споредуваат со своите капацитети за напад за успешно завршена мисија. Исто така, тие ги анализираат и способностите и можностите за изведување на такво дејство на ниво на целата терористичка група. Суштинското прашање тука е дали нападот ќе успее да ја постигне саканата цел, земајќи ги предвид сите општествени услови во тој момент. Рационалната анализа на оваа категорија на терористи е слична на онаа која би ја направил и некој воен

стратег или сопственик на големо претпријатие анализирајки ги сите расположиви ресурси или текови на настаните. Терористичките групи секогаш си го поставуваат истото прашање: Можат ли терористичките дела да предизвикаат доволно количество на немир за да се постигне зададената цел без притоа да се создаде повратна реакција која можеби негативно би се одразила и на самата група? Да се даде погрешен одговор на тоа прашање е еднакво на тоа да се предизвика катастрофа. Во случај на нападите од 11ти Септември, тие предизвикаа повратна реакција која сега е позната под името кое можеби е малку дескриптивно, но е практично апликативно и се нарекува војна против тероризмот. Психолошките мотивации заради кои се прибегнува кон тероризам обично потекнуваат од терористички организации или поединци кои се длабоко незадоволни од својот живот и своите достигнувања. Поединците наоѓаат причина да се вклучат во редовите на некоја терористичка организација. Иако поимот психопатија обично не се поврзува со терминот терорист, постои еден универзален елемент поради кој тие самите имаат тенденција да се нарекуваат себеси вистински верници. Терористите речиси никогаш не помислуваат дека нивните постапки можеби не се добри, или пак дека погледот на живот на останатите би можел да биде поправилен од нивните зацртани цели. Напротив, тие имаат тенденција своите ставови и анти-општествени однесувања и мотивации да ги наметнат врз останатите, како единствени правилни. Па така, сè што се проповеда надвор од рамките на нивната група го сметаат за лошо и погрешно. Заради тоа на своите жртви гледаат ладнокрвно и без предумисла одат кон постигнување на својата цел на секаков можен начин. Јасноста на нивната мисија ги ослободува од секакво двоумење при употреба на насилство за да се ослободат од постојаниот гнев кој го носат во себе.

Друга заедничка карактеристика на психолошки мотивираните терористи е очајничката потреба да припаѓаат на некоја група која мисли исто како нив. Кај некои терористи, групното прифаќање е многу посилен мотиватор отколку самите цели кои ги застапува таа организација. Ваквите поединци го дефинираат нивниот општествен статус преку нивно прифаќање во групата.

Терористичките групи со силни внатрешни мотиви сметаат за потребно постојано да ја потврдуваат оправданоста за постоењето на таа организација. Групата мора постојано да се докажува со извршување на некаков насилен акт

за да ја одржи самодовербата и самопочитта на целата група. Друг резултат од психолошката мотивираност е интензитетот на динамиката во групата помеѓу членовите-терористи. Тие сакаат секогаш да бидат едногласни и не толерирааат поинакви мислења од страна на членовите. Со јасно одредениот непријател за кој е едногласно решено дека е зол и неправеден, притисокот да се дојде до општа ескалација во редовите на самата група е константно присутен. Потребата да се биде во групата не остава простор за нејзино напуштање и стравот од компромис ги тера на прифаќање - компромисот обично се одбива како опција. Терористичките групи застапуваат нефлексибилен став кон сè. Со тоа што се ставаат себеси над средината, засекогаш неприфатени од постоечкото друштво, тие не смеат да си дозволат никакви компромиси. Секакви преговори би биле против нивната чест, дури би се сметале и за предавство.

Ваквата динамика на некој начин и ја спречува групата во успешно остварување на своите цели. По дефиниција, група која што успеала да ги постигне своите цели не е повеќе потребна како таква. Како резултат на тоа, успешното завршување на мисијата, негативно би се одразило на психата на членовите. Заради тоа, кога терористичката група се приближува кон остварувањето на своите цели, неа одеднаш ја снемува и некое време таа престанува да дејствува. Во меѓувреме, таа врши рекапитулација на веќе постигнатото и започнува да ги вреднува придобивките како лажни и непотполни или пак ја напаѓа лицемерноста на оние кои со едно име ги нарекува „нив". Терористичките групи исто така страдаат и од страв од успех. Ефикасна психолошка одбрана против успехот е да ги постави своите цели на толку нереална основа што нивното евентуално исплонување би се граничело со реалноста. Дури светот и да ги прогласи нивните барања за основани, терористите ќе пронајдат оправдување да ги негираат и да ги отфрлат. Културните концепти исто така ги обликуваат вредностите и ги мотивираат луѓето да прибегнат кон дејства кои се чинат неразумни за обичните набљудувачи. На пример, американците се често неволни да го признаат интензивното влијание кое културните фактори го имаат врз однесувањето на луѓето. Тие многу често го прифаќаат митот дека разумното однесување ги води сите постапки на луѓето. Лесно е да се отфрли како неверојатно нешто како одмазда, маченишство, самоубиствени бомбашки напади и

автодеструктивна група кога американците ги гледаат овие однесувања кај другите. Постои општо неверување дека нештата како деструкцијата на една држава која е добра за живеење може да биде дестабилизирана заради концепти како што е етничко чистење, посебно кога засегнатата држава станува економски или политички нестабилна.

Односот кон животот воопшто и животот на поединецот конкретно, е културна карактеристика која има огромно влијание на тероризмот. Во општества каде што луѓето се идентификуваат преку група (семејство, клан, или племе) постои огромен степен на подготвеност за саможртвување каков што не се среќава во модерните општества. Напати, терористите се чини дека се подготвени во секое време да ги дадат своите животи за организацијата или за каузата. Животите на другите, непознатите кои по нивниот систем на вреднување на луѓето се лоши и зли, можат слободно да бидат елиминирани без никакво чувство на сожалување. Другите фактори вклучуваат начин на кој се канализира насилството и концептите во дадената општествена организација. Во многу политички системи постојат ефикасни, ненасилни средства за добивање на моќ. Културата може да има висок степен на толеранција за неполитичкото насилство, како што е бандитството или етничките борби и да остане релативно подалеку од политичко насилство. Соединетите Држави на пример, се едни од општествата со висок степен на насилство, па сепак сето тоа се држи надвор од опсегот на политичкиот систем на делување. За разлика од нив, и Франција и Германија имаат низок степен на толеранција на насилството, па сепак имаат долга историја со примери за политичко насилство.

Најглоемата културолошка одредба на тероризмот е перцепцијата на аутсајдери и исчекување нивните долго очекувани етнички идеали да бидат реализирани преку терористичка организација. Стравот од културолошкото разблажување или истребување доведува до насилство, кое за некој кој не го искусил се чини неразбирливо. Сите човечки суштества се чувствителни на закани по нивните лични вредности и верувања, кои ги идентификуваат како единка. Тоа се јазикот, религијата, племенското, расното или било кое друго уредување во рамките на нивната заедница, како и чувството за родната грутка.

Можноста да се изгуби било што од овие елементи може да предизвика одбранбени па дури и ксенофобични реакции[22].

Религијата претставува најсилен од сите други културолошки аспекти зошто во себе содржи вредности и верувања кои се длабоко вкоренети во долгогодишната културолошка парадигма на еден народ. Заканата за слободно практикување на една религија за еден народ претставува негирање не само на сегашноста туку му го доведува во прашање и целокупното негово постоење низ минатото, сегашноста и иднината. Многу религии, вклучувајки го и христијанството и исламот, се толку убедени дека се апсолутно во право што често применуваат сила во убедување на другите или елиминација на неверниците. Тероризмот во име на религијата може посебно да биде насилен и за него ќе зборуваме повеќе во Глава 3. Како и сите терористи, така и оние кои се мотивирани од религиозни побуди ги гледаат своите дела како морално исправни дури и божји. Она што во други услови би било очајнички чин станува верска должност во свеста на верски мотивираниот терорист. Ова го објаснува високиот степен на посветеност помеѓу религиозните екстремистички групи и самоубиствените бомбашки напади и нивната подготвеност да го жртвуваат сопствениот живот за таа цел.

## 2.5 ТЕРОРИЗМОТ КАКО КРИМИНАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ

Широкиот дијапазон на насилно однесување кое најчесто се нарекува тероризам многу тешко, речиси невозможно може да се дефинира на едноставен и единствен начин. Постојат специфични дејства кои го нарушуваат таквиот континуум на тој начин што понекогаш е тешко да се направи јасна дистинкција помеѓу криминални дејства и терористички напади. Некои таканаречени терористички дејства се толку специфични и локални што е тешко да се подведат под оние за борба за големи цели. Сега ќе разгледаме некои од нив, кои што го карактеризираат насилството и теророт на дваесет и првиот век.

[22] Види повеќе во Котовчевски М. Национална Безбедност на Република Македонија втор дел. Македонска цивилизација. Скопје. 2000

## 3. ТЕРОРИСТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ НА БАЛКАНОТ И БЛИСКИОТ ИСТОК

### 3.1. ТЕРОРИСТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ НА БАЛКАНОТ И НИВНО ДЕЛУВАЊЕ

Во Европа, позначајни терористички организации се: „Црвената армија“ во Германија, „ИРА“ во Северна Ирска, „ЕТА“ во Шпанија, „Директна акција“ во Велика Британија итн.

На Балканот познати се следните паравоени терористички организации:

- Србија - паравоената организација на озогласениот Аркан позната под името “Араканови тигри” во период на распаѓањето на Југославија 1991 година;
- Косово – UÇK односно ОВК (Ослободителна војска на Косово) 1999 година:
- Босна и Херцоговина – Авганистанските мухаџедини кои војуваа против безбедносните сили во период на распаѓањето на Југославија1991 година;
- Република Македонија – ОНА (Ослободителна народна армија) воениот конфликт од 2001 година.

#### 3.1.1. „АНА”

Кога се во прашање терористичките структури и нивната способност за изведување на терористички напади на територијата на РСМ, од аспект на информативната способност, можеме да констатираме дека истите имаат релативно голем степен на информираност и пристап до информации кои се од нивен интерес.

Голема опасност претставуваат големиот број на радикални членови, симпатизери или поддржувачи кои се вработени (по законот за амнестија во 2001 година) во безбедносните структури на РСМ, а кои имаат за задача директно да се справуваат со заканите од терористичките структури (во групата на Агим Красниќи во 2009 година имаше припадник на МВР, при киднапирањето на бизнисмен македонски Албанец во 2011 година - припадник на АРМ, кумановските настани во 2015 година, исто така вработен во МВР).

Преку вработените или на друг начин инфилтрирани членови, овие структури секако дека имаат пристап до голем број сигурни информации кои многу лесно би го неутрализирале безбедносниот систем на потенцијалните мети, дополнителна помош имаат и од логистичката подршка (и не само

логистичка) од безбедносните структури која им ја овозможуваат нивните членови и симпатизери.

РСМ согласно постоечката правна класификација се има соочено со подметнати експлозивни средства, атентат, убиства, земање заложници итн. Од почетокот на самостојноста нашата држава се има соочено со голем број настани кои се оквалификувани со некои од облиците на тероризам.

- За време на воениот конфликт 2001 година

Според некои извори, АНА има учествувано во масакрот кај Карпалак, каде надвор од воената зона загинаа десет резервисти на АРМ од Прилеп. Откако се потпиша Рамковниот договор на 13 август 2001 година, АНА соопштила дека нема да го признае договорот и дека тоа не претставува никаква пречка кон нивната цел за нова трета албанска држава[23].

На 31 октомври 2001 година, на македонската територија упадна група униформирани терористи на АНА од Косово, со цел да зимуваат и да бидат подготвени во случај ако конфликтот би се разгорел одново во 2002 година.

На 12 ноември 2001 година, претставникот на АНА, Албан Периши официјално соопштил дека неговата терористичка организација стои зад убиството на тројца македонски специјалци прпадници на Единицата „Лавови" во тетовското село Требош.

- После војната 2001 година

Во декември 2001 година, САД ја постави АНА на црната листа.

На 26 март 2002 година, во тетовското село Мала Речица припадници на АНА неуспешно се обидоа да извршат атентат врз политичкиот лидер на ОНА, Али Ахмети, кого го сметаат за предавник. Престрелката била помеѓу бивши припадници на ОНА и припадници на АНА. Во престрелката која траела околу четири саати, учествувале 100-тина терористи. Употребени се автомаско оружје и ракетни фрлачи. Според некои извори во оваа престрелка загинаа 3 до 10 терористи во меѓусебниот албанско - албански конфликт.

Во ноќта између 29 и 30 август 2002 година, на магистралниот пат Тетово - Гостивар се киднапирани петмина Македонци од страна на припадниците на АНА. Киднаперите облечени во униформи на АНА поставиле блокада на патот

[23] https://www.novamakedonija.com.mk/

и ги легитимирале патниците. Тие сопреле и автомобил „Ауди“ во кој биле двајца охриѓани, потоа од автобус на ЖАС „Гостивар“ и од такси возило зеле вкупно пет заложници. Со закани со оружје ги принудиле киднапираните да влезат во нивните возила и ги одвеле во приватна куќа во селото Горна Лешница. Таму киднапираните биле тепани и малтретирани. Еден од обвинетите за цело време телефонски контактирал со полицијата и со претставници на меѓународните мисии и се заканувал дека нема да ги пушти заложниците сѐ додека не бидат ослободени од затвор пет лица, кои беа обвинети за убиството на двајца полицајци на 27 август 2001 година во Гостивар.

На 18 мај 2003 година албански екстремисти од дивизијата „Скендербег“ ја гранатирале касарната во Тетово. Инцидентот се случил утрото, а жртви немало.

Крајот на август 2003 година, терористите на АНА подметнаа три експлозии во Скопје. Експлозивните направи експлодирале во трговскиот центар „Мавровка“, во населбите Скопје Север и Ченто во периодот од 23:20 до 3 часот наутро. Материјалната штета била голема, а жртви немало. Целта на АНА беше да го прекинат Европскиот форум на Југоисточна Европа во дијалогот на цивилизациите и да се насочи вниманието на нив. Дел од учесниците исто така се заканија со вооружени борби, доколку не се ослободат одредени членови на АНА, кои биле осомничени за тероризам. Дел од учесниците, меѓу нив Авдил Јакупи - Чакала, се претставници на Ал Каеда во регионот. Групата се засолни во кумановско-липковскиот регион, каде се спремаа за борби со македонските безбедносни сили. Во антитерористичка операција во септември истата 2003 година, македонските специјалци успеале да убијат најмалку 5 терористи, додека 30 биле повредени[24].

Во првите месеци на 2004 година, македонските медиуми јавуваа дека на Скопска Црна Гора се појавуваа вооружени униформирани групи на АНА, посебно во делот на скопско Кондово и Рашче. Првично, јавноста воопшто не беше информирана за ваквата ситуација сѐ додека групите не почнаа медиумски да се ескпонираат непосредно пред референдумот за законот за територијална поделба. Водачот на групата Агим Красниќи повеќе од еден

[24] https://www.dw.com/

месец од скопското село Кондово порачуваше дека „не се плаши од акцијата на безбедносните сили“. Тогаш, неговата група шест месеци ги држеше под опсада жителите на селото Кондово, но со посредство на лидерите на албанските политички партии, Красниќи без проблем и неказнето го напушти селото. Красниќи предводеше група од триесетина до стотина милитанти-Албанци, учесници во побуната во 2001 година, кои не го прифаќаа Охридскиот договор, како ни партијата што произлезе од расформираната ОНА - ДУИ. Красниќи од Кондово направи тврдина на вооружени Албанци во која не смее да влезе македонската полиција. Групата се закануваа дека ќе го гранатират Скопје. Главен помошник на Красниќи му беше Косовецот Лирим Јакупи, познат по прекарот „Нацист”.

Кога заврши употребата на Агим Красниќи, тој беше наместен и уапсен, по што доби затворска казна. Зад вооружените лица во Кондово, пак, како што дознаваме, не стои целото село, и кондовци се целосно поделени меѓу двете страни. Информациите укажуваат дека криминалниот елемент е примарен кој стои зад целиот проблем, кој со поставување политички услови сака да извлече корист од сето тоа. Во таа насока е барањето за амнестија, додека незадоволството од имплементацијата на Охридскиот договор е чист обид за давање политичка заднина на целиот проблем. Во тој контекст се дознава дека меѓународната заедница упатила сериозно предупредување до политичките чинители во земјава, особено до албанскиот блок, дека каков било обид за политичка поддршка на вооружените лица во Кондово би довело до сериозни последици за нив, како на пример нивно ставање на „црните листи“ и слично. Агим Красниќи кој во минатото упатуваше закани прогласувајќи го Кондово за слободна територија е изведен пред судот каде му е изречена затворска казна од 6,5 години. После кризата во скопското село Кондово, најголем дел припадници на паравојската ја напуштиле земјата и заминале на Косово[25].

Во текот на 2007 година, група од приближно 50-тина припадници на АНА со криминално досие се засолниле во тетовското село Бродец, кои исто така ја превземаа контролата врз селото. Откако македонското МВР доби оперативни информации, на 7 ноември истата година МВР ја започна акцијата „Планинска бура“ каде што се ликвидирани 8 терористи, меѓу нив и Рамадан

[25] https://republika.mk/

Шити, а 13 се повредени. Од македонска страна жртви немало. Според специјалците на ЕСЗ Тигар и ЕБР кои учествуваа во акцијата, терористите биле добро подготвени со бункери и ровови, а имало и воен камп и значителни резерви на храна, медицина и оружје за долготрајна борба. Оружјето и municијата било доволно за 150-тина лица да можат да водат неколкумесечни борби. Во акцијата на МВР сепак им избегаа неколку терористи меѓу нив и Лирим Јакупи - Нацист.

На 29 април 2010 година група припадници на АНА на чело со Лирим Јакупи - Нацист биле вмешани во престрелка со македонски полицајци на македонско-косовската граница. Во престрелката загина еден македонски полицаец, а големи количества на оружје и муниција се запленети од страна на МВР.

На 11 мај 2010 година, во близина на македонско-косовската граница кај Радуша се случила втората престелка во годината. Таа започнала откако четворица вооружени луѓе отвориле оган над македонските безбедносни сили. По ова, четворицата биле ликвидирани и притоа било најдено огромно количество на оружје, кое се проценува дека било наменето за незадоволните членови на ОНА или АНА.

### 3.1.2. „ОВК”

Ослободителна војска на Косово (ОВК)
(Ushtria Çlirimtare e Kosovës - UÇK)
Учесник во Косовска војна (1999)
Воен конфликт во Македонија (2001)
Период на делување: 1991-1999 година официјално, (неоифицијално сè уште опстојува)
Водачи: Хашим Тачи, Агим Чеку, Рамуш Харадинај
Седиште: Приштина, Република Косово
Подрачје на делување: Косово, Северозападна Македонија и Северна Македонија
Бројност: околу 25.000
Постоење: КЗК (1999-2009), официјално расформирана, денес дел од безбедносните сили на Република Косово.

Сојузници: Албанија, албанска дијаспора

Противници: Србија, Македонија

Битки и војни: Косовска војна

Војна во Македонија: 2001 година

Ослободителна војска на Косово или скратено ОВК (албански: Ushtria Çlirimtare e Kosovës - UÇK) — албанска терористичка организација на Косово која со нападi врз државните органи (војска, полиција и други) и цивили се бореше за независност на Косово и Метохија од Србија и СР Југославија. ОВК односно УЧК се бореше исто така за отстварување на таканаречена „Голема Албанија". Според српските и западните разузнавачки служби основна форма на финансирање на ОВК се трговијата со дрога, која изнесува најмалку половина од средствата, а добар дел од останатите средства беа собрани преку криминални активности.

ОВК била формирана во 1994 година, а првпат во јавноста се појави во 1996 година. Целта беше независно Косово, а користиле секакви средства за вооружена борба. Дел од структурите на ОВК се обучени и тренирани од британските специјални цили САС и американската ЦИА. Основач и водач на ОВК, сè до неговата смрт во 1998 година беше Адем Јашари (алб. Adem Jashari), а после неговата смрт Хашим Тачи (алб. Hashim Thaçi) се до распаѓањето на ОВК во 1999 година. Оваа организација е вклучена во судири и напади врз српските цивили на Косово, пред и по окупацијата на НАТО во 1999 година[26].

Голем дел од структурите на ОВК учествуваа исто така и во војната во Македонија во 2001 година.

- Воени злосторства

Список на масакри извршени од терористите на ОВК:

- масакр во Клечка (26–27 август 1998) – 22 изгорени тела на косовски Срби се пронајдени во импровизиран крематориум, меѓу нив и жени и деца,
- масакр на Радоњичото езеро – убиство на 34 косовски Срби, кои по масакрот се фрлени во езерото,

[26] https://www.slobodenpecat.mk/

- убиствата во Гнилане – во масовни гробници се пронајдени 80 косовски Срби во околината на Гнилане,
- масакр во Ораховац – повеќе од 100 Срби и Роми се киднапирани, а околу 50 од нив се убиени во логори,
- масакр во Старо Грацко - ликвидирани 14 српски земјоделци,
- масовна гробница Угљаре - пронајдени 15 тела на косовски Срби,
- масакр во Волујак - масакр над 25 косовски Срби цивили.

### 3.1.3. „КЗК”

Косовски заштитен корпус (КЗК)
Учесник во Косовска војна (1999)
Воен конфликт во Македонија (2001)
Период на делување: 1999-2009 официјално
Водачи: Агим Чеку (1999-2006), Сулејман Селими (2006-2009)
Седиште: Приштина, Република Косово
Подрачје на делување: Косово, Северозападна Македонија и Северна Македонија
Бројност: околу 5.000
Претходник: Ослободителна војска на Косово
Постоење: официјално расформирана, денес дел од безбедносните сили на Република Косово
Сојузници: Албанија, ОВК
Противници: Србија, Македонија
Битки и војни: Битка кај Радуша, 2001 година

Косовски заштитен корпус или скратено КЗК (албански: Trupat e Mbrojtjës së Kosovës - TMK) — наследничка организација на терористичката ОВК во Косово. Единицата била формирана од КФОР во 1999 година. КЗК имаше околу 5.000 припадници. Според замислата на западот, КЗК требало да помогне во деминирање и обновување на инфраструктурата на Косово, но исто така да го заштити населението. Целта на Западот беше компромис за расформирањето на терористичката ОВК, да се одстранат радикалните елементи и да служи како почесна верзија на ОВК. Брзо доаѓаа сомнежи за угледот на КЗК. Според

некои извори, голем дел од припадниците на КЗК имаат учествувано во разни ликвидации, киднапирања и криминал[27].

Во текот на војната во РСМакедонија во 2001 година, од Косово, околу 600 до 700 припадници на КЗК упаднаа на македонската територија во Битката за Радуша, која важи за најжестоката битка во целата војна во 2001 година. Тогаш за првпат АРМ го употреби "Сухои Су-25" за да ги извлече македонските бранители кои броеја околу 30-тина полицајци. Бројот на загинатите терористи на КЗК бил наводно огромен, според руски извори имало најмалку 100-тина загинати терористи во борбите. Постојат и претпоставки дека загубите се уште поголеми.

Тогашното Косово беше протекторат на Обединетите Нации, што би значело дека Македонија е нападната фактички од нив. Токму поради таа агресија од Косово, Македонија не прогласи воена состојба.

Во 2009 година КЗК е расформирана, а голем дел од припадниците денес се дел од безбедносните сили на Република Косово.

### 3.1.4. „ОНА"

Ослободителна Народна Армија - ОНА

(Ushtria Çlirimtare e Kombëtare)

Учесник во воен конфликт во Македонија

Период на делување: 2000-2002 официјално, неофицијално сè уште опстојува

Водачи: Али Ахмети, Самидин Џезаири, Ахмет Красничи, Рахим Бекири

Седиште: Шар Планина

Подрачје на делување: Северозападна Македонија и Северна Македонија

Бројност: од 2,000 до 7,000

Претходник: формирана од ОВК

Постоење: Официјално разоружена, неофицијално сè уште опстојува

Сојузници: Албанија, ОВК

Противници: Македонија

Ослободителната Народна Армија (албански: Ushtria Çlirimtare Kombëtare - UÇK), исто така позната и како македонска УЧК, претставувала

[27] https://www.rtrs.tv/

сепаратистичка, терористичка организација која во текот на 2001 година започнала вооружен конфликт на територијата на Македонија. Според некои извори, таа била тесно поврзана со ОВК.

Вооружениот конфликт во Македонија завршил со потпишувањето на Охридскиот рамковен договор, според кој македонските Албанци добиле поголема автономија и права во земјата.

- Создавање

Според некои извори, ОНА се јавила како продолжение и трансформација на ОВК на просторот на Република Македонија, а нејзините членови биле поранешни припадници на ОВК кои учествувале во борбите на Косово. Со распуштањето на ОВПМБ, поголем дел од нив преминале на територијата на Македонија во редовите на ОНА.

Според голем број на извори, крајната цел на ОНА и ОВПМБ била Косово да добие независност, кое би претставувало основно територијално јадро кон кое треба да се приклучат Јужна Србија, Урошевац, Генерал Јанковиќ, Гнилане, Приштина, селата Стачиќ, Руште и Станевце[28].

Со главниот штаб на ОНА во Призрен раководеле Ермуш Џемаил, Али Ахмети како политички претставник, Фазли Велиу како одговорен за дијаспората и Гзим Острени како главен воен командант.

ОНА добивала континуирана логистичка поддршка во финансии, оружје, доброволци, храна и лекови од Косово, Република Албанија, албанската дијаспора во западноевропските земји, како и од локалното албанско население во Македонија. Голем дел од припадниците на ОНА, пред да стапат во воени битки, претходно биле припремани на воена обука во Северна Албанија.

- Формирање

ОНА своите единици ги нарекувала бригади и ги разликувала во троцифрен број. Најпрвин била формирана т.н. 112 бригада во близина на Куманово и 113 бригада во близина на Тетово.

ОНА била формирана во есента 1999 година, а била предводена од страна на поранешниот командант на ОВК, Али Ахмети, внук на Фазли Велиу,

---

[28] https://p.dw.com/p/3F6z6

кој дотогаш бил надвор од јавноста на настаните. Барањата во преден план биле засновани на конфедерација на Македонија. Според подоцнежните извори, високи команданти на ОНА изјавувале дека истите не сакале да ја загрозат стабилноста и територијалниот интегритет на Македонија и дека преку герилска војна ги барале своите права во Македонија, како народ рамноправен на македонскиот. Македонската Влада во почетокот тврдела дека станува збор за терористичка, екстремистичка и сепаратистичка организација чија цел била отцепување на деловите на Македонија каде етничките Албанци претставуваат мнозинство и нивно припојување кон Косово или кон создавање на една Голема Албанија.

На почетокот, на 22 јануари, ОНА своите напади врз македонските безбедносни сили започнала да ги врши со лесно оружје. Но, конфликтот многу бргу ескалирал и од почетокот на март 2001 година, припадниците на ОНА воспоставиле контрола на голем дел од северна и западна Македонија, за да на крајот дојдат до само неколку километри од престолнината Скопје, заземајќи го селото Арачиново.

Во текот на март 2001 година, припадниците на ОНА не успеале да го заземат градот Тетово, во отворен вооружен напад, контролирајќи ги ридовите и планинските предели меѓу Тетово и Косово. На 3 мај 2001 година, македонската влада презела голема контраофанзива во кумановскиот регион. Од 8 јуни, припадниците на ОНА го зазеле селото Арачиново. На 16 август 2001 година, двете страни потпишале мировен договор, познат како Охридски договор, со кој навидум бил завршен конфликтот во земјата.

- Состав и воени способности

Се проценува дека бројот на припадниците на ОНА бил околу 5.000. Дел од членовите на ОНА биле обучувани од британските сили. Исто како во случајот со ОВК, тие во почетокот во своите битки, користеле лесно пешадиско оружје од германско, американско, кинеско, албанско и југословенско потекло. Тие биле опремени со автоматски и полуавтоматски пушки, рачни минофрлачи, противтенковски и противпешадиски мини, рачни бомби, противавионски митралези, снајперски пушки со голем дострел. Како што војната напредувала, така и бунтовниците успевале да се снабдат со тешко оружје, вклучувајќи Т-55 тенкови и оклопни возила, кои ги заплениле во битките со македонските безбедносни сили.

- Воени злосторства

И покрај тоа што конфликтот во Македонија бил краток, тој не бил миновен за воените злосторства. Припадниците на ОНА се служеле и со други осетливи дејства, како на пример убивањето на осумте припадници на безбедносните сили кај Вејце, каде по смртта ги масакрирале нивните трупови. Некои очевидци велат дека од вкупно осум полицајци, само еден бил убиен од огнено оружје, додека другите биле малтретирани со најразлични ладни оружја. Други злосторства од страна на ОНА е и сопирањето на Липковската брана, со кое градот Куманово со околината останале без вода за пиење, оштетување на столбот од далновод за напојување со електрична енергија во месноста Попова Шапка, каде околината останала без електрична енергија. Во текот на кризата во Македонија имало и повеќе случаи на киднапирање на цивилно население.[29] Така, на 18 јули во село Отушиште биле киднапирани тројца Македонци, цивили, и биле брутално малтретитирани. Исто така, веќе на 7 август албанската војска грабнала пет работници на градежната компанија „Маврово“, кои биле физички малтретирани и сексуално злоупотребени. Како за крај, на сите пет работници со нож на телото им биле напишани по една буква, која се претпоставува дека се иницијалите на злосторниците. Исто така, од страна на албанската војска бил разрушен и манастирот во Лешок.

По „стабилизирањето“ на државата и воспоставувањето на ред и мир, во Република Македонија биле закажани парламентарни избори кои се одржале во 2002 година. Рејтингот на владејачката ВМРО-ДПМНЕ бил опаднат, а од друга страна оној на СДСМ доживувал раст. Пред само три месеци од одржувањето на изборите, од страна на веќе поранешните членови на ОНА била формирана политичка партија, а за нејзин лидер бил избран Али Ахмети. На изборите победила СДСМ, а кај албанскиот блок, новата партија освоила дури 70% од вкупното албанско гласачко тело. Со ова била создадена коалиција меѓу овие две партии.

Во 2004 година, бил одржан Референдум со цел изјаснување околу новоусвоениот закон за нова територијална поделба на Република Македонија. Референдумот главно бил одржан во корист на етничките Албанци во

[29] https://www.dw.com/

Македонија. Според истиот, многу градови и општини, каде Македонците биле мнозинство, со новата територијална организација тие станале „малцинство“. Така, во општина Гостивар која според старата поделба имаше 26,54% Македонци, со припојување на нови општини бројот на Македонците се намалил на 19,77%. Во општина Тетово според старата поделба имаше 28,17% Македонци со припојување на нови општини бројот на Македонците се намалил на 23,16%. Во општина Струга според старата поделба имаше 47,94% Македонци со припојување на нови општини бројот на Македонците се намалил на 32,09%. Во општина Чашка според старата поделба имаше 7,47% етнички Албанци со припојување на нови општини бројот на Албанците се зголемил на 33,06%.

- Последните случувања

Во текот на ноември 2007 година, во селото Бродец по неколку месечните закани, од страна на македонските безбедносни сили била спроведена акција наречена Планинска бура. Во полициската акција „Планинска бура“ биле убиени 7 албански екстремисти, а биле уапсени 12 екстремисти и запленето е големо количество на огнено и тешко оружје, кое според полициските извори било доволно за вооружување на 150 лица и за водење на повеќе месечни вооружени борби.

Во април 2010 година, во близина на границата со Србија, било запленето големо количество на оружје, кое било наменето за УЧК[30].

На 11 мај 2010 година, во близина на македонско-косовската граница се случила престелка. Таа започнала откако четворица вооружени луѓе отвориле оган над македонските безбедносни сили. По ова, тие биле ликвидирани, и притоа било најдено огромно количество на оружје, кое се проценува дека било наменето за незадоволните членови на ОНА.

На 28 октомври 2014 година беше стрелано према Владата на Република Македонија со ракетен фрлач. Одговорноста за нападот ја презеде ОНА.

На 21 април 2015 околу 3 часот наутро вооружена група од околу 40 луѓе со униформи на УЧК ја нападнала караулата кај с.Гошинце. При што четворицата гранични полицајци ги држела во заложништво неколку часа, по

---

[30] www.dnevnik.com.mk

што ги пуштила и им порачала „...Сакаме своја држава и не признаваме никакви Охридски договори...".

Во почетокот на мај 2015 година, група од најмалку 44 терористи се стационирала во градот Куманово. На 9 мај полицијата започнала акција за разбивање на групата. Акцијата траела 28 часа и завршила со 8 загинати полицајци и 14 загинати терористи.

Според местоположбата Република Северна Македонија се наоѓа на подрачјето кое е изложено на терористички активности. Повеќе пати во минатото Република Северна Македонија се има соочено со терористички активности. Според истражувањето во официјалните податоци од државниот Завод за статистика се потврдува тезата дека Република Северна Македонија била и ќе биде мета на терористички структури.

Во две џамии Јајапашината и Тутунсуз имаат проповедано двајца имами познати по своите радикални ставови и блискост во вахабистички групи во Косово и во Босна и Херцеговина, кои во септември 2014 година беа уапсени во рамките на голема регионална акција за разбивање на вахабистички центри.

Африм Тахири од ИВЗ тврди дека вахабизмот во Република Северна Македонија почнале да го шират иселеници-повратници, а подоцна и млади што се школувале во арапските земји. Својот став ИВЗ против вахабизмот јавно го имале од првите појавувања на ова верско политичко движење кај нас сметајќи го како опасен вирус за нашето општество.

Сите воени конфликти на Балканот се пропратени со учество на странски борци или познати како муџахедини.

Да напоменеме дека таканаречената 113-та регионална бригада на ОНА или позната по името „Исмет Јашари" која дејствуваше во кумановско-липковксиот регион била составена од платеници или муџахедини кои предходно имале искуство од војните  во Босна и Херцеговина и Косово.

Но и во овој случај не смее да се занемари фактот дека една од главните карактеристики на вахабистите е нивната идеологија за џихад против режимите кои ги сметатат за неверници и без разлика дали се работи за христијанско или исламско општествено уредување.

Но секако дека најчесто во предвид се зема финансискиот надоместок кој ќе го имаат доколку се зачленат во таквите структури. Сите кои се

инволвирани во ширењето на исламскиот радикализам се добро финансирани од надворешни извори, најчесто од Саудиска Арабија, Катар итн.

Според анализи на НАТО и извори од израелски безбедносни служби Балканот има минимум 9 активни исламистички организации што се поврзани со меѓународниот тероризам.

После распадот на СФРЈ војната во Босна и Херцеговина, следуваше војната во Косово, обидот за прогласување на држава, тенденциите кои се јавуваа во Санџак за прогласување на автономија. Воениот конфликт во Републука Северна Македонија не го предизвикал системот на Слободан Милошевиќ, туку западните и НАТО разузнавачки служби со што ја дестабилизираа државата, истакнува Џеват Галијашевиќ, експерт за тероризам и председател на фондот за хуманитарно право во Босна и Херцеговина.

Од осамостојувањето територијата на Република Северна Македонија со пропратните проблеми со своите соседи, блокади, воени кризи постојано претставувала и претставува плодна почва за сите видови на организиран криминал.

Меѓународната терористичка мрежа постојано е во потрага на лесно ранливи држави кои би можела да ги користи како база заштитник на своите активности, а воедно и како подрачје од кое ќе може да ги регрутира идните терористи, така што развојот на организиран криминал за нив претставува еден вид на стратегија за ослабување на државата, што пак јасно покажува дека може да се третира како еден вид на терористичка активност[31].

Гледано историски таканаречената „Република Илирида” која претставува вековна идеја на радикалните балкански структури за формирање на политички ентитет, кој ќе го опфати западниот и северниот дел на тероризмот на Република Северна Македонија, кој патем речено од независноста на нашата држава до денес овој проект е два пати јавно изнесен и пропагиран. За прв пат „Република Илирида” е прогласена во јануари 1992 година од страна на албанските сепаратисти во Струга. А второто прогласување е на 18.09.2014 година, пред споменикот на Скендербег во Скопје каде се изнесе соопштение дека териотријата од Струга до Куманово е под надлежност на гардата на „Република Илирида”.

---

[31] www.time.com.mk

Корените на оваа идеја гледано временски се многу подлабоки отколку што е познато во широката јавност, во 1878 година од 5-17 јуни во Призрен е формирано Здружение за одбрана на правата на албанскиот народ или познато како „Призренска лига". На овој собир покрај делегатите од северна Албанија и Косово имало делегати и од Република Северна Македонија и тоа Хаџи Абаз и Камбер Ага од Куманово, Хаџи Исмаил од Скопје, Јашар Бег и Мустафа Бег и други од Тетово, Реџеп Паша од Дебар, кои дискутирале за решавање на албанското прашање.

Според нивното мислење самостојна Албанија би се формирала од четири области, јужна Албанија и Епир, северна и средна Албанија, третата област е Република Северна Македонија со градовите: Скопје, Гостивар, Дебар, Охрид, Битола, Прилеп и Велес, додека Куманово спаѓа во четвртата област со делови од јужна Србија и Косово, што во суштина претставува познатиот концепт „Голема Албанија".

Идеите за голема Албанија и „Република Илирида" по правило се попратени со појави на разни терористички структури кои од нивните команданти се преставуваат како воени формации за одбрана на правата на Албанците. Но нивната структура и членство во целост ја заслужуваат класификацијата која ја истражуваат државните органи при секој терористички акт дека се работи за криминално-терористичка група.

Ослободителната војска на Косово ОВК е формирана во 1994 година, а во јавноста се појавува во 1996 година, користејќи терористички напади, а нејзините припадници се најчесто поврзани со организирани криминални структури.

Во почетокот на 2001 година таканаречена „Ослоботителна национална армија" ОНА започна со напади на територијата на Република Северна Македонија. Оваа структура е создадена со трансформација на ОВК во ОВПМБ, за потоа нивните припадници да поминат на територијата на Република Северна Македонија, во состав на ОНА каде извршија огромни злосторства кои сепак со законот за амнестија беа ослободени. ОНА е формирана во есента 1999 година со главен штаб во Призрен. Во почетокот на 2001 година од сите релевантни меѓународни фактори оваа паравоена формација беше прогласена за криминално-терористичка структура составена од криминалци и убијци за после неколку месеци од истите тие да добие воен легитимитет на 13 август

2001 година кога се потпиша рамковен договор или попознат како Охридски рамковен  договор со кој се стави крај на воениот конфликт во 2001 година и се постави рамка за меѓуетнички соживот и евроатланска перспектива на државата.

Државата се спаси од кризата но не ги запре натамошните извори на криза и конфликотот и натаму е присутен но во поинаква форма.

После потпишувањето на Охридскиот рамковен договор огромно незадоволство се појави кај македонскиот етникум кој овој Договор го разбра како некој вид на капитулација. Следува Законот за амнестија за борците на ОНА кој дополнително предизвика незадоволство кај македонските граѓани.

Каквите и уште многу други незадолвства кај македонската јавност од Охридскиот рамковниот договор, дополнително и постојано ја подгреваа атмосферата, многуте изјави на албанските политичари дека договорот од Охрид е „мртов", не се имплементира според зацртаното, што пак предизвикува незадоволство кај албанската јавност, патем речено нивните апетити во сите форми постојано се зголемуваат.

Дали ОНА ги почитуваше меѓународните одредби за војување со мачење и убивање цивилно население, масакрирање и убивање воени заробеници и мртви војници, уништување на верски објекти, присилно иселување на население, во еден момент- војник, во друг- граѓанин кој пие кафе, и уште многу прекршувања на меѓународните норми на војувања.

## 3.2. ТЕРОРИСТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ НА БЛИСКИОТ ИСТОК И НИВНО ДЕЛУВАЊЕ

На Блискиот Исток се активни повеќе терористички организации:

- екстремните Палестински терористички организации,
- проиранскиот „Хезболах",
- „Исламска држава",
- тероризмот на Сиките во Индија,
- „Ал Каеда" во Авганистан, Чеченските организации,
- Исламските екстремисти,
- ционостичкиот тероризам од страна на Израел
- "Белите шлемови" во Сирија итн.

### 3.2.1. „АЛ КАЕДА”

Полна месечина; Арапски опис на Шехадет

Формат: Ал-Каеда во Ирак

Функционира: 11 август 1988 – денес

Водач: Осама Бин Ладен (1988–2011), Ајман ал-Завахири (2011–денес)

Подрачја: цел свет

Ал-Каеда (арапски: القاعدة) е глобална воена исламистичка терористичка организација основана од Осама Бин Ладен во периодот помеѓу август 1988 и крајот на 1989 година. Работи како мрежа од мултинационална армија од лица без државјанство и радикалното движење на Сунитите за глобален џихад и интерпретација на шеријатот. Прогласена е за „терористичка организација“ од страна на САД, Обединетото Кралство, Советот за Безбедност на ООН, Европската унија, НАТО и многу други држави[32].

Ал-Каеда нападнала цивилни и воени мети во повеќе земји, како нападите на 11 септември 2001 година, бомбардирањата на Амбасадата на САД во 1998 година и бомбардирањата на Бали во 2002 година. Владата на САД им возвратила со започнување на војна против тероризмот. Ал-Каеда продлжила да постои и да се проширува. Со смртта на главните комуникатори, како Анвар ал Авлаки, способноста на „брендот“ Ал-Каеда да инспирира, мотивира и да внесува страв, нагло се намалила[33].

Карактеристичните техники вклучуваат самоубиствени напади и истовремени бомбашки напади на различни цели. Во овие активности се вклучени членови на движењето кои се заколнале на лојалност кон Осама Бин Ладен, или пак бројните индивидуалци поврзани со Ал-Каеда кои поминале низ обука во еден од нивните кампови во Авганистан, Пакистан, Ирак или Судан, но не положиле никаква заклетва. Идеолозите на Ал-Каеда предвидуваат целосно отфрлање на сите странски влијанија во муслиманските земји и создавање на нов исламски калифат ширум светот. Според некои верувања се смета дека христијанско-еврејскиот сојуз е заговор за уништување на исламот. Салафистите веруваат дека убивањето на цивили е религиски

[32] Шалијан Ж. Блин. А. Историја на тероризмот: од антиката до Ал каеда. Табернакул. 2009

[33] http://www.tarzanija.com/najpoznatije-teroristicke-organizacije-bliski-istok/

одобрено и не прифаќаат религиско свето писмо кое забранува убиство на цивили и смртоносни борби. Ал-Каеда исто така е против законите создадени од човекот и сака да ги замени со тврдокорната форма на шеријатскиот закон.

Ал-Каеда е исто така одговорна за иницирање на секташко насилство меѓу муслиманите. Ал-Каеда не ги толерира гранките на исламот кои не се сунитски, ги прогласува за неверници (текфир) и ги исклучува од заедницата. Лидерите на Ал-Каеда ги сметаат либералните муслимани, Шиитите, Суфитите, Ахмадите и други секти за еретици и имаат извршено напади врз нивните џамии, како и напади за време на нивните собири. Примери за секташки напади се бомбардирањата на верската заедница Језиди, бомбардирањата на градот Садр, масакрот Ашура и бомбардирањата на Багдад во април 2007 година.

Ал Каеда е глобална мултинационална терористичка мрежа која поврзува различни исламски фундаменталистичко-терористички организации и групи од многу земји во една организација. Основана е во 1988 година од страна на Осама Бин Ладен и Абдулах Азам во Кандахар и тоа во почетокот од пристојни цели - само поради Арапите кои се бореле против Русите во Авганистан. Наводно целта на оваа организација е да се создаде единствена исламска држава. На чело на организацијата е Емир - началник на главниот штаб, додека структурата ја составуваат: консултативно одделение, религиски, финансиски, воен комитет и комитет за медиуми, лидери и претставници на терористички организации и групи и оперативци. Насекаде правеле неред, како терористичкиот напад на американската Амбасада во Кенија и Танзанија во 1998 година, самоубиствениот терористички напад во Јемен во 2000 година, самоубиствениот терористички напад на Америка во 2001 година, самоубиствениот терористички напад во Ријад во 2003 година, итн[34].

Според меѓународниот Институт за стратешки студии[35] од Лондон само движењето на Ал Каеда има повеќе од 18.000 членови обучени и спремни за изведување на терористички акции во повеќе од 60 држави во светот. Терористичката организација „ИСИС” (Исламска држава во Ирак и Сирија) за многу краток временски период ја издигна својата моќ на врвот на скалата на терористичките структури. Според податоците на разузнавачките служби оваа

[34] Гелке А. Новата ера на тероризмот и меѓународниот политички систем. МАГОР. Скопје. 2009
[35] https://www.iiss.org/

организација има над 10.000 членови и уште голем број на странски членови кои се борат во име на исламот и кои претставуваат директна закана за нивните матични држави.

### 3.2.2. „ХЕЗБОЛАХ” (ИСЛАМСКИ ЏИХАД)

Хезболах (арапски: حزب الله, или Хизболах, односно Хизб Алах, значи Божја партија) претставува шиитска либанска проиранска (формално) паравоена организација, која беше создадена 1982 година како одговор на упадот на Израел во јужниот дел на Либан. Нивната цел е ширење на Хомеиновата револуција на цел Среден Исток, воспоставување на исламските права во Либан и ослободување на сите окупирани арапски држави. Сакаат да го елиминираат Израел. Олицетворение на нивната “уметност” се самоубиствените терористички напади на американската Амбасада во Бејрут во 1983 година и на американската база на маринците во истата година.

По 18 години, военото крило на Хезболах („Исламски отпор на Либан“) по многу загуби нанесени на Израелците, во 2000 година го принудило Израел на повлекување. Моментален лидер на движењето е Хасан Насралах кој е на таа позиција од 1992 година. Движењето беше прогласено за терористичка организација од страна на 6 земји, вклучувајќи ги и САД и Обединетото Кралство. Движењето прерасна во организација која има широк спектар на активности, вклучувајќи и радио, телевизија, весници, училишта, болници, социјални институции, а некои членови се и во состав на либанската влада. Главниот финансиер е Иран, а одредена помош доаѓа и од Сирија. Воениот дел на Хезболах располага со околу 1000 вооружени лица и околу 10.000 во резервен состав. Воената тактика главно се базира на ракетирање на израелски цели, а во посебна група се и ракети со домет до 150 км. Во нападите се исклучува употребата на бомбаши-самоубијци, а исто така, барем во принцип, не напаѓаат цивилни цели. Хезболах се оградил од работата на Ал Каеда и во своите соопштенија ги осудувал нападите врз цивилите[36].

---

[36] https://www.trt.net.tr

### 3.2.3. „НАРОДЕН ФРОНТ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ПАЛЕСТИНА"

Основан е 1967 година од страна на Џорџ Хабаш и се залагал за панарапска револуција. Извршиле бројни терористички напади во 70-тите години на минатиот век. Се претпоставува дека има 800 членови, а помош добиваат од Сирија и Либан.

### 3.2.4. „ПАЛЕСТИНСКИ ИСЛАМСКИ ЏИХАД"

Милитантските палестински фундаменталисти и нивниот лидер Рамадан Шалах во 1970 година прогласуваат исламска палестинска држава во појасот Газа, и објавуваат светска војна до уништување на Израел. Секако како свои непријатели ја сметаат Америка, и со цел да ја уништат, превземаат бројни самоубиствени терористички напади на Западна обала, Газа и Израел. Финансирани се од Јордан, а логистичка подршка ја добивале од Сирија.

### 3.2.5. „ЕГИПЕТСКИ ИСЛАМСКИ ЏИХАД"

Овие екстремисти делуваат од крајот на 70-тите години на минатиот век. Поврзани се со Ал Каеда, а нивната цел е да ја срушат египетската влада и да воспостават исламска држава, како и да се нападнат Американците и Израелците во Египет и околината. Одговорни се за убиството на египетскиот председател Анвар Садат, а извршиле и терористички напад на египетската Амбасада во Исламабад во 1995 година. Делуваат на подрачјето на Каиро и околината и Либан. Горди се на својата специјалност, а тоа се самоубиствените терористички напади користејќи автомобили.

### 3.2.6. „ИСЛАМСКА ГРУПА"

Ова е најголема египетска терористичка организација која е формирана на крајот на 70-тите години на минатиот век. Нивната цел е уништување на египетската власт и создавање на исламска држава. Оваа организација била поделена на две групи: едната го подржува Осама Бин Ладен и ги предводи Таха Муса, а другите се спротиставуваат на таквиот начин на борба и велат

дека немаат ништо со Бин Ладен, а нив ги предводи Мустафа Хамза. Тие често се многу крвнички настроени, дури извршувале убиства на туристи, а најпознатиот напад се случил во 1997 година во Луксор. Вмешани се и во терористичкиот напад на Светскиот трговски центар во Њујорк во 1993 година. Од тој напад во Луксор не се повеќе омилени и почнале да ги губат своите симпатизери.

### 3.2.7. „БЕЛИТЕ ШЛЕМОВИ”

„Белите шлемови“, приближно 3.000 невладини членки, официјално познати како Сириска цивилна одбрана, беа основани во Турција на крајот на 2012 – почетокот на 2013 година. Ле Мезурие обучи почетна група од 20 Сирийци, а групата доби средства од непрофитната група на Ле Мезурие во Холандија, “МејДеј Спас” – која, пак, е финансирана од грантови од холандската, британската, данската и германската влада.

Според нивната веб-страница [37] ”Белите шлемови” се директно финансирани од Mayday Rescue и компанијата Chemonics, од 2014 година. “Chemonics” со седиште во Вашингтон, добија 128,5 милиони американски долари во јануари 2013 година за поддршка на „мирна транзиција кон демократска и стабилна Сирија“, како дел од регионалната програма на УСАИД во Сирија. Најмалку 32 милиони долари се дадени директно на „Белите шлемови“ заклучно со февруари 2018 година.

Имено, администрацијата на Трамп го намали американското финансирање на „Белите шлемови“, ставајќи ги под „активен надзор“ за незаконски и терористички акции.

“Белите шлемови” се познати како фалсификатори на повеќе хемиски напади – вклучително и инцидентот на 7 април 2018 во Дума, Сирија, што Белата куќа го користеше како изговор да ги бомбардира објектите и базите на сириската влада.

Основачот на “Белите шлемови” во Сирија и УЧК на Балканот, подржувач на вахабистите и терористите, поранешен офицер на британската армија и воен разузнавач, агент на МИ-6, 43-годишниот Џејмс Ле Мезурие е

[37] https://www.whitehelmets.org/en/

пронајден мртов во близина на неговиот дом во Истанбул, неколку дена откако тој беше обвинет од Русија дека е шпион со „врски со терористички групи“ низ цел свет.

Според аналитичарот и автор Макс Блументал, „Белите шлемови“ примиле најмалку 55 милиони долари од британското Министерство за надворешни работи и 23 милиони долари од Агенцијата за меѓународен развој на САД. Тие, исто така, добија милиони од Катар, кој поддржа неколку екстремистички групи во Сирија, вклучувајќи ја и Ал Каеда.

Ванеса Били од “MintPress” направи одлична анализа за да го разоткрие овој криминалец како еден од воените злосторници зад УЧК “Ослободителната војска на Косово” и Косовскиот Заштитен Корпус, и двете придонесоа за уништување на христијаните на Косово. Тој тогаш го искористи овој модел за основање на терористите од „Белите шлемови“ во Сирија.

Разузнавачот впрегнат против Сирија беше присутен на Косово за време на интервенцијата на НАТО во Косово. Џејмс Ле Мезурие, кој ќе ги основа „Белите шлемови“ во Турција во 2013 година, служеше како координатор за разузнавање за градот Приштина во Косово набргу по интервенцијата на НАТО што доведе до тоа НАТО да биде обвинет за воени злосторства врз илјадници недолжни цивили[38].

Неколку дена пред смртта на Мезурие, портпаролката на руското Министерство за надворешни работи Марија Захарова јавно го разоткри како „агент на британската МИ-6, кој е забележан низ целиот свет“.

Според канцеларијата на гувернерот на Истанбул, започнати се „сеопфатни административни и судски истраги“ за смртта на Ле Мезурие.

### 3.2.8. ИСЛАМИСТИЧКА ДРЖАВА

Се смета дека „Исламска држава“ е фракција од терористичката организација Ал Каеда, т.е. сунитска милитантна група, за која се верува дека е формирана како одговор на недовербата и фрустрациите од неуспешното владеење на владите во Сирија и Ирак. На нивното знаме пишува „Мухамед е

[38] Sageman, M. Understanding Terror Networks. Philadelphia: University of Pennsylvania Press. 2004

пророкот на Бог“ и „Нема друг бог освен Алах“ - фрази со кои се согласуваат сите муслимани, а не само „ИД“.

Абу Бакар Ал Багдади лидер на групата Исламистичка држава (ИД) во Ирак и Левантот (ИДИЛ) кој прогласи Исламистичка држава на територијата на Ирак и Сирија има објавено план за формирање на калифат во Европа во кој е вклучен и Балканот. Според информациите на иранската новинска агенција “МЕХР”, Багдади на радикалните исламисти во Европа им порачал „кога ИДИЛ ќе извојува целосна победа во Ирак ќе се насочи кон Европа каде ќе формира калифат”. Агенцијата го цитира Багдади кој на симпатизерите им ветил дека животот и имотот на европејците по формирање на калифат во Европа ќе им биде даден на располагање на оние борци што ќе му се заколнат на лојалност.

Најмалку 50 пожари беа подметнати во јужниот дел од Израел колу 200 Палестинци на границата со Газа палеа гуми и фрлаа експлозив. Израел нема да дозволи ова да продолжи.

Израелските воени авиони и хеликоптери одговорија таргетирајќи ги базите на Хамас во појасот Газа, како одговор на континуираниот напад со балони, а реакцијата ќе биде многу посилна доколку ова продолжи. Ќе се нишани кон подземната инфраструктура на терористичката група Хамас, но доколку нападите од Газа продолжат, реакцијата ќе биде многу посилна.

Израел не се изненади од настаните во Бејрут. Иако Израел официјално беше во војна со Либан, болниците од северот на земјата понудија лекување на повредените. Либанската страна ја одби оваа понуда, очекувано, кога „Хазболах” е дел од тамошното раководство.

Германија донесе закон што се однесува на Хезболах - како оној на САД, па се надеваме дека и државите на Балканот ќе го следат овој пример. Емиратите имаат добри релациии на Балканот и тоа може да создаде можност за дополнителна соработка во регионот.

Израел и Обединетите Арапски Емирати постигнаа договор за нормализирање на односите, ова е трет мировен договор со арапска земја. Засега Палестинците не се задоволни од договорот, но со него барем привремено се запира планот на Израел да присвои делови од спорните територии – со други зборови, на некој начин Емиратите им помогнаа на Палестинците да се вратат на преговарачката маса. Водечките израелски високи функционери работат на проширување на соработката со други

потенцијално релевантни партнери како што е Бахреин и Саудиска Арабија. Без сомнение, економскиот потенцијал е огромен, но несомнено исто така дека и активности на Иран за дестабилизација на регионот се дел од оваа нова и важна коалиција.

Иницијативата на Владимир Путин за воена интервенција во Сирија во 2015 година, може да потекнува од четири цели:

1) да го поттикне геополитичкото влијание на Русија на Блискиот Исток;

2) да служат како противтежа на САД во регионот;

3) да ги уништат џихадистичките организации пред некои од нивните членови да се вратат во Русија

4) да стекнат дипломатски статус за своите амбиции во Украина.

Кога започна кампањата со воздушните напади на бунтовниците, Москва изјави дека нападите се насочени против Даеш. Сепак, постојат докази дека повеќето од нападите се насочени против опозициските сили за да се поддржат офанзивите на копнените сили на Асад. Всушност нападите сè повеќе се зголемуваат како одговор на напредувањето на бунтовничките групи кои се директно поддржани од страна на САД или Турција.

Една од највпечатливите промени кои се случија во првата половина на 2016 година беше радикалниот пресврт во руско-турските односи, кога турскиот бомбардер го собори рускиот "Су-24" борбен авион, убивајќи го пилотот. На крајот на јуни 2016 година, турскиот претседател го повлече својот став па му се извини за инцидентот.

Турција изјави дека ќе се согласи Асад да остане на власт „за време на периодот на транзиција". Најверојатно Путин и Ердоган постигнале договор за да ги заштитат националните интереси и на двете држави. Таков договор ќе ѝ овозможи на Анкара да ги постигне своите цели во северниот дел на Сирија и Ирак, без да биде попречувана од Русија. Оттука и турската воена интервенција долж нејзината граница со Сирија. Од друга страна Москва ќе добие дозвола од Турција да го контролира сирискиот режим во Дамаск, Хама, Хомс и Латакија, под надзор на Русија и Иран. Со други зборови, се чини дека сме сведоци на традиционалниот геополитички концепт на „сфери на влијанија".

Временски период на конфликтот (септември 2015 – септември 2016)

2015 година

Септември - Опасноста од паѓањето на режимот на Асад ја поттикна Русија да се приклучи во војната со цел да го поддржи Асад. Минстерот за одбрана на САД започна преговори за Сирија со неговиот руски колега за да се избегне конфронтацијата помеѓу американските и руските војници.

Октомври - Лојалистичките сили ја започнаа четвртата офанзива на Хама со поддршка од Русија и Иран. Русија и САД потпишаа меморандум за разбирање за да се избегне можната конфронтација.

Ноември - Турција го погоди рускиот борбен авион, предизвикувајќи зголемена дипломатска тензија помеѓу двете земји. НАТО повикува на деескалација на кризата.

Декември - Германскиот парламент ги одобри плановите на Владата да се приклучи на воената кампања против Исламската држава Сирија.

2016 година

Јануари - Претседателот Путин кажува дека Асад може да побара азил во Русија.

Февруари - Разговорите во Женева не успеваат.

Март - Русија започнува со делумно повлекување на своите војници од Сирија, но сепак продолжува со воздушните напади врз бунтовничките позиции.

Април - Битката за Алепо се засилува, стотици загинати на двете страни.

Мај- Даеш извршува низа самоубиствени напади во Сирија. СДФ започнува офанзива против Даеш во северна Сирија.

Јуни - Турскиот претседател испраќа телеграма со сочувство до Русија за смртта на пилотот на соборениот авион во ноември 2015 година.

Јули - Обидот за државен удар во Турција не успева. Ердоган реагира со интензивна чистка на противниците. Лидерот на Ал Нусра објавува дека ги прекинува врските со Ал Каеда и ја преименува организацијата во Фронт за Освојување на Левант.

Август - Претседателот Ердоган оди во посета на Русија. Турската армија ја започнува операцијата “Еуфрат”. Курдските единици се повлекуваат на исток од Еуфрат.

Септември - Сирискиот комитет за преговори (политичката опозиција) поднесува план за транзиција. Русија и САД се согласуваат со планот да се намали насилството и да се постигне прекин на огнот.

## 3.3. ПОВРЗАНОСТА НА ТЕРОРИСТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА БАЛКАНОТ И БЛИСКИОТ ИСТОК

Генерално дејствијата на терористичките групи како на Балканот и така и на Блискиот Исток воглавно се насочени кон идејата за сепаратизам, нарушување и промена на уставниот поредок и злоупотреба на религијата.

На Балканот е повеќе изразено религиозното и националистичкото влијание преку кое се остваруваат замислените цели, а на Блискиот Исток преку најбрутално насилство проследено со религиозно влијание.

Терористичките дејствија претежно се поврзани со криминални активности на Балканот и понекогаш со напади на безбедносните служби додека на Блискиот Исток се карактеризираат со борбени дејствија против безбедносните сили, рушење на одредени влади, киднапирање и убиства на ВИП личности.

### 3.3.1. БАЛКАНОТ СРЕДИШТЕ НА ЏИХАДИСТИ

Лаврдим Мухаџери, лидер за албанските џихадисти кои војуваат во редовите на Исламска држава, е убиен во Сирија. Мухаџери стана познат по еден видео материјал на социјалните мрежи, во кој беше прикажан како обезглавува еден заложник во името на Алах. Тогаш тој изјави дека е горд затоа што му ја отсекол главата, пред да отпатува во родното село кај Качаник на границата на Косово со Република Северна Македонија. Мухаџери тогаш јавно го запали својот пасош за да демонстрира дека се откажува од својата националност и дека единствено ќе биде војник на Алах. На социјалните мрежи тој се изјасни дека е одреден од Алах да предводи една подоцнежна етапа од создавање на балкански калифат[39].

Самиот Мухаџери не доживеа да стане првиот калиф во Европа, но стотици други негови истомисленици од Албанија, Косово, Република Северна Македонија и Босна и Херцеговина продолжуваат да војуваат на фронтовите во Сирија и Ирак, за одржувањето во живот и растењето на џихадизмот.

[39] https://www.trt.net.tr

Истражувањата покажуваат дека има околу 800 фанатизирани муслимани од Западниот Балкан од кои 300 сега војуваат во првите редови на организацијата Исламска држава. Истовремено, илјадници други кои се вратиле дома, го прифатиле екстремиситчкото толкување на Куранот, кое продолжува да се учи во легални или нелегални џамии од фанатизирани имами.

Би можело да се очекува дека земји како Албанија и Косово, најмногу тие две во кои доминира муслиманското население, а исто и Република Северна Македонија, ќе започнат да функционираат како големи балкански разводници на џихадизмот. На почетокот дури по избувнувањето на војната на Блискиот Исток, се виде дека екстремистичкиот Ислам, кој беше финансиран од Саудиска Арабија, Катар и Јемен, а исто и под една умерена форма и од Турција, би можел да најде таква радикална почва во регионите каде се доминантни албанците, особено меѓу сиромашните слоеви на населението.

Но, појавата која е поврзана со неконтролираната дејност на фанатизираните имами и незаконското функционирање на џамии, покажува во извесна смисла знаци на пад во споредба со случувањата од пред неколку години, заради особено строгите мерки кој ги преземаат властите, со исклучок на Босна и Херцеговина. Во неа државата и нејзините механизми скоро и да не функционираат, а вахабизмот незапирливо се шири. Освен тоа, религиозната радикализација е противречна со историската убеденост на Албанците дека нивната единствена религија е албанштината[40].

Босна и Херцеговина се смета за главен „разводник“ на исламскиот фанатизам, а исто така и на џихадизмот. Во таа земја има села според безбедносните власти најмалку 28 во кои воопшто не се дозволува пристап на „неверници“ согласно шеријатот светиот закон на Исламот, кој го уредува секојдневниот живот на луѓето во рамките на нивното општество.

„Бастионите“ на џихадизмот во Босна и Херцеговина се најмногу оддалечените планински села кои се напуштени за време на војната од нивните српски жители, чии куќи подоцна биле продадени. Тие биле купени од босански вахабисти и салафисти. Со текот на времето, и затоа што биле оттргнати од своите корени во таа инаку и така парализирана земја, тие се

[40] www.fokus.rs

претвориле во жаришта за развој на исламскиот фанатизам. Во нив, законите на државата се заменети со шеријатот.

Терористичките напади на исламисти на различни цели во Босна и Херцеговина започнаа во 2002 година, а продолжуваат и денес. Така таа земја е единствената на Балканот во која терористичките чинови се случуваат. Таа е на второ место во Европа по бројот на нејзини граѓани кои војуваат на страната на Исламска држава во Сирија и Ирак.

Дури и сега полицијата избегнува да се појавува во „селата на Алах“, а во 2010 година беше неопходно да се испрати единица од 600 вооружени припадници на специјалните сили за да може да влезат во две од нив – Горна Маоча и Овча, кои се сметаат за тврдини на исламскиот фундаментализам. При рациите кои беа извршени во домовите, беа пронајдени оружја, експлозиви и појаси кои ги користеле бомбаши самоубијци.

### 3.3.2. ИСЛАМИСТИ ОД БАЛКАНОТ

Австриската полиција уапси исламисти кои меѓу муслиманите во Австрија ширеле пропаганда на ИД. Радикалните исламисти биле под лупа на Уредот за борба против тероризам повеќе од две години

На крајот на август 2020 година тројца кумановци се уапсени во антитерористичка акција на Министерството за внатрешни работи во соработка со Агенцијата за национална безбедност и Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција.

Како што соопштуваат од МВР, членовите на групата обезбедувале финансиски средства и набавиле поголема количина на оружје, муниција и воена опрема, која ја сокриле и складирале во близина на локалниот пат с. Биљановце – с. Пчиња на месноста викана Менкова Колиба.

Како резултат на добиени оперативни сознанија и примена на оперативно-тактички мерки, на споменатата локација пронајдени се: пет автоматски пушки, пушкомитралез, 18 рамки за автоматска пушка со по 30 куршуми, рамка со 15 куршуми, три дрвени кундаци, дрвен кундак со механизам за испалување, три гранати за рачен фрлач со напис RD 40мм, пет запалки за гранати за рачен фрлач со осигурувачи, две маскирни капи, две поткапи црна и сива боја, два пара маскирни ракавици, два тактички елеци,

четири тактички елеци со маскирна боја, знаме со испишани арапски букви (ИСИС), марама со испишани арапски букви.

Не е за изненадување желбата и мотивот за вклучување на државјани од Балканот во сирискиот конфликт, ако се направи еден пресек на воените конфликти на тлото на бившата југословенска држава во последниве две децении. Платеници од Блискиот Исток имаат активно учество во воените дејствија на страна на муслиманските единици. Истото се случи и во 2001 година кога на територијата на Република Северна Македонија беше формирана единица „Имри Елези” во с.Отља-Липково, која беше составена од странски државјани- муџахедини[41].

Неофицијални податоци и извори медиумите брифираа со бројка од околу 200 странски државјани, приврзаници на радикалниот ислам кои учествувале во воените дејствија во 2001 година и кои биле распоредени во повеќе единици на територијата на Република Северна Македонија, но и меѓу нив се издвојува вод составен од муџахедини „Имри Елези” кој бил во склоп на 113-та бригата „Исмет Јашари”, која дејствувала во кумановскиот регион. Припадниците на овој вод биле државјани на повеќе земји како Саудиска Арабија, Турција, Босна и Херцеговина, Авганистан, Косово и Албанија. Станува збор за припадници кои посетувале обука на терористички кампови во повеќе земји.

Заменик командантот Бекир Халими пред неколку години е уапсен во акција на МВР поради сомневање за соработка со организации ставени на црна листа поради финансирање на Ал Каеда.

Проблемот со исламскиот радикализам преку муџахедините, вахабистите и слични на нив, продолжи и по конфликтот, иако тоа беше негирано од надлежните институции за подоцна да признааат дека повеќе џамии, стари и новоизградени се под контрола и финансирани од таканаречени вахабистички и салафистички структури од Блиски Исток.

[41] Оџаков Ф. Тероризам и организиран криминал. 2013

### 3.3.3. БАЛКАНОТ ЖЕШКА ТОЧКА ЗА РЕГРУТИРАЊЕ ИСЛАМСКИ МИЛИТАНТИ

Коронавирусот и животот со пандемијата на Балканот, како и секаде низ светот, се чини не успеа да ги стивне заканите што доаѓаат од тероризмот. На оваа констатација наведуваат постојаните натписи на светските медиуми, кои по којзнае кој пат предупредуваат дека Балканот е локација каде што се регрутираат припадници на различни терористички организации. Меѓу другите, за ова информира и весникот „Њу Делхи тајмс“ истакнувајќи загрижувачки информации, според кои, Балканот останува „жешка“ локација каде што се регрутираат идните припадници на исламските радикални терористички организации, кои дејствуваат во светот.

Според весникот, граѓаните на балканските земји, кои се регрутирани од радикалните исламски организации, со години војуваат на боиштата на Блискиот Исток.

Во својот текст „Њу Делхи тајмс“ подвлекува дека Балканците во борбите во Сирија и во Ирак во најголем дел членувале во редовите на Исламската држава, но постојат и информации дека овие луѓе биле составен дел на единиците на странски доброволци што војуваат под знамињата на помалку познати радикални групации како Џабат Ал Нусра, Ал каеда, Хајат Тахир ал Шам и други[42].

Весникот истакнува дека една од попознатите борбени единици, која војува во северозападниот дел на Сирија и го носи името „Катиба“, е составена претежно од луѓе од Албанија, Косово, Србија и од Република Северна Македонија. Весникот притоа потсетува дека извесен скопјанец Абдул Јашари, познат по своето џихадистичко име Абу Катада ал Албани е командант на единицата.

„Њу Делхи тајмс“ пишува дека скопјанецот во 2016 година од американските власти е прогласен за терорист, бидејќи било заклучено дека тој бил активен во финансирањето на терористичките активности на милитантната организација Џабат Ал Нусра. Весникот потсетува дека лицето на овој џихадист се појавува на голем број пропагандистички видеа објавени на

[42] https://www.newdelhitimes.com/

интернет меѓу 2016 и 2020 година, во кои тој ги глорификува воените операции на терористите, нивните планови за дејствување и храброста на загинатите борци.

Според наодите на „Њу Делхи тајмс“, скопјанецот командува со група од најмалку 24 војници од албанска националност, како и одреден број борци што не се од оваа етничка припадност.

Во едно од своите пропагандистички видеа објавени на 8 мај 2020 година, Јашари командува со обука на нови припадници, кои увежбуваат борбени маневри користејќи ги тешките митралези од типовите „СПГ-9“ и „АСГ-17“ – пишува „Њу Делхи тајмс“.

Некои пак велат дека загрижувачки е и присуство на жени од Балканот во редовите на Исламска држава, иако засега нема точни податоци за нивниот број.

„Постојат и голем број на жени во овој регион кои регрутираат други жени. По пат на интернет и лични пријателства. Само од Србија тој број во 2015 година е седум жени кои се наоѓаат во Сирија и Ирак. Има повеќе мотивациски фактори, како на пример идеолошките причини дека џихадот не е само работа на мажите.“ вели Милица Чурчич - истражувач на тема жени терористи од Белград[43].

Балканските со израелските експерти се поврзуваат на различни теми, се бара економски можности за зајакнување на врските меѓу Израел и Балканот дури и во овој комплициран период. По долго време на нестабилност и неколку избори, Израел има стабилна влада и сака да расте партнерството со Балканот.

Воените дејствија од почетокот на 90-те години до денес а особено етничките конфликти во Босна и Херцеговина, Косово, Република Северна Македонијаа во 2001 година, придонесоа голем број на платеници од исламските држави да земат учество и да создадат мрежа на дејствување низ целиот Балкан, која мрежа денес многу јасно и недвосмислено дејствува на различни начини.

Република Северна Македонија не е исклучена од терористички закани и како учесник во сите меѓународни операци кои значат континуирано трајна

[43] www.srbijadanas.rs

борба против тероризмот ќе биде на мета на глобалните терористички структури.

Како прилог на тврдењето “Сандеј Тајмс” го цитира поглаварот на исламската верска заедница (ИВЗ) Сулејман Реџепи кој повеќе пати во јавноста има излезено со констатација дека најмалку четири џамии на територијата на Скопје не се под контрола на ИВЗ и во нив се проповедало т.н. вахабистичко учење. Радикалните имами во овие џамии покажувале снимки од Авганистан, Ирак и палестинските територи со цел да го илустрииртаат своите тврдења дека западот води војна против исламот, а со свои војници инволвирана е и Република Северна Македонија.

За присуството на исламистички радикални структури во Република Северна Македонија предупредуваат и повеќе меѓународни државни функционери. Во 2010 година израелскиот министер за надворешни работи предупреди дека во Република Северна Македонија постојат сигнали што упатуваат дека Балканот е следна цел на глобалната мрежа на Џихадот.

Стратегијата на радикалните исламистички организации на Балканот од страна на многу аналитичари и медиуми е нарекувана со термините „Зелена трансверзала” или „зелен коридор”.

Според босанскиот медиум “Независне новине”, исламските милитантни структури од арапските земји се поврзуваат со Европа преку балканската т.н „Зелена трансверзала” која минува низ Босна и Херцеговина, Санџак, Косово, Република Северна Македонија, Бугарија и Турција.

„Зелената трансферзала” претставува теорија што има за цел да објасни потенцијален обид за обединување на териториите на Балканот во кои живеат муслимани.

Во таквата голема држава би влегле делови од Албанија, Косово, Република Северна Македонија, Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина и како центар на идеата би била Турција.

Една координирана акција на меѓународните сили и силите на Босна и Херцеговина во с.Горна Маоча каде што е затекнат еден сосема друг начин на живот, а по правилата на креаторот на вахабистичкото учење Мухамед ИБН Абдул Вахаба.

Како потврда на присуството на исламистички екстремисти на Балканот или т.н. “бели муџахедини” (по бојата и ликот на кожата не се разликуваат од

останатото население на Балканот) ќе ја наведеме изјавата на Фатос Кљасица- висок фунционер во албанската разузнувачка служба во која се потврдува дека Осама Бин Ладен во 1994 година ја посетил Албанија со цел формирање на терористичка мрежа на Балканот, како прилог на ова е наведено терористичка организација „Исламско вооружено движење" на народната арапска исламска конференција (ПАИС) 1995 година во Кортум ја донело стратегијата за исламистички тероризам на Балканот.

Клод Монике, европски експерт за тероризам, предупредува дека локални криминални организации и Ал Каеда имаат финансиски врски, и за некоја година фундаменталисти ќе регрутираат членови за нивните терористички активности. Според него територијата на Република Северна Македонија е „сива зона" за влез на исламски терористи во Западна Европа.

Денес сме сведоци дека граѓани на Република Северна Македонија учествуваат во воените судири во Сирија, Ирак, Авганистан, некои од нив загинуваат на тие боишта но дел се враќаат и сигурно ќе бидат употребени за некакви активности во делот на Европа. Во мај 2014 год од извори на македонски медиуми, македонски државјанин посочен како Мухамед Зекири од охридско, бил приведен и е обвинет во Турција за терористички напад врз полициска станица во областа Ниде. Во нападот што Зекири го извел со уште двајца косовски државјани при враќање од Сирија кон Балканот биле убиени двајца турски државјани и еден цивил. И како што предходно напоменавме не е позната бројката на македонските граѓани кои учествуваат или учествувале на боиштата на Блискиот Исток. Но едно е сигурно, дека пристигнуваат повратни информации за загинати од Гостивар, Чаир, Скопје (индикативно тројца загинати од иста улица најверојатно пријатели) с. Грчец, Беловиште и.т.н.

Голем е бројот на лицата од земјава и регионот кои од различни мотиви пред сѐ религиски, заминуваат да војуваат како доброволци во конфликтите на Блискиот Исток како и стратегијата на самопрогласената ИД во Ирак и Сирија да формираат нов калифат на Балканот и тоа пропратено со голем број на инциденти.

### 3.3.4. БАЛКАНСКИ БРИГАДИ НА ТЕРОРИСТИТЕ НА ИСЛАМСКАТА ДРЖАВА

Доаѓаат од Албанија, Македонија, Босна и Херцеговина и Косово - повеќе стотици џихадисти се дел од Балканските бригади на терористичката организација Исламска држава (ИД). Тие се борат за тоа Балканот да стане дел од новиот „калифат".

Неодамна, Босна и Херцеговина го заостри и кривичниот закон. Лице кое регрутира борци за џихад може да добие затвор во траење до 10 години.

Беше уапсен и човек кој пред три години планирал напад врз американската амбасада во Сараево. Еден атентатор самоубиец кој загина во Ирак неодамна, е син на уапсениот.

Во парламентот во Косово најбројна е партијата која е копија на турската АКП. Надвор од парламентот атмосферата ја подгрева исламистичката партија ЛИСБА - против забрана за носење шамија во училиштата, против Западот, против хомсоексуалците. Еден од нејзините водечки луѓе е Фуад Рамиќи, поранешен муџахедин кој се борел во Босна. Тој вели: „ЕУ и западниот свет имаат христијанска основа. Не ни одговара сѐ што доаѓа оттаму."

При една рација на средината од август 2020 година беа уапсени повеќе од 40 Косовци под сомнение за тероризам, а полицијата заплени експлозив, оружје и муниција. Сослушуван беше и имамот Красниќи. Повод за акцијата беше една хорор селфи-фотографија на 24-годишен борец на ИД од Косово, фотографија со обезглавување која се прошири преку социјалната мрежа - Фејсбук. Кон фотографијата Косовецот имаше допишано: „Работиме како во косовската војна".

Истражувачката новинарка Арбана Џара објаснува: „Ако отидете во селата, ќе видите - од децата родени во војната сега се израснати млади луѓе. Тие почнуваат да се молат. На тоа не може да им се забележи, но со овие навистина сиромашни луѓе може лесно да се манипулира. Ако секој месец им се даваат пари, тогаш можат лесно да се регрутираат за вакви групи. Сиромаштијата е како плодна почва".

Џабир Хамиди, истражувач на исламот од Приштина предупредува од опасноста од „темпираната бомба" со име исламизам, кој добива поддршка од арапските држави. „Пред војната немавме проблем со тоа. По војната овде

дојдоа хуманитарни организации кои сакаа да шират поинакво интерпретирање на исламот. Но, ние сме дел од Европа, а екстремните ставови се опасност за исламот, а и за нас муслиманите овде.“

### 3.3.5. БАЛКАНОТ И НАТАМУ СООЧЕН СО ИСЛАМИСТИЧКА ЗАКАНА

На Балканот и натаму постои опасност од исламистичката сцена, проценува германската влада. Но, конкретни наводи за потенцијалот на закани нема, зашто многу одговори се „под клуч“.

Германската влада не исклучува „генерален потенцијал на закана од страна на поединци и подгрупи од исламистичката сцена“ во Босна и Херцеговина. Постојат поединечни контакти меѓу радикални исламисти од Балканот и Германија, се додава во одговорот и се наведува дека тајната служба БНД нема конкретни укажувања за растечки исламистички тенденции во Босна и Херцеговина.

Владата, на пример, не се изјаснува јавно околу парите од државите од Заливот со кои наводно целно се поттикнува вахабистичката интерпретација на исламот на Балканот. Истото важи и за испраќањето на имами од Саудиска Арабија и Турција во БиХ.

Растечкиот број насилни исламисти на Балканот има огромни последици по безбедноста во Германија, тврди Севим Дагделен, пратеничка на Левицата која во пратеничката група е задолжена за надворешна политика. „Покрај тоа, сосема е неприфатливо што Владата и натаму ја држи во тајност улогата на државите од Арапскиот полуостров, пред сè на Саудиска Арабија, но и Турција.“

Сојузната влада како „особено чувствителни“ ги третира податоците за бројот на борци кои од Босна и Херцеговина и од Косово им се приклучиле на џихадистичките групации во последните години. Според претходни медиумски извештаи, овие две земји - гледано според бројот на население - се европски прваци во извоз на исламистички борци.

Владата сепак открива еден податок: борците од Балканот се приклучуваат не само на т.н. Исламска држава и поранешниот Ал Нусра-фронт, туку десет проценти од нив одат и во групации на Слободната сириска армија.

Во извештајот на Владата се вели и дека повеќе борци се регрутираат од салафистичките села во Босна и Херцеговина, како што е Горња Маоча. Сојузната влада тоа село го нарекува „параден пример“ и „урнек“ според кој во таа земја никнуваат и други „мали населби“ чии жители својот верски и социјален живот го ориентираат според „раноисламски навики и обичаи“.

Ведран Џихиќ, истражувач од Австрискиот институт за меѓународна политика во едно поранешно интервју за “Дојче Веле” оцени дека се работи за „радикално отстапување од традиционалниот балкански ислам“. „Гледаме припадници на салафистичкото движење на улиците, активни се во различни културни одделенија, имаат паралелни џемати надвор од официјалната исламска заедница. Јасно е дека со помош на Саудиска Арабија и други земји градат паралелна инфраструктура која директно се спротивставува на традиционалните исламски заедници“[44].

Според негово мислење, поважно е занимавање со проблемите кои довеле до јакнење на екстремизмот, а меѓу нив, според некои други истражувачи, е пред сè сиромаштијата. Она што е неопходно, вели Џихиќ, е борба против сиромаштијата, вистинска ЕУ-перспектива за западнобалканските држави, јакнење на либералната балканска интерпретација на исламот, како и ефикасна соработка на тајните служби.

Салафистичкото движење во Германија привлекува сè повеќе млади луѓе. Експертите се обидуваат да одговорат на прашањата - зошто исламистичката група е толку популарна, и како да ги спречат младите да стануваат џихадисти[45]?

Околу 500 германски џихадисти во Сирија, меѓу нив 20 загинале, а стотина повратници се сметаат за опасни: тоа е билансот на растечкото исламистичко движење - Салафизмот. Релативно мал број - околу 5.500 луѓе од околу 4 милиони муслимани во Германија, ги следи салафистичките учења на сунитскиот Ислам. Но, движењето расте и тоа многу брзо.

„Салафизмот е како резервно семејство за некои млади, таму наоѓаат признавање и сигурност“, вели Клаудија Данчке, шеф на одделот за

[44] https://www.dw.com/

[45] www.dw.com

Исламизам и ултра-национализам во берлинското Друштво за демократска култура.

Властите во Германија се надеваат дека преку превенција ќе успеат да го спречат напливот на млади луѓе во движењето, од каде потоа голем број заминуваат како џихадисти на боиштата во Ирак и Сирија. Уфук, што на арапски значи перспектива, е еден од поуспешните проекти за превенција во земјата.

### 3.3.6. АРАПСКИТЕ ДРЖАВИ ГО ФИНАНСИРААТ ИСЛАМИЗМОТ НА БАЛКАНОТ

Саудиска Арабија го засилува своето влијание преку ширење на вахабизмот, додека Турција се обидува да игра позначајна улога на териториите кои некогаш беа дел од Османлиската империја, оценува германската влада.

Германската влада констатира раст на исламистичкото влијание преку Саудиска Арабија и други држави од Заливот на Западниот Балкан[46].

„Мисионерските организации на Саудиска Арабија се активни на Косово и таму ја шират вахабистичката интерпретација на Исламот, на пример, преку испраќање свештеници“, се наведува во оценка на германската влада испратена како одговор на пратеничко прашање на партијата на Левицата во Бундестагот.

Дополнително, во регионот е забележан „континуиран ангажман на поединци, невладини организации, како и државни и полудржавни организации во Исламската заедница на Косово“.

Освен влијанието на саудијците, констатирано е и зајакнато влијание на Турција на Балканот.

Исламскиот фундаментализам е закана за дестабилизација на Балканот и Република Северна Македонија, каде што во последниве десетина години се имаат влеано стотици милиони фунти за обука на борци за џихад. Во Република Северна Македонија биле надгледувани над 50 волонтери на

[46] Cengiz M Profiling Organized Crime Groups in Turkey, труд презентиран на Истанбулската конференција за демократија и глобална безбедност. 2005

терористички структури кои се подготвувале за учество во воените конфликти на Истокот.

### 3.3.7. ИСЛАМСКИОТ ТЕРОРИЗАМ Е НАЈГОЛЕМА ЗАКАНА ВО ЕВРОПА

Исламскиот тероризам и радијализацијата на младите муслимани се наоѓа во центарот на вниманието во Европа. Бидејќи училиштата, универзитетите, па дури и спортските клубови стануваат жаришта на исламизмот, експертите велат дека некои европски земји доброволно го дозволиле тоа.

Радикализацијата се случува преку различни канали. Најпрво, тоа се случува во населбите, во градовите, во општините, во спортските објекти, во вежбалниците, во фудбалски клубови и се разбира во училиштата. Покрај овие, има многу различни начини или различни места, како што се затворите, универзитетите.

Најголем дел од радикализацијата се врши на рана возраст, и тоа на улиците, во општините, во некои училишта. Тоа е малцинство, радикализацијата засегнува можеби 10 до 20 % од младите муслимани во Европа. Тие луѓе во прво време мислеле ќе останат само 2 -3 години само за работа, а потоа ќе се вратат во своите земји. Се разбира тие не се вратиле.

Белгијците, како и холанѓаните, не го сфаќале многу добро тој проблем и тие очајнички барале некој што би можел да им помогне. Така саудијците почнуваат да испраќаат пари, луѓе, што секако била една скриена агенда нивната идеја, се разбира, била да ги радикализираат луѓето.

Балканот како крстосница меѓу Европа, Азија и Северна Африка пртетставува транзитен регион за активности поврзани со терористички организации[47].

Во врска со убиството на петте момчиња на Смилковското езеро, експертите се согласни дека главна цел на извршителите на убиството е дестабилизација на Република Северна Македонија. Она што е потребно да се утврди е кому и зошто му одговара таква нестабилна состојба. МВР соопшти дека убиствотто е дело на исламистички терористи.

[47] Talbot D. Terror's Server: How Radical Islamists use Internet Fraud to Finance Terrorism and Exploit the Internet for Jihad Propaganda and Recruitment. Technology Review.com. 2005.

### 3.3.8.ТУРСКАТА ПОЛИТИКА НА БАЛКАНОТ

„Од доаѓањето на власт на АКП во 2002 година и особено во време на мандатот на поранешниот министер за надворешни работи Ахмет Давутоглу, се случи стратешка преориентација на турската надворешна политика. Во рамките на оваа нова ориентација, овој регион (Балканот,н.з.), како поранешен дел од Османската империја се најде, не само, во политичкиот фокус“, оценува Владата во Берлин. Во тој контекст, Турција има свои политички проекции во регионот и се стреми „да игра активна улога во регионот“.

По неуспешниот пуч во Турција во јули 2016 година, конфликтот меѓу турската влада и движењето „Ѓулен” се пренесе и на балканските држави, во прв ред, Босна и Херцеговина, Албанија, Република Северна Македонија и Косово.

### 3.3.9.РЕШЕНИЕ ЗА КУРДСКОТО ПРАШАЊЕ

40 милиони Курди се поделени помеѓу 4 држави: Турција, Иран, Ирак и Сирија. Условувањето од оваа географска и политичка ситуација, во текот на неколкуте генерации, Курдите кои што живеат во секоја од овие држави имаат создадено посебни карактеристики, како свои дијалекти, племенската лојалност, лидерство, идеологии и историски искуства. Курдските партии ги потврдуваат овие разлики со карактеристична бирократска прецизност од двете страни на ирачкото-сириска граница.

Одделно од условната подршка од САД и на Русија, Курдите не уживаат симпатии од регионалните влади сметајќи ја опозицијата во Турција како еден од најжестоките противници.

Председателот Реџеп Таип Ердоган го смета курдското сепаратистичко движење, претставено од курдистанската работничка партија (ПКК на курдски) како главен фактор на нестабилноста на Турција. Главната курдска мисија во Сирија се единиците за народна заштита (ЈПГ на курдски) кои се поврзани со ПКК[48].

[48] Cengiz M Profiling Organized Crime Groups in Turkey, труд презентиран на Истанбулската конференција за демократија и глобална безбедност. 2005

Во почетокот на летото на 2016 година, напредокот на сириски демократски сили (СДФ) кон Африн против исламската држава и судирите со сојузничките бунтовнички на Турција, ја потикнаа Анкара да се плаши дека курдите можат да ја остварат својата цел да создадат своја автономна заедница на границата со Сирија. Како Курдите не сакаа да се придржуваат кон оваа состојба , на 22 август 2016 година, турските вооружени сили ја започнаа операцијата „Еуфрат Шилд" која како што објаснува турскиот министер за одбрана има двојна цел. ИД треба да биде целосно исчистена тоа е апсолутно потребно.

За неколку недели турската армија и нејзините бунтовнички сојузници го принудија Даеш да се повлече во внатрешноста на Сирија. Западно од Еуфрат, Турција веќе ја има контролата врз областа за која што постојано бараше да се претвори во зона на забранети летови и за превземање на сириските бегалци, делувајќи како еден вид на „тампон зона" спречувајќи го нивното преминување на нејзина територија.

Фактот дека се поставени жици долж турско- сириската граница со цел за да се снабдуваат со струја новосоздадените населби што е показател Ердоган има несомнени намери за создавање на оваа тампон зона.

Нестабилноста во Ирак и Сирија ги зголеми тензиите околу курдското прашање, додека е отворена можноста за остварување на долгогодишната желба на овие луѓе да создадат сопствена држава.

Курдското прашање се базира на механизмот амнестија на целата структура на ПКК, од Оџалан, кој е врвен администратор, до милитантите, како и доделување на разни права на Курдите и делумна администрација на Курдите.

ПКК станува неоспорен единствен претставник на Курдите и курдското прашање.

Во извештајот се наведува дека дури и ако проблемот со тероризмот и курдското прашање се испреплетени, неизбежно е да се направи разлика помеѓу овие две и се потенцира неопходноста од решавање на курдското прашање во однос на социјалните, политичките, економските, основните и културните права.

Предлозите за решение се следните :

• Ослободување од етничката националистичка парадигма како предуслов за решение. Најважниот извор на етнички проблеми се во основа етничките националистички политики на оваа национална држава и национализмите иницирани од етнички групи кои дејствуваат со истата логика против неа. Соодветно на тоа, ревизијата на државата на етничкиот национализам и моделот на национална држава, ослободувајќи се од нереалната „легенда за културна хомогеност" и одразот на нормите и практиките се наметнуваат како предуслов за решение. Така, еден од најважните проблеми во контекстот на курдското прашање е наметнување на единствена нација од националната држава и етничката националистичка парадигма што се појавува и се интензивира како реакција на ова. Сè додека оваа реакција има за цел да се добие посебен идентитет и статус, тие неизбежно имаат етнички националистички карактер (квалитет и методи) и ненаситно ги продолжуваат своите животи. Во овој поглед, можно е да се ослободиме од етничката националистичка парадигма доколку се откаже државата што ја создаде и ја поседува оваа парадигма. Покрај тоа, во фокусот на решението не треба да бидат барањата на овие етнички националистички движења, туку потребите и поплаките на етничката група кои можат да бидат под влијание на овие движења.

• Појдовна точка на решението: исполнување на „потребата за идентитет". Можеме да тврдиме дека постојат две погрешни точки во врска со решението: Првата од нив е „индексирање на курдското прашање до ПКК". Ова го попречува решението со тоа што е невозможно да се исполнат безбедносните потреби на државата. Второ, „да се индексираат правата за борба против тероризмот". Ова го оневозможува исполнувањето на идентитетските потреби на Курдите. Во основата на проблемот лежи мотивот за одбрана на идентитетот од согледаната закана, имено „социјалното осигурување". Денес, и покрај неговата повеќедимензионална и сложена форма, курдското прашање во суштина е проблем на заштита и обезбедување на етнокултурен идентитет различен од мнозинството, изразувајќи го слободно и без страв и исполнувајќи ги неговите барања. Проблемот со социјалното осигурување не е само колективен проблем на група, туку и хуманитарен проблем кој се чувствува пред сè на индивидуално ниво. Затоа, ако стравот од губење на идентитетот, што треба да се сфати како природна потреба што предизвикува поединци да

дејствуваат со барање да се признае нивниот идентитет, тогаш курдското прашање не е првенствено прашање на „политички статус“, туку повеќе на својствени културни права како што се човековите права, кои произлегуваат од потребата за заштита на идентитетот и е крајно „хуманитарен“ проблем. Затоа, главната и итна насока кон која треба да се фокусираат напорите за решавање лежи во човечката димензија, а не во политичката. Суштината на стратегијата што треба да се следи во курдското прашање треба да биде исполнување и обезбедување на идентитетските потреби на Курдите, а не потрага по ПКК и крај на тероризмот. Можеби на овој начин, курдската политика може да се исчисти од насилство. Меѓутоа, ако теророт продолжи, тоа значи дека имате чист безбедносен проблем без разумно оправдување. Неговото барање е направено во свој контекст[49].

- Неопходен услов на решението: Културни права. Нашето тврдење е дека сè уште е можно да се реши курдското прашање во голема мера со заштита и обезбедување на курдскиот идентитет и културните права да бидат дадени целосно и без одлагање, без потреба од никаков претставник и преговори. Главната цел на културните права, кои исто така се дел од човековите права, е да се елиминира проблемот со општествената безбедност што го доживеаја дел од граѓаните и да се обезбеди ефикасна еднаквост и општествена интеграција. Само благодарение на овие права ќе биде возможен политички систем во кој партиципативната и плуралистичката демократија и социокултурните разлики живеат заедно во мир. Во овој поглед, културните права се очекува да функционираат во четири фази: Обезбедување на социјална сигурност, Обезбедување на ефективна еднаквост, Обезбедување социјална интеграција, Партиципативна демократија и Градење на плуралистичко општество. Како резултат, денес, културната диференцијација не се гледа како поделба во општеството, туку како извор и елемент на богатството, а демократските квалитети и почитувањето на човековите права на државите се мерат со заштитата на овие разлики. Поради оваа причина, почитувањето на етничкиот, културниот, јазичниот и религиозниот идентитет, создавањето соодветни услови за изразување, заштита и развој на овие идентитети се неопходни за плуралистичкото и вистинско демократско

[49] Магистерски труд од универзитетот Аднан Мендерес во Ајдин. Türkiye’de Terörle Mücadelede Türk Kamu Yönetiminin Işlevleri Üzerine Genel Bir Değerlendirme: PKK Örneği. 2014

општество. Државата на Турција, во минатото исто така делуваше во согласност со оваа фаза, го негираше минатото на малцинствата, различните идентитети, применуваше притисок и асимилирачка политика. После тоа, се гледа дека иако неволно, во раните 90-ти години на минатиот век, остана близу до политиката на „признавање“, а од средината на 2000 година до делумно „заштитната“ политика. Сепак, се забележува дека културните права, кои се признаваат како рефлектирани во пракса, се даваат како производ на политика на „контролирано и несакано признавање“, понекогаш во контекст на „толеранција“, а понекогаш и „почит“. Доделувањето на културните права во рамките на овој пристап води до преиспитување на искреноста и кредибилитетот на државата во заштитата на идентитетот на Курдите и го нема посакуваниот ефект. Затоа, доколку културните права треба да бидат ефикасни во решавањето на Курдското прашање, тие треба да бидат дадени целосни и комплетни, во рамките на политиката за заштита, на начин што ќе вклучува искрена и подготвена државна поддршка и да ги спаси од тоа да бидат дел од политиките за присилно признавање. Идејата дека овој проблем не може да се реши со културните права произлегува од овој пристап на погрешна примена. Тешко дека движењата од типот ПКК и, општо, курдскиот национализам ќе се смират со културните права. Бидејќи крајната цел на националистичките движења не е само „зачувување на идентитетот и добивање права“, туку и „добивање статус“ што може да го обликува како што сака со целосно обезбедување на овој идентитет. Како заклучок, имајќи ги предвид определбите во однос на фазата достигната во курдското прашање, можеме да го кажеме следново: Државата треба да даде целосни и комплетни културни права без понатамошно одложување. Дури и ако времето истекува, ова сепак е минимално ниво на решение кое е неизбежно. Колку побрзо се одложи во доделувањето на културните права, неопходното решение е да се даде силен политички статус. Со други зборови, колку повеќе одложувањето се зголемува, толку посилен станува курдскиот национализам и посилно се менува барањето за статус.

• Потешкотии при решавањето на спорот: барање на статусот на курдскиот национализам. Кога курдското прашање ќе се реши во контекст на идентитетските и културните права, ПКК нема да исчезне целосно, дури и ако ослабне со губење на причината за постоење. Бидејќи ПКК сега го претставува

и курдскиот национализам и е една од нејзините најсилни жили. Едно од најважните разлики на националистичките движења е обидот да се добие независна самостојна административна единица. Реално, дури и да го игнорираме ова барање и да решиме важен аспект на проблемот, нема да можеме да го решиме сето тоа. Бидејќи ПКК, има многу важно место во БДП со директното учество на Курдите на политичката сцена со 2,5 милиони гласови. Затоа, мора да биде усвоен пристап кој одговара на барањето за статус на ниво што ќе го смири курдскиот национализам, но да не ја претвори државата во позиција на актер подложен на тероризмот. Но како? Пред да бараме одговор на ова прашање, мора да се обидеме да разбереме зошто потекнува ова барање за статус изразено од курдската политика и зошто е тоа потребно. Може да се направат две објаснувања во врска со ова. Прво, може да се каже дека најбрзиот и најсигурен начин за обезбедување идентитет е да се добие статус. Може да се смета дека политиките на негирање и асимилација и неподготвеноста на културните права ја доведоа курдската политика до оваа точка. Второто објаснување за потеклото на барањето за статус може да се даде во рамките на природата на национализмот и правото на самоопределување. Во овој поглед, потрагата по посебен статус може да произлезе од желбата / напорот на курдскиот национализам да се самоуправува со формирање на своја политичка единица. Бидејќи национализмот го карактеризира општеството во кое се размножува како „нација или народ“, затоа тој бара своја политичка единица, заснована на „правото на самоопределување“ по секоја цена. Затоа, курдската политика повеќе не е во потрага по културни права, туку политички статус. Сепак, барањето за статус што произлегува од таквото разбирање не претставува дел од оптималното решение. Затоа што, како што рековме и претходно, решението не е во задоволството на курдскиот национализам, туку во задоволството на Курдите. Во овој поглед, правото на самоопределување не е културно право, ниту е дел од јазикот на решението. Всушност, правото на самоопределување, наведено во Договорот за ООН, не е апсолутно валидно за сите нации или народи и не е право што може да се изрази „без исцрпување на начините на заедничко живеење“ и како резултат, „без можност да се живее заедно“. Каков статус бара курдската политика? Курдската политика всушност нема јасен и доследен одговор на ова прашање. Од 1970-те, на моменти беа

споменувани сите опции, од политичко-регионална автономија до федерација, дури и до формирање на посебна држава, како што се гледа во дискурсот на „независен, обединет Курдистан“. Од барањата за „независен, обединет Курдистан“ како сепаратистичко движење на почетокот на 1990 година ја напушти оваа цел и се објави „решенија во рамките на Турција“, но на начин што е во контраст со оној „Конвенцијата на КЦК“ од 2007 година и повторно ќе има друг контекст. Кога ги разгледуваме барањата на ПКК, која е ориентирана кон целта на обединетиот Курдистан, наидуваме на маса дискурси и концепти чија содржина не е добро дефинирана, чијашто применливост никогаш не била разгледана, а тоа вклучува максималистички барања: „да се биде основачка нација“, „демократска република“, „демократски конфедерализам“. демократско еколошко општество“ и на крај „демократска автономија“. Во овој контекст, можно е да се појави статус со разбирање на „самоуправа“, не „самоопределување“, преку логиката на демократизација и зајакнување на локалните самоуправи, што е услов за современо управување. Иако ова не е обврска за решение, тоа може да биде најбрзиот и најсигурен начин за заштита и обезбедување на идентитет, како и да помогне полесно да се спроведуваат културните права и да се решат проблемите со полесно решавање на регионалните проблеми. Партиципативната демократија и културните права веќе имаат трет столб кој бара преструктуирање и зајакнување на локалните самоуправи со омекнување на крутите централизирани структури. Додека во непосредна близина на регионот населен со Курди во Турција, „Регионалната влада на Курдистан“ во Ирак, „Провинција Курдистан“ во Иран, додека Сирија во блиска иднина се гледа слично преструктуирање, Турција треба да преземе чекори да ги смири барањата за статус во овој формат. Ова нè носи уште еднаш на прашањето за зајакнување на локалните самоуправи. Зајакнувањето на локалните самоуправи може да се примени во форма на зголемување или автономизирање на овластувањата на локалните администрации во смисла на „административни и финансиски“ во рамките на унитарната структура, како и во форма на „воспоставување на автономни регионални администрации“ опремени со „политички“ специфични овластувања во унитарна структура. Во секој случај Турција се откажа од строго централизираниот државен пристап во однос да го олесни решавањето на курдскиот проблем, кое предвидува радикална реформа за зајакнување на

локалните самоуправи. Зајакнувањето на локалните самоуправи во рамките на значајната административна и финансиска автономија може да ја смири оваа потрага по статус и да биде алатка за ослабување на постоењето на ПКК. Всушност, ова исто така ќе ја елиминира оправданоста на барањето на ПКК за статус, што ќе остане единствена причина за постоењето на ПКК, бидејќи тоа ќе значи дека државата ја продлабочува партиципативната демократија, го уверува курдскиот идентитет и ги остварува културните права[50].

Формирањето на етнички националистички став меѓу Курдите треба да се бара пред сè во монистичката структура на системот на национална држава. На крајот на краиштата, етничкиот национализам се развива во општества каде основните вредности на етничката припадност, како што се јазикот, културата и животот, се под контрола на националната држава. Во овој поглед, задоволувањето на потребата за идентитет, што е почетна точка на решението, и доделувањето на културните права, кои се неопходни за решението, е можно само со елиминирање на наметнувањата што произлегуваат од структурата на националната држава и етничкиот национализам.

Настанот со наслов „Курдското прашање: Предлози за решение“ се одржа во Анкара на 22 јануари 2011 година каде што беа собрани на тркалезна маса академици, политичари и лидери со мислења тесно поврзани со ова прашање. Извештајот збогатен на овој начин, содржи појасни и поншироки перспективи на курдското прашање.

Во извештајот на СДЕ (Институт за стратешка мисла), суштината на курдското прашање е опишана во три фази на следниот начин :

1. Станува збор за воспоставување на Републиката како еднојазична и ненационална.
2. Овде станува збор за оспорување на споменатата состојба.
3. Ова оспорување е во врска со вмешаноста на оружјето.

Се гледа дека СДЕ се справува со курдското прашање од перспектива на конфликтот меѓу националната држава и етничката припадност. Во оваа перспектива, извештајот ја смета тековната состојба како поволна во смисла на отстранување на проблемот и привлече внимание на употребата на мајчиниот

[50] Магистерски труд од универзитетот Аднан Мендерес во Ајдин. Türkiye’de Terörle Mücadelede Türk Kamu Yönetiminin Işlevleri Üzerine Genel Bir Değerlendirme: PKK Örneği. 2014

јазик во образованието со „Демократска автономија“ или „Реформа на локалните самоуправи“ како дискусии што станаа конкретни во процесот на решавање.

Извештајот го предложи следново во врска со чекорите што треба да се преземат во управувањето со процесот што ќе стави крај на курдското прашање, а со тоа и на ПКК :

1. Зачувување на конфликтната средина и продолжување на ненасилството: За да се унапреди процесот, активирањето на оружјето мора да биде апсолутно спречено и да се одржи не-конфликтниот статус. Бидејќи не-конфликтниот статус овозможува да исчезнат меѓусебните национализми што го отежнуваат демократското решение, преговорите за реформите се неопходни за градење на мирот за да го подготват општеството за тоа што ќе се прави во следните фази.

2. Перспектива и јазик: За прв пат владее атмосфера во која доминира широко распространетиот оптимизам и атмосфера на преговори во кои се искажуваат сите мислења во врска со решението. Јазик и стил на преговори треба да се развијат во согласност со перспективата заснована на права што го зема предвид универзалното искуство. Во овој контекст, во процесот на спроведување на иницијативната политика, ниту едно барање не треба да се одбива однапред, туку треба да се отвори за јавна дебата, како во случајот на образованието на мајчин јазик. Треба да се избегнуваат пароли и дискурси како што се „една држава, едно знаме, една татковина“ кои предизвикуваат политика за хомогенизација во последните осумдесет години и со тоа имаат негативни конотации кај Курдите. Исто така, треба да се избегнуваат дефиниции како „главен терорист“, „терористичка организација“ или „сепаратистичка организација“ и што е можно повеќе да се користи неутрален јазик што не содржи вредносен суд.

3. Градење на трета сила за деполитизација на проблемот: „Деполитизација“ на проблемот значи да се биде во можност да се преземат чекори што треба да се преземат на ладнокрвно тло, над политичкиот гнев и пристрасност. За да се постигне ова, потребно е вклучување на „третата сила“, која не е директна страна во конфликтите, со што се намалува тензијата во дискусијата за проблемот и се развива перспектива на решение и се дозволува полесно решавање на прашањето. Третата сила тука се групите кои досега не

биле директно вклучени во проблемот, но оние кои се засегнати од него и кои можат да го отворат патот за решение со својата интервенција, мудрите луѓе и Претседателот.

4. Продолжување на чекорите за градење доверба: Времето до изборите ќе биде од клучна важност. Особено, гласините дека тензијата во регионот е зголемена, со предупредување на Оџалан дека ќе се повлече ако нема конкретен развој, што укажува на потреба за добра проценка на тековниот процес.

5. Вклучување на реформата на локалната администрација на агендата: Законската регулатива за реформата на јавната администрација на која поранешниот претседател А. Неџет Сезер стави вето беше важна не само во смисла на решавање на курдското прашање, туку и во смисла на задоволување на потребата за децентрализирана реорганизација на земјата и оваа важност важи и денес. Особено, треба да се организираат низа симпозиуми или конференции за обединување на барањата на линијата ПКК-БДП во рамките на „демократската автономија“ и реформата на локалните самоуправи што ги бара Процесот на ЕУ и треба да се направат напори да се формира општ консензус за ова прашање.

6. Демонстрирање на волја во согласност со барањата во врска со образованието на мајчин јазик: Една од најгласните точки на работилницата беше дека прашањето за мајчиниот јазик стана незаменливо барање во курдското прашање денес и чекорите за исполнување на ова барање се важни. Затоа, планот за решение за курдското прашање мора пред сѐ да го задоволи барањето за употреба на мајчин јазик во односите со јавните власти, особено во образованието.

Сумирајќи, во извештајот се наведува дека клучот за решавање на курдското прашање е исполнување на културните барања, продолжување на состојбата на ненасилство, дијалог и правење на локалните самоуправи поавтономни и помоќни. Додека доделувањето на културните права наведени во извештајот не претставува пречка за континуитетот на процесот и елиминацијата на курдското прашање, сугестиите за локалните самоуправи се доста радикални. Бидејќи барањата на БДП може да се прикажат како главни контури на автономија: Турција од административен и политички аспект ќе биде поделена на 25 различни региони: оваа нова поделба нема да биде на етничка

основа односно нема да се потпира само на курдски региони туку ќе ја покрие целата земја; ќе се формираат регионални совети и советите ќе бидат главните надлежни тела во однос на административните, политичките и економските термини, во рамките на нивните овластувања загарантирани со уставот. Всушност, статусот на локалните самоуправи во контекст на авторитет и статус или критериумите на автономија стојат пред нас како двосмислени наслови. Додека извештајот зборува за реорганизација на локалните самоуправи, сфаќањето на БДП за реформите во локалната самоуправа е, се разбира, многу поразлично. Покрај тоа, извештајот го потенцираше образованието на мајчин јазик[51].

[51] Магистерски труд од универзитетот Аднан Мендерес во Ајдин. Türkiye'de Terörle Mücadelede Türk Kamu Yönetiminin Işlevleri Üzerine Genel Bir Değerlendirme: PKK Örneği. 2014

# 4. ВЛИЈАНИЕТО НА ТЕРОРИСТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА БАЛКАНОТ И БЛИСКИОТ ИСТОК ВРЗ РЕГИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ

## 4.1 БЕЗБЕДНОСТ И ГЛОБАЛНА БЕЗБЕДНОСТ

Безбедност подразбира состојба да се биде безбеден, односно ослободен од повреда или опасност. Концептот на безбедност е мултидимензионален; односно има нивоа кои влијаат на поединци, компании и на цели општества. На секое ниво треба да се пристапи од различни точки на гледање, но општата атмосфера кон важноста на безбедноста е позитивна.

Безбедноста, како што пишува Арнолд Волферс, не се однесува само на „отсуство на заканите за присвоените вредности“, туку и на „отсуство на страв дека тие вредности ќе бидат загрозени“.

Проучувањето на безбедноста во меѓународните односи според субјектот, се издвојуваат неколку видови на безбедност: национална, меѓународна, регионална, трансдржавна и глобална безбедност.

Стабилноста и безбедноста на регионот веќе не се тема само на државните институции и на меѓународните организации. Регионалната соработка не е повеќе тема само на регионални форуми, иницијативи и проекти. Невладиниот сектор, граѓанските асоцијации и здруженија, особено оние формирани од дипломирани студенти на европските и на светските институти и безбедносни центри, се новите носители на регионалната безбедност.

Регионална безбедност – претставува концепт што оди подалеку од логиката на студената војна, односно треба да претставува одговор на сите нови и мошне опасни закани на безбедноста на современата меѓународна заедница. Ниедна нација не може да ја осигура сопствената безбедност на сметка на друга нација, или безбедноста на една нација не може да произлегува од несигурноста на другата[52].

Кога безбедноста се однесува на глобалната меѓународна заедница, тогаш таа претставува меѓународна, односно светска безбедност.

[52] Котовчевски М. Национална безбедност. Филозофски факултет. Скопје. 2011

## 4.2. ВЛИЈАНИЕТО НА ТЕРОРИСТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВРЗ БЕЗБЕДНОСТА

Како цел на мета на терористичка активност може да биде секој елемент на една држава, секој човек и секој предмет преку кои терористичките структури ќе ги оствари своите цели и ќе го постигне посакуваниот ефект. За да може детално да се разработат потенцијалните мети потребно е да се изврши нивна класификација.

Според професорот Радослав Гачиновиќ објектите на терористичките активности можеме да ги определиме во следниве групи: воени објекти, стопански и индустриски капацитети, комунална инфраструктура, цивилното население, објекти од посебно државно значење и видни личности (како домашни така и странски).

Во зависност од целите и идеите на терористичките структури на територијата на Република Северна Македонија ќе го спомнеме и исламскиот радикализам, тогаш покрај воено полициски цели на мета би се нашле и верски објекти на другите вероисповеди и објекти на државни институции (Судови, Влада, Министертва и.т.н.) во овој контекст би ги спомenale и амбасадите и дипломатите чии земји се инволвирани во воени конфикти на Истокот пред се САД, Германија и.т.н.

### 4.2.1. СТРАНСКИ ТУРИСТИ, МИГРАНТИ, БЕГАЛЦИ

Потребно е да се земе и фактот на несоодветна контрола на патните исправи на граничните премини, кога при застој поради голем број на патници надлежните не ги внесуваат сите патни исправи во централниот интегриран систем, а тоа е со цел да се овозможи побрз проток на патници особено во периодот на годишни одмори.

Но факт е дека во овој случај постои темна бројка на илегални преминувачи, а и во последните години со воените дејствија во Сирија, Авганистан, но и тешките економски состојби во афричките држави бројот е барем 7 до 8 пати зголемен. Во 2013 година и 2014 година бројот на илегални минувања започна нагло да расте за да во 2015 година ескалира т.н. бегалска криза каде што бројките постојано варираа но според неофицијални извори

низ територијата на Република Северна Македонија во 2015 година транзитирале околу 600.000 бегалци. Разузнавачките служби на западните држави започнаа да предупредуваат за опасноста од инфилтрирање помеѓу бегалците на припадници на ИД. Еден од терористите кој пукаше во Париз ја поминал целата балканска рута со сириски пасош на име Ахмед Алмухамед, кој на трети октомври влегол на територијата на Грција, додека според српските служби истиот влегол во Србија на седми октомври од Република Северна Македонија.

Останува прашањето – како истиот ги поминал безбедносните контроли низ половина европски држави. Неодамна германските тајни служби пласираа информација дека најмалку 17 приврзаници на ИД успеале да влезат во Европа како бегалци.

Но потребно е да се нагласи дека на оваа организација не ѝ треба користење на рутите од бегалската криза. Факт е дека припадниците на поранешната Ал Каеда и ИСИЛ и предходно се инсталирани во државите на Западна Европа.

Оваа категорија на граѓани, странски туристи, патници како илегални минувачи (во медиумите се нарекуваат имигранти) во поглед на личната и колективната безбедност се најизложени на безбедносни ризици, почнувајќи од обични прекршоци, полесни кривични дела, па до разни облици на организиран криминал и тероризам.

## 4.3. ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ

Во 2013 година светот имало околу 10 000 терористички напади што е за 44% повеќе од 2012 година, а во истите загинале околу 80 000 луѓе, наведено е во лондонскиот Институт за економски науки и мир.

Четири групи на терористичките напади биле доминантни во 2013 година, нападите на припадниците на Исламистичка држава, нападите на Боко Харем, нападите на Ал Каеда и нападите на талибанските групи. Во овие напади се содржани скоро 66% од жртвите на тероризмот во 2013 година. Најголем број терористички напади во 2020 година се регистрирани во Ирак и тоа 2492, во кои загинале над 6300 лица. Исламистичката држава е одговорна за најголем број ирачки жртви на тероризмот во 2013 година. Повеќе од 80% од светските

жртви на терористички напади во 2013 година се забележани во Ирак, Авганистан, Сирија, Јемен и.т.н.

Терористички дејствија со најголем број на жртви од 1967 година до 2007 година

- низа напади врз САД од страна на Ал Каеда на 11 септември 2001 година (2997 жртви)
- подметнат пожар во кино во Абадан-Иран, август 1978 година-430 жртви
- опсада во училиште во Беслан-Русија, септември 2004 година-386 жртви
- уништување на авионот "Ер Индија" над Атланскиот океан, јуни 1985 година -329 жртви
- подметнати бомби во камионите во воените бараки во Либан октомври 1983 година-307 жртви
- уништување на авионот на Пан Ам над Локерби, декември 1988 година-270 жртви
- нападите на американските Амбасади во Источна Африка, август 1988 година-223 жртви
- бомбашки напад на дискотека во Бали, Индонезија, октомври 2002 година-202 жртви
- бомбашки напади во возовите во Мадрид, март 2004 година-191 жртви

Во Југоисточна Азија:

- масовни масакри од типот на геноцид во Камбоџа;
- терор во текот на културната револуција во Кина;
- иако се случиле неколку години пред 1968 година, да се потсетиме на масакрите на околу 300 до 500.000 комунисти или под сомнение дека се комунисти од страна на режимот на Сухарто (1965) во Индонезија[53].

Преглед на поголеми терористички акции

- во 2002 година, во експлозија на бомба во Синагогата во Џерба биле убиени 19 луѓе.
- во март 2015 година, во напад на музејот „Бардо" во Тунис, напаѓачи облечени во воени униформи убиле 23, а повредиле околу 40 луѓе.
- во саудискиот град Абха, во јужната провинција Асир, бомбаш-самоубиец се разнесол во џамија убивајќи најмалку 17 луѓе.

[53] Кронин О.К и соработниците. Напад на Тероризмот. НАМ Прес. 2009

- на 24 септември 2015 година, во една шиитска џамија во Сана, Јемен, бомбаши-самоубијци активирале две експлозии, при што загинале најмалку 25 луѓе, а околу 30 биле ранети.
- на 17 февруари 2016 година, во центарот на Анкара експлодирал автомобил-бомба, при што загинале 28 лица, а било повредено 61 лице.
- на 22 март 2016 година, во бомбашки напади во Брисел биле убиени повеќе од 30 лица, а над 200 биле повредени. Одговорноста за нападите ја презела терористичката организацијата „Исламска држава“.
- на 10 декември 2016 година, во двоен бомбашки напад во Истанбул загинале 44 лица, а 150 биле ранети. Одговорноста за нападите ги презела групата „Курдистански соколи на слободата“.
- на 19 декември 2016 година, во Берлин, камион што го возел тунискиот државјанин Анис Амри, упаднал на божиќниот пазар при што загинале 12 лица, а 48 биле повредени.
- најмалку 36 луѓе загинаа и 147 се повредени во троен самоубиствен напад на истанбулскиот аеродром Ататурк.

Турскиот премиер Бинали Јилдирим нагласи дека првите знаци укажуваат дека станува збор за напад извршен од т.н. Исламска Држава.

Бомбашите самоубијци дошле на аеродромот со такси, а потоа отвориле оган врз патници од автоматско оружје, по што активирале експлозив. Напаѓачите почнале да пукаат на влезот од меѓународниот терминал на аеродромот во Истанбул и подоцна се разнеле со експлозив што го носеле на себе.

Тоа е најсмртоносен од четирите терористички напади во Истанбул за една година во кои за два се одговорни џихадисти, а за еден курдска милитантна организација.

На една од снимките се гледа кога одекнала една од две експлозии. На друга се гледа напаѓач облечен во црно како влетува во зградата на терминалот, а потоа паѓа откако најверојатно е погоден од полициски куршум, по што се разнел со експлозив.

Турскиот претседател Реџеп Таип Ердоган повика да се покрене меѓународна „заедничка борба“ против тероризмот, додека западните сојузници на Турција меѓу кои и САД остро го осудија нападот.

Повеќе од 60 милиони патници годишно го користат тој аеродром во Истанбул.

Германските власти соопштиле дека спречиле напад врз американските воени бази со апсење на пет таџикистанци, кои се обвинети дека дејствувале во име на ИД.

Спречен терористички напад во Москва

Мажот ликвидиран од руските специјални сили во подмосковскиот регион, планирал да изведе терористички напади во центалниот парк на Москва. Милитантот планирал да изведе терористички напад во московски парк на 26-ти јули. Истиот ден тој пристигнал во гаража во Химки по оружје, каде што беше елиминиран од припадниците на специјалните служби. Покренато е кривично дело за обид за терористички напад.

Претходно во руските медиуми беше објавено дека државјанин на поранешната Советска Република Таџикистан, со доминатно мусламанско население, идентификуван како Одил Кајмов, планирал во скоро време да изведе терорстички напад на посетувано место во Москва.

Според оперативните сознанија, осомничениот планирал веднаш по нападот преку Турција да пребега во Сирија. Притоа било утврдено дека Кајмов контактира со извесни кругови во Москва, од кои веројатно барал безбедна локација за складирање на оружјето.

Руската Федерална служба за безбедност (ФСБ) и Истражниот комитет соопштија дека „лице со потекло од Средна Азија подготвувало масовно убиство на фреквентен простор“. Осомничениот бил ликвидиран при обидот да биде уапсен во реон на напуштени складишта во Химки, кога отворил оган врз припадниците на безбедносните служби.

При претресот на станот кој го изнајмил осомничениот, откриле докази дека тој бил поврзан со претставници на терористичките групации во Сирија. Исто така, полицијата трага по евентуално соучесници на ликвидираниот на територијата на Русија.

Во Подмосковје, исто така, бил уапсен и братот на убиениот. Но според истрагата, токму тој почнал да се сомнева во коминикацијата на неговиот брат со терористи во Сирија, и тоа го пријавил во полицијата. Според неговиот исказ, пред две седмици од настанот го загубил контактот со братот.

Од почетокот на летото, според соопштението на руските безбедносни сили, спречени се девет терористички напади во регионот Кабардино-Балкарија, во регионот Хабаровск, Ростовскиот регион, Астрахан, Владикавказ, Симфорополнa Крим и во Чувашија.

Додека една недела предходно во Москва, агентите на ФСБ уаспија во Мосвка, Новосибирск и Краснојарск уапсиле 22 припадници на ќелија на терористичката организација која се декларира како Исламско Движење на Узбекистан.

Кон средината на јуни директорот на ФСБ, Александр Борников, изјави дека во последните десет години во Русија биле спречени околу 160 сериозни обиди за терористички напад, од кои 43 само во текот на минатата 2019 година.

Бројот на терористички напади значително намален.

Во 2018 година забележан е најмал број на жртви на тероризам во последните десет години, се вели во извештајот на центарот Џејн од Лондон. Авторот на извештајот, Метју Херман за ДВ ги наведува причините за тоа. (02.02.2019)

Германија: 6 осомничени десничарски терористи во притвор.

Германското обвинителство отвори истрага против десничарски екстремисти поради формирање на десничарско терористичко здружение. Осомничените се уапсени во покраините Саксонија и Баварија. (01.10.2018)

Египетската полиција уби 40 осомничени терористи.

По бомбашкиот напад врз туристички автобус кај пирамидите од Гиза, египетските безбедносни сили убија 40 лица за кои се вели дека биле исламистички борци. Се тврди дека осомничените планирале серија терористички напади. (29.12.2018)

Светот денес е изложен на сериозни закани од терористички напади, но и реални терористички напади со голем број човечки жртви. Во 2016 година, дури за 174 отсто е зголемен бројот на терористичките напади во западните земји, покажува истражувањето на меѓународната компанија „Аон“, со седиште во Велика Британија, а на глобално ниво, според ова истражување, бројот на терористичките напади во 2016 година се зголемил за 14 отсто во споредба со 2015 година.

Експертите на „Аон“ наведуваат дека наспроти 2015 година, кога на повеќе места во светот биле извршени 3.633 терористички напади, оваа бројка

во 2016 година е зголемена за 518, односно во 2016 година биле извршени вкупно 4.151 терористички напади. Во западните земји, односно во Германија, Франција, Белгија, Шведска, вкупниот број на нападите се зголемил од 35, колку што изнесувал во 2015 година на 96, во текот на 2016 година.

Во повеќе од 10 земји одговорноста за нападите ја презеде џихадистичката организација Исламска Држава. Во 2016 година дури 50 отсто од жртвите починале како последица од терористички напад изведен со возило кое намерно влетува во толпа народ.

### 4.3.1. ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ ВРЗ КРИТИЧНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Според бројни студии, повеќе напади во светот се насочени кон критичните инфраструктури[54]

На 22 март 2016 година, кога два тима на оперативци на ИСИЛ извршија симултани напади во Брисел на аеродромот „Завентем“ (убиени 11 лица) и во метрото „Мајлбег“ (убиени 20 лица). Околу 300 луѓе беа повредени[55] „Ал каеда“ и нејзините привrзаници нападнаа објекти и персонал на нафтени компании во Алжир, Ирак, Кувајт, Пакистан, Саудиска Арабија и Јемен, а исто така заробија многу нафтени полиња. ООН проценува дека приходот генериран од ИСИЛ од нафта и нафтени производи во 2015 година бил помеѓу 400 и 500 милиони долари[56]. Иако некои автори забележуваат дека енергијата привлекува само мал дел на терористички напади, трендот покажува брз раст на интерес на терористите за нафта и гас[57].

Новата ера на тероризмот започна со терористичките напади во САД, продолжи со терористички напади во Мадрид, во Лондон, во Брисел, во Париз, во Манчестер и на други места. Според оценките на експертите, досегашната тактика на војување т.н. „modus operandi‟ на „Ал каеда“ е сменета. Новина е новиот правец на „изборот на целта‟. Без оглед на мотивите за ваквата промена, секако, значајно е да се нагласи дека целта е насочена кон

[54] Митревска М. Микац Р. Прирачник за заштита на критичната инфраструктура. Комора на РМ за приватно обезбедување. 2017
[55] United Nations Security Council Counter-Terrorism Committee. 2017
[56] United Nations Security Council. 2016.
[57] Brookings Doha Center Analysis. 2016

уништување на одредени делови од критичната инфраструктура или т.н. „меки цели“ и да се нанесе голем удар.

Потврда за ова е терористичкиот напад во САД, кога на 11 септември 2001 година припадниците на „Ал каеда“ киднапираа 4 комерцијални авиони, со кои ги пренасочија летовите кон нивните цели, и тоа: кон Светскиот трговски центар и кон Пентагон. На ова ќе се надоврзе и фактот што билансот на загинати во Светскиот трговски центар изнесува 2.603 лица, додека пак, бројот на загинати патници во четирите авиони бил 246, а во зградата на Пентагон загинале 125 и уште 24 лица се исчезнати и се сметаат за загинати.

Според оценката на американските стручњаци, во моментот на нападите 16.000 луѓе биле во опасната зона во Светскиот трговски центар. Оттука, позитивен придонес, пред сè се состоел во овозможувањето услови за навремена евакуација и тоа на 92% од нив. Секако, од посебно значење е тоа што овој процент на евакуирани граѓани, влијаеше билансот на загинати да биде помал.

На 11 март 2004 година е извршен нов терористички напад врз критичната инфраструктура во Мадрид, Шпанија. Според изјавите на официјалните власти, овие напади се извршени од страна на ЕТА и од страна на „Ал каеда“.

Овие терористички напади се изведени во серија, и тоа:

- експлозија на два воза на станицата Atocha;
- експлозија на еден воз на станицата El Pozo; и
- експлозија на еден воз на станицата Santa Eugenia.

Според истрагата на власта, се докажа дека не станува збор за самоубиствени напади туку контролирани напади со далечински експлозивни направи.

Конкретно, билансот на загинати е 192 лица, додека пак, бројот на повредени е 1.800 лица, што пак предизвика голема доза на страв, шок и неверување, пред сè поради контроверзностите за вистинските виновници.

На 7 јули 2005 година е извршен нов терористички напад врз критичната инфраструктура во Лондон, Велика Британија.

Овие терористички напади се извршени во три подземни возови и еден двокатен автобус. Билансот на загинати изнесува 56 лица, од кои 4 бомбаши-самоубијци и 700 повредени.

Според оценката на британските стручњаци, при терористичките напади во Лондон се користеле софистицирани средства и експлозивните направи се активирани преку аларм на мобилни телефони, со цел активирањето на експлозиите да се случи во најголемиот сообраќаен метеж и на тој начин да се предизвика максимален број жртви.

Од терористичките напади врз критичната инфраструктура во последните години ќе ги издвоиме терористичките напади во Париз, во Брисел и во Манчестер.

На 13 и на 14.11.2015 е изведен терористички напад на шест локации во центарот на Париз, Франција со 129 загинати и 300 повредени.

На 22 март 2016 година во Брисел, Белгија е извршен терористички напад врз критичната инфраструктура. Овие терористички напади се извршени на белгискиот аеродром, со активирање на две експлозии. Билансот на загинати е 31 лице и 250 повредени.

На 23 мај 2017 година, во Манчестер, Велика Британија и тоа на „Манчестер арена" и на блиската железничка станица се извршени два терористички напади, а билансот на загинати е 19 лица и 59 повредени.

Заклучокот од анализата на некои од досегашните терористички напади врз критичната инфраструктура може да послужи како пример за појдовна основа во креирање на промени во пристапот за заштита на истата. Новата ера на тероризмот, новата тактика на војување со јасна цел насочена кон уништување на критичната инфраструктура, односно на „меките цели", бараат и нов пристап кон заштитата на критичната инфраструктура. За таа цел ќе издвоиме неколку приоритети, и тоа:

- креирање на ефективна стратегија за заштита на критичната инфраструктура;
- примена на повеќе модели за рано предупредување;
- успешно превенирање, кое може да придонесе кон намалување на ризиците, што директно ќе влијаат врз зголемувањето на безбедноста на критичната инфраструктура;
- континуирана обука и тренинг на човечките ресурси за справување со напади врз критичната инфраструктура;
- ажурирање или носење на Закон за заштита на критичната инфраструктура, Национална програма за заштита на критичната

инфраструктура, Национален план за заштита на критичната инфраструктура и на други документи кои директно или индиректно се поврзани со заштитата на критичната инфраструктура.

### 4.3.2. ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ НА БЛИСКИОТ ИСТОК

Терористички напади на Блискиот Исток
- државниот терор спроведен од Турција во рамките на противвостаничките мерки: ескадрони на смртта, системската политика на влошување во курдскиот регион;
- ликвидација во Хама на 10.000 сунити од страна на режимот на Хафез Ел Асад во 1982 година;
- систематско користење на теророт во сите ешалони од страна на Садам Хусеин, особено во однос на Курдите (операцијата Анфил; користење на хемиски гас во Халаџба во 1988 година и репресија на Курдите и на шиитите во 1991 година).

Терористички напади врз верски храмови во последните 10 години.

Верските објекти ширум светот се честа мета на екстремистите. Од 2010 година досега изведени се серија такви напади во кои најчести жртви се невини цивили. Ова е преглед на најсмртоносните напади во последните 10 години

• 31 октомври 2010 година: Милитанти на Ал Каеда во Ирак ја нападнаа црквата Наша Богородица во Багдад за време на неделната ноќна миса, убивајќи 58 луѓе во најсмртоносниот напад врз христијани од почетокот на американската инвазија во 2003 година. Ал Каеда во Ирак подоцна прерасна во Исламска држава.

• 15 декември 2010 година: Двајца бомбаши самоубијци од сунитската екстремистичка група Џундала се разнесоа со експлозив во близина на шиитска џамија во југоисточен Иран, убивајќи притоа и шестмина команданти на Револуционерната гарда.

• 16 јули 2010 година: Групата Џундала изведува двоен самоубиствен напад врз друга шиитска џамија во југоисточен Иран убивајќи притоа 27 луѓе, а повредени се 270.

- 5 август 2012 година: Шест верници во Храмот на Сиките во Висконсин, САД се смртно застрелани од белиот супремацист, Вејд Мајкл Пејџ. Пејџ е ранет подоцна во престрелка со полицијата, а потоа се самоубива.
- 18 ноември 2014 година: Двајца Палестинци, користејќи секири, ножеви и пиштол убиваат четворица еврејски верници и израелски полицаец во синагогата во Ерусалим.
- 30 јануари 2015 година: Бомбаш самоубиец во шиитска џамија во пакистанскиот град Шикапур убива 71 лица. Одговорноста ја презема групата Џундула.
- 20 март 2015 година: Бомбаши самоубијци на Исламската Држава напаѓаат две џамии во главниот град на Јемен, Сана. Во огромните експлозии страдаат 137 верници.
- 17 јуни 2015 година: Деветмина црни верници вклучително и нивниот свештеник се убиени од Дилан Руф, 21-годишен бел супремацист, откако претходно се молел со нив во Чарлстон, Јужна Каролина. Руф беше осуден за кривично дело од омраза и осуден на смрт. Супремацистот Дилан Руф доби смртна казна поради убиството на 9 лица во црква во Чарлстон.
- 24 септември 2015 година: Бомбаш самоубиец напаѓа џамија во Сана, Јемен, убивајќи 25 верници за време на молитва на муслиманскиот празник Рамазан.
- 12 ноември 2016 година: Бомбаш самоубиец на Исламската Држава убива над 50 луѓе во храмот Шах Нурани во пакистанската провинција Балучистан.
- 11 декември 2016 година: Бомбаш самоубиец напаѓа капела до Катедралата Св. Марко во Каиро, убивајќи најмалку 25 луѓе. Одговорноста за нападот ја презеде Исламската Држава.
- 16 февруари 2017 година: Бомбаш самоубиец детонира експлозив меѓу верници во храмот Лал Шабаз Каландар во провинцијата Синд во Пакистан, убивајќи 98 луѓе.
- 9 април 2017 година: Во двоен самоубиствен бомбашки напад врз цркви во египетските градови Александрија и Танта убиени се најмалку 45 луѓе. Исламската Држава ја презеде одговорноста за нападите.

• 5 ноември 2017 година: Облечен во црна воена униформа и вооружен со автоматско оружје, 26-годишниот Девин Кели ја напаѓа баптистичката црква во Садерланд Спрингс, Тексас, убивајќи притоа 26 луѓе, а ранува 20 други.

• 24 ноември 2017 година: Милитанти убиваат 311 верници во напад врз џамија во северен Синај- најсмртоносниот терористички напад од тој тип во историјата на Египет.

• 17 декември 2017 година: Во напад на Исламската Држава врз црква во пакистанскиот град Кета убиени се 16 луѓе.

• 27 октомври 2018 година: Напаѓач кој претходно ширел анти-семитска реторика и навреди на социјалните мрежи, влегува во синагогата во Питсбург и убива 11 лица, а повредува уште шестмина, меѓу нив и четворица полицајци.

• 15 март 2019 година: Најмалку 49 луѓе се убиени во напад врз џамии во градот Крајстчрч во Нов Зеланд. Напаѓачот е расист и десничарски милитант од Австралија.

Српскиот цар Лазар и крстоносци го „инспирирале“ терористот од Крајстчрч. Австралискиот расист кој е обвинет за терористичките напади врз џамии во новозеландскиот град Крајстчрч, го најавил нападот на Твитер, а потоа во живо го пренесувал истиот на Фејсбук. Се инспирирал од историски личности .

Јануарски бомбашки напади во Ирак (2011 година)

Место: Бакуба, Карбала и Тикрит

Датум: 18-20 јануари, 2011 година

Мртви: околу 133

Повредени: 230+

Осомничени: Ал Каеда

Јануарските бомбашки напади во Ирак претставуваат серија од бомбашки напади.

На 18 јануари 2011 година, од бомбашки напад загинале 63 луѓе, а биле повредени околу 150 во градот Тикрит. На 19 јануари 2011 година, од бомбашки напад загинале 15 луѓе во градот Бакуба кој се наоѓа на 65 километри од престолнината Багдад. На 20 јануари околу 56 луѓе починале кога биле детонирани две коли во близина на Карбала.

Заземањето на Грозни од страна на руските сили, со што бил одбележан официјалниот крај на втората војна во Чеченија од 2000 година, очигледно не ставило крај на активностите на исламистичките борци за независност.

Појавата на терористички и самоубиствени напади во Ирак и во Саудиска Арабија претставува најмаркантен феномен во 2003 година.

### 4.3.3. ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ ВО ЕВРОПА

Во 2004 година при нападите на железницата во Мадрид загинале 191 лице а ранети биле 1920 цивили. Голем е бројот на грабнати авиони кои полетале од светските познати аеродроми. Јапонскиот верски култ Аум Шинрикио со употреба на нервен гас- сарин во подземната железница во Токио, убија 12 цивили а околу 5000 лица биле затруени. На 25.05.2014 година при нападот на еврејскиот музеј во Брисел загинале повеќе лица. На 18.03.2015 година при заложничка драма во музејот Бардо во Тунис загинале 23 лица и тоа германски, шпански и полски државјани.

За жал вакви примери имаме и во нашето поблиско опкружување. На 09.01.2012 година е спречен терористички напад врз израелски туристи во Софија, кога биле откриени куфери со експлозив во автобус со кој се превезувале туристите.

На 18.07.2012 година терористите имаа успешен бомбашки напад на аеродромот Бургас-РБугарија.

Според првичните информации, најмалку седум лица загинале и дваесетина биле повредени во терористичкиот напад што се случил околу 17.23 часот на паркинг пред аеродромот во бугарскиот град Бургас. Според извештаите од бугарските медиуми, целта на нападот биле 150 израелски туристи, кои на половина час пред експлозијата долетале од Тел Авив и влегле во три автобуса со кои требало да заминат на црноморското крајбрежје. Меѓу загинатите има Израелци, но и бугарски државјанин.

Според првичните сознанија од очевидци во еден од автобусите влегол бомбаш кој активирал експлозив. Повредените лица веднаш по еплозијата

биле пренесени во болницата во Бургас. Четворица од ранетите биле во критична состојба. Меѓу повредените имало и две бремени жени[58].

По експлозијата аеродромот во Бургас бил затворен за сообраќај, а сите летови се пренасочиле кон Варна.

Медиумите овие напади ги оквалификува како "увезен тероризам" во Бугарија.

Медиумите во Бугарија по настанот потсетиле дека на 5 јануари се појавиле информации дека израелските власти стравуваат од терористички напади врз израелци во Бугарија, во организација на либанската шиитска организација Хезболах, поддржана од Иран, за одмазда за убиството на нејзиниот функционер Имад Мугне.

Одговорноста за нападот сè уште никој не ја презел. Сепак, израелски медиуми посочиле прст кон Иран. Израелските власти ја предупредиле Бугарија да ги подигне мерките на готовност, поради можност за терористички напади врз туристи од Израел.

Во контекст на овие настани мораме да го споменеме познатиот настан во март 2009 година кога во Охрид група насилници со камења и метални шипки нападнаа три автобуси со грчки туристи, овој инцидент е далеку од терористички акт, но сепак блиску за во иднина да се посвети посебно внимание на ваквите насилни настани.

Министерството за надворешни работи на Израел во својата листа на ризични држави за патување на своите државјани ја има вметнати и Република Северна Македонија како земја која има потенцијална закана од терористички структури.

Во Париз ќе им се суди на четиринаесетмина поради масакрот на новинарите на сатирачкиот магазин "Шарли Ебдо" во јануари 2015 година, полицајката и заложниците во еврејскиот супермаркет, за што одговорност преземаа ИД и Ал Каеда.

Масакрот поттикна бран нови терористички напади во Франција.

---

[58] https://naaf.from-bulgaria.eu/

Најсмртоносен беше масакрот во париската концертна сала Батаклан во ноември 2015 година, кога напаѓачите убија 130 луѓе. Планот на нападот го осмислиле лидерите на ИД во Сирија.

Од 2015 година во Франција се случиле 17 злосторства кои се означени како терористички.

Терористички напади во Турција :

2016 година

7 јуни, Истанбул - Седум полицајци и четворица цивили ги губат животите во експлозија на автомобил бомба во напад за кој одговорност презеде курдска милитантна организација ТАК

19 март, Истанбул - Во самоубиствен напад извршен на прометна улица загинуваат четири луѓе. Одговорност презеде ИД.

13 март, Анкара - 34 луѓе жртви во експлозија на автомобил бомба. Одговорни - ТАК, курдска милитантна организација

17 февруари, Анкара - 29 загинати во воени автобуси, одговорност презеде ТАК.

12 јануари Истанбул - 11 германци убиени од сириски бомбаш во туристичка зона.

2015 година

10 октомври, Анкара: Повеќе од 100 загинати за време на мирен протест во близина на железничка станица. Одоговорност презеде ИД.

Напади во Париз од ноември 2015 година

Вечерта на 13 ноември 2015 година, се случија серија на координирани терористички напади, кои вклучуваа пукање, самоубиствени бомбашки напади и задржување на заложници, во Париз, Франција и во северното предградие Сен Дени. Нападите започнале во 21:16  по Средноевропско време. Шест масовни пукања се случиле во централниот дел од Париз, и три самоубиствени бомбашки напади блиску до стадионот Стад де Франс. Најголем број жртви имало во нападот на концертната сала Батаклан (Le Bataclan), каде напаѓачите зеле заложници. Исламската држава (ИСИЛ) ја презеде одговорноста за овие напади.

Ден после нападот, францускиот претседател Франсоа Оланд прогласи вонредна состојба, што е прва после немирите од 2005 година. Најмалку 129 се смртно повредени, од кои 89 лица се погинати на рок концертот, а останатите

на другите локации во Париз. Околу 350 лица се повредени, од кои 99 се во критична состојба. Во знак на солидарност и поддршка, голем број земји прогласија ден на жалост, и ги обоија зградите во боите на француското знаме, а на социјалните мрежи парижани нудеа засолниште на Твитер, со Хаштаг #PorteOuverte („#ОтворенаВрата“), додека Фејсбук на своите корисници им понуди транспарентна слика со боите на француското знаме.

Усама Атар е идентификуван како „мозокот“ зад терористичките напади кои ги погодија Париз и Брисел во ноември 2015-та и март 2016 година, открива белгискиот весник Стандар. Атар координирал и три други напади во Франција и Белгија во текот на тие две години директно од Сирија. Емир Усама Атар (35), познат и како Абу Ахмед ги планирал нападите од Сирија, додека на терен во Европа за координација бил задолжен Абделхамид Абауд, еден од најпознатите терористи во Белгија.

Десетици терористи кои служеле како борци во војната во Сирија се вратија во текот на 2015 година во Европа, каде почнале тајно да ги подготвуваат нападите на европско тло. Абауд бил еден од нив, открива извештајот, и е првиот кој од Белгија повторно се враќа во Сирија, со цел координација на атентатите. Мнозинството повратници од Сирија биле белгијци и французи, неколку сиријци, еден швеѓанец и еден тунижанец.

Усама Атар, белгиски државјанин, е „несомнено“ идентификуван како лицето кое ги планирало сите напади директно од Сирија, стои во извештајот на француското обвинителство. Според разузнавачките служби на Франција и Белгија, Атар бил многу близок со вториот човек на терористичката група Исламска Држава, Абу Мохамед Ал Аднани, и го познавал Абу Бакр Ал Багдади.

Од 2014-та, Атар ја водел групата Ливас Ас Садик, бригадата што ги планирала атентатите во Европа.

Според извештајот, планиран бил напад врз холандскиот аеродром Схипхол на истиот ден со париските атентати, 13 ноември 2015, но од непознати причини бил откажан.

Судењето за париските атентати е закажано во текот на 2021 година. Усама Атар умрел во Сирија, додека сите други освен Салах Абдеслам беа убиени.

Во 2009 година првата експлозија одекнала околу 21:23, а потоа уште две во наредните десетина минути недалеку од националната арена Стад де

Франс, додека траел пријателски натпревар меѓу француската и германската фудбалска репрезентација. Најмалку четири лица погинале, од кои двајца атентатори. Претседателот на Франција Франсоа Оланд, присуствувал на натпреварот, и е одведен на сигурно, неповреден.

Речиси во исто време со експлозиите на Стад де Франс, едно лице отворил оган од автоматско оружје, од автомобил во движење, пукајќи на гостите кои седеле пред ресторантите Le Carillon и le Petit Cambodge. Најмалку 14 лица погинале, а 10 се тешко повредени.

Набрзо по пукањето пред ресторантите, четири лица отвориле оган во полната концертна сала „Батаклан“, каде се одржувал концерт на амеркинаската група Иглс оф дед метал (Eagles of Death Metal). Најмалку 80 лица се убиени, а голем број се повредени. Атентаторите останале во салата, и ги зеле за заложници преживеаните. Во 00:25, специјалните сили упаднале во концертната сала, и ги ослободиле заложниците. Еден атентатор е убиен, а останатите тројца се самоубиле.

Во 21:45, околу 15 минути после нападот на Батаклан, атентаторите отвориле оган врз Мек Доналдс, каде погинале петмина, а осум се тешко ранети. Девет минути по овој напад, отворен е оган и врз гостите кои седеле пред ресторанот La Belle Équipe. Во овој напад погинале 19 лица, а 14 се тешко повредени.

Како последици од нападите најмалку 129 лица се убиени, а 352 се поредени, од кои 99 се во критична состојба. Меѓу убиените е хрват од Белгија, како и двајца романци, еден германец, двајца американци, еден италијанец, а еден австриски граѓанин е повреден.

Очите на целиот свет беа вперени во Лондон, каде во „сред бел ден“ се случи терористички напад, во кој беа убиени две лица. Британската полиција напаѓачот на Лондонскиот мост го идентификуваше како 28-годишниот Усман Кан, кој во 2012 година беше обвинет за тероризам, а беше пуштен и на условна слобода.

Усман Кан во британската престолнина со нож ги уби Саски Џоунс (23) и Џек Мерит (25), а рани и три други лица. Полицијата потоа го застрела напаѓачот. Кан, кој од претходно им беше познат на властите, бидејќи беше обвинет за кривичното дело „тероризам“. Лондонски „Тајмс“ пренесе дека Кан

бил пуштен на условна слобода во декември 2018 година, бидејќи прифатил да носи електронска направа за следење на затвореници.

Одговорноста за нападот ја презема терористичката организација Исламска држава (ИД), која соопшти дека напаѓачот е еден од нивните борци. ИД наведе дека инцидентот е одговор на нејзините повици да се напаѓаат земјите кои се дел од коалицијата која се бори против нивната екстремистичка група.

Терористички напад во Барселона (2017 година)

Лас Рамблас, местото на несреќата,

Датум: 17 август 2017 година

Цел: пешаци

Вид на напад: напад со моторно возило

Мртви: 14 (+6) (1 во поврзани настани)

Повредени: 100+ (25 во поврзани настани)

Број: 8

На 17 август 2017, се случил терористички напад со комбе кое влетало во толпа луѓе на улицата Лас Рамблас во Барселона, Шпанија. Нападот резултирал со 13 жртви и стотици повредени.

ИСИС ја презеде одговорноста за нападот преку нивната новинска агенција. Во терористичкиот напад е повреден и еден македонец кој е вон животна опасност. Повредениот бил во непосредна близина на нападот и се здобил со скршеница на зглобот на ногата.

Ден пред и после експлозијата се случиле уште два напади кои полицијата ги поврза со нападот во Барселона на 17 август.

На 16 август, ден пред нападот во Барселона, експлозија уништила една куќа во Алканар и оштетила неколку други во соседството, убивајќи една жена и повредувајќи шест луѓе. Полицијата првично известила дека се работи за несреќа но потоа случајот го поврзале со нападот во Барселона. Маж од Мароко бил повреден во експлозијата и одведен до болница, кој ќе биде испитан од страна на полицијата. Во куќата биле пронајдени дваесет канистри на бутан и пропан.

Утрината на 18 август во Камбрилс, автомобил влетал во толпа пешаци. Полицијата застрелала и убила четворица осомничени терористи, а петтиот подлегнал на повредите некое време подоцна. Терористите биле поврзани со

нападот во Барселона. Некои од нивноселе лажни појаси со експлозиви. Еден цивил бил убиен а шестмина други биле повредени, вклучувајќи и турист од Куба и еден полициски службеник.

Вкупно 16 луѓе (13 во нападот на Лас Рамблас, 1 во Алканар, 1 во Камбрилс и 1 прободен до смрт од напаѓачите) се убиени и 100 повредени (15 со посериозни повреди) од 34 националности во трите терористички напади.

### 4.3.4. ИСЛАМИСТИЧКИ ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ ВО ЕВРОПА

ХРОНОЛОГИЈА:

15.11.2003 година: Напад врз синагоги

Во Истанбул загинаа 23 лица во нападि на атентатори-самоубијци во двете најголеми синагоги. При речиси истовремените експлозии на повеќе автомобили-бомби тешко беа повредени околу 300 луѓе.

20.11.2003 година: Терор во Истанбул

Во бомбашки напад врз британски конзулат и британска банка во Истанбул беа убиени 33 лица, а преку 400 беа повредени. Како сторители беа идентификувани 73 исламисти. Преживеаните 40 атентатори беа осудени на затворски казни.

11.03.2004 година: Бомбашки атентат во возови

Во Мадрид експлодираа 10 бомби во преполни возови за локален превоз. Загинаа 191, а беа повредени повеќе од 1800 луѓе. Еден шпански суд осуди 21 од вкупно 28 атентатори од Ал Каеда на повеќе од 40 000 години затвор.

02.11.2004 година: Убиство на режисер и сатиричар

Филмскиот режисер, публицист и сатиричар Тео ван Гог, по емитувањето на неговиот филм „Сабмишн“ за угнетувањето на жените во исламот доби смртни закани, а потоа и беше убиен од еден исламист на сред улица во Амстердам.

07.07.2005 година: Лондон во шок

Четворица атентатори во автобуси и во метрото во Лондон ги активираа речиси истовремено бомбите во нивните ранци. Во овој крвав напад животот го загубија 52, а стотици лица беа ранети. Злоделото остана неказнето - тројца соучесници беа ослободени.

30.07.2007 година: Напад врз аеродром

По еден ден откако британската полиција спречи напад со автомобил-бомба во Лондон, џип влета во хала на аеродромот во Глазгов и се запали. Повредени беа пет лица.

11.12.2010 година: Страв од терор во Шведска

Автомобил експлодира на агол во центарот на Стокхолм. Веднаш потоа на само неколку метри понатаму се разнесе атентатор-самоубиец. Среќа во несреќа: во обата напада немаше загинати, туку само повредени луѓе.

02.03.2011 година: Германија во фокусот

Атентаторот Арид Ука во еден автобус на аеродромот во Франкфурт целно пука врз невооружени војници од САД. Притоа уби двајца, а тешко рани уште тројца од војниците. Овој атентат се смета за прв исламистички напад во Германија.

02.11.2011 година: Напади против сатирата

Францускиот сатиричен магазин „Шарли Ебдо“ беше цел на напад поради објавување критички материјали за исламот. Во текот на ноќта низ прозорците беа фрлени молотови коктели во просториите на редакцијата. За среќа, никој не беше повреден.

11 - 15.03.2012 година: Војници како цел

Во францускиот град Тулуз убиен е војник со истрел во главата. По четири дена извршени се и други убиства. Убиецот во писмо во кое ја презема одговорноста, вели дека сакал да се одмазди за ангажманот на француската армија во Авганистан.

19.03.2012 година: И Евреите се на мета

Во натамошен напад, атентаторот од Тулуз уби учител и три деца пред едно еврејско училиште. Тој се радикализирал во една салафистичка група и се означи себе си како божји воин по налог на Ал Каеда.

18.07.2012: Теророт ја зафати и Бугарија

Во напад врз автобус со израелски туристи во Бургас се убиени седум луѓе, а 30 се ранети. Одговорноста за нападот нешто потоа и’ беше припишана на либанската шиитска организација Хезболах.

22.05.2013 година: Случајот Ли Ригби

Британскиот војник Ли Ригби беше прегазен со автомобил во едно лондонско предградие и од две лица во возилото беше убиен со ножови и меч.

По убиството сторителите не избегаа, туку дозволија да бидат снимани од минувачи.

24.05.2013 година: Напад со нож во Париз

Во напад со нож во Париз е ранет еден војник. Малку подоцна полицијата го уапси напаѓачот. Тој, според полицијата, не бил приврзаник на џихадот, туку на едно пофундаменталистичко толкување на исламот.

24.05.2014 година: Повратник од Сирија - атентатор

Вооружен напаѓач уби четворица луѓе во влезниот простор на Еврејскиот музеј во Брисел. Атентаторот има предисторија: се радикализирал в затвор и повеќе од една година војувал како џихадист во Сирија.

07.01.2015 година: Напад врз слободата на печатот

Двајца атентатори ги нападнаа редакциските простории на сатиричниот магазин „Шарли Ебдо“ во Париз и убија 12 лица. Во супермаркет за кошер-производи се одигра грабнувачка драма со 4 жртви. Сите атентатори беа убиени од силите за безбедност.

13.11.2015 година: Париз во шок

Во координирани напади во Париз беа убиени 130 луѓе, а околу 300 беа ранети. Одговорноста за атентатите ја презема терористичката организација „Исламска држава“. Речиси истовремено на шест места во Париз повеќемина атентатори извршија напади врз барови и ресторани, како и врз една концертна хала.

12.01.2016 година: Напад врз туристи во Истанбул

Напаѓач самоубиец на Исламска Држава уби 12 лица во историскиот центар на турската метропола разнесувајќи се со бомба среде туристичка група.

22.03.2016 година: Двоен напад во Брисел

Исламистички атентатори со повеќе бомби усмртија 32 лица на меѓународниот аеродром и во метро станица во белгискиот главен град.

14.07.2016 година: Напад со камион во Ница

Атентатор со камион влета во маса на шеталиштето на францускиот пристанишен град. Загинаа најмалку 86 лица. По нападот Исламска држава преку своја објава на страницата „Амак“ ја презеде одговорноста за ова злосторство.

19.12.2016 година: Напад врз божикен панаѓур во Берлин

Главниот град на Германија кусо пред Божик стана цел на терористички напад. Член на терористичката организација Исламска држава уби 12 лица удирајќи со украден камион во центарот на божикен пазар. Неколку дена потоа, 24-годишниот Тунежанец е убиен во близината на Милано при полициска контрола.

22.03.2017 година: Напад во срцето на Лондон

Напаѓач со автомобил намерно заврте во пешачката зона на мост во центарот на Лондон, по што избоде еден полицаец. Четири лица им подлегнаа на повредите. Британските безбедносни сили го убија сторителот.

07.04.2017 година: Терор во шопинг-зоната на Стокхолм

Во шопинг улицата во главниот град на Шведска напаѓач со украден камион удри прво во толпа луѓе, а потоа и во трговски центар. Пет лица го загубија животот, а 15 се повредени. Уште истиот ден, полицијата уапси 39-годишен Узбекистанец под сомнение за тероризам.

22.05.2017 година: Експлозија во Манчестер Арена

Најмалку 22 лица загинаа а близу 60 се повредени во нападот со импровизирана експлозивна направа во концертната сала во британскиот град. Експлозијата одекнала пред самиот крај на концертот на американската пејачка Аријана Гранде.

### 4.3.5. ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ НА ВИТАЛНИ ОБЈЕКТИ

На 20.11.2003 година Ал Каеда изведува терористички напад на британскиот Конзулат во Истанбул. Во 1993 година работничката партија на Курдистан извршила координирани напади на турски дипломатски претставништва во шест европски држави. Чеченските терористи во мај 2002 година на воена парада во рускиот град Касписк активирале експлозивна направа при што загинале 41 лице од кои 17 деца. Во мај 2004 година истата група извршила атентат на чеченскиот проруски председател Кадиров. Терористичката организација „17.11.” во Грција на 07.06.2000 година извршила атентат на англискиот дипломат Стеван Саундерс, а предходно убиен шефот на ЦИА за Грција. Во септември 2012 година во Судан се нападнати Амбасадите на Германија и Велика Британија.

За време на посетата на американскиот државен секретар Колин Пауел во Ријат, престолнината на Саудиска Арабија, во бомбашки напад се убиени 34 лица. Во 1993 година во Германија, во градот Бон од страна на терористичката организација „РАФ” (фракција на црвената армија) е нападната американската Амбасада. Во јули 2011 година во Сирија се нападнати Амбасадите на САД и Франција.

Во март 2015 година во Сеул беше нападнат американскиот амбасадор, и напаѓачот изјави дека тоа било терористички напад. На 29.10.2011 година припадник на вахабистичкото движење во Босна и Херцеговина, Мевлид Јашаревиќ изврши напад на Амбасадата на САД во Сараево при што рани еден полицаец, а напаѓачот доби 18 години затвор. Територијата и меѓународните субјекти во Република Северна Македонија не се изолирани од ваквите настани, не со последици како од посочените примери, но има обиди за напади во различнии облици на насилство. На 08.02.2013 година ветерани на расформираната ОНА се обидоа да дојдат до Амбасадата на Србија за протести, но од страна на полициските единици истите беа спречени. Драстичен пример имаме во март 1999 година, почеток на воздушната компанија против поранешна СРЈугославија, во Скопје настанаа протести во кои беше нападната и опожарена Амбасадата на САД. Секако дека овие настани не се терористички, но се зачетоци на други насилни форми на напад[59].

Иако постојат уште многу примери за терористички напади на објекти и претставници на мултинационални компании, сепак многу помал е интересот на терористичките структури за ваков облик на дејствување. Бидејќи како што предходно наведовме, влијанието во јавноста и кај медиумите е пресуден факт во одлуката за одредување на целта. Кај ваквите напади властите на една држава со помош на медиумите можат да го класифицираат како друго кривично дело, различно од тероризмот, со што терористите не би го постигнале посакуваниот ефект.

---

[59] www.mnr.gov.mk

### 4.3.6. ЗАКАНИ ОД ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ КОН РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Директните закани од терористичките напади кон Република Северна Македонија потекнуваат од повеќе извори, но потенцијални и реални за остварување се три:

1. Меѓународната исламистичка мрежа која е присутна на Балканот и која функционира глобално но и локално
2. Последиците од 2001 година
3. Активности на организирани криминални групи

Опасноста од терористички напади во Република Северна Македонија е реална иако државава не е во врвот на списокот земји во светот на кои им се заканува опасност од терористички акции, ова го покажува истражувањето кое е спроведено од страна на Институтот за економија и мир (ИЕП) - светска непрофитна истражувачка агенција од Сиднеј. Според глобалниот индекс за тероризам кој во 2013 година го објави ИЕП, Република Северна Македонија од вкупно 158 држави се наоѓа на 85 место. Први на листата се Ирак, Пакистан Авганистан, додека од нашето опкружување најзагрозена е Грција која се наоѓа во првите 30 ризични држави. Од европскиот континент во првите 30 се и Русија, Турција и Велика Британија. Според ИЕП во 2011 година имало 4564 напади во кои загинале 7437 лица, а 13961 биле повредени. Најчести напади биле во конфликтните региони. Во изминатава деценија во терористички напади загинале 64000 лица од кои 4384 биле терористи. Република Северна Македонија во последниот извештај на ИЕП добила просечна оцена 0,624 индексни поени на рангирањето каде што оценките биле од 5 до 1 (колку повисока оценка ситуацијата е полоша). Од земјите во регионот со најмала опасност се Хрватска и Словенија кои се рангирани во групата од 116 до 158 место и имаат 0 индексни поени. Албанија е 101 со 0,119 индексни поени, а во посериозна ситуација се наоѓаат Бугарија на 81 место со 0,741 индексни поени, Босна и Херцеговина е на 70 место со 1,369 и Србија е на 76 место со 1,169 индексни поени, како што предходно кажавме Грција е на 26 место со 4,597 индексни поени.

## 5. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Светот значително се смени од 2011 година и 11-ти септември од нападите на Њујорк и уништувањето на Светскиот Трговски Центар, па се до војните во Авганистан и Ирак. Одделот за Безбедност на татковината е јасна претстава за американците дека нешто всушност се случува и оди кон подобро за зачувување на безбедноста и мирот во Соединетите Држави. Само времето ќе покаже дали американците некогаш повторно ќе можат со сигурност да речат дека светот е навистина безбеден.

Последните десеттина години во светот терористите ги менуваат традиционалните мети и се свртуваат кон таканаречени “меки” мети или објекти кои имаат слабо обезбедување како што се хотели, трговски центри и сл., бидејќи обезбедувањето на воено полициските и државните институции е поставено на повисоко оперативно и тактично ниво. Ова е резултат на трансформација на глобалните терористички структури Ал Каеда, ИСИЛ од централизирани системи со глобални цели во регионални филијали и со регионални мети, а со тенденција да преминат во локални субјекти со локални мети. Причина за ваквата трансфрмација е што за овие последни цели потребно е многу помала обученост, опрема и финансиски средства, а идеологијата за глобална војна целосно се спроведува и во најдалечните краеви на земјината топка.

Турција е еден од најочигледните примери во Европа и Блискиот Исток во борбата против терористичките организации. Борбата на Турција во областа против тероризмот денес е очигледна дека има многу поважно место. Во процесот на транзиција од борба против теророт во борба против тероризмот на Турција беа направени многу политички и воени грешки за кои има и платено. Мора да се признае дека ПКК повеќе не е терористичка организација која бара независност, ниту е пример за тероризам без никаков ефект. ПКК денес стои пред нас како најважно решение за Курдското прашање.

Локалната и меѓународната конјуктура, што ја принудува ПКК да се политизира и на тој начин да ја направи поефикасна, исто така, ја направи неопходна борбата против теророт да прерасне во борба против тероризмот; Сепак, се чини дека фактот дека ПКК сè уште претставува закана за тероризам е најважниот проблем и ова е важна причина зошто фазата на решавање на

курдското прашање беше болна. Ние мора да ја прифатиме маргинализација на ПКК, згора на тоа, нејзиниот благослов од страна на екстремни курдските националисти како уште еден проблем.

Оваа нова состојба на ПКК предизвика курдското прашање да не се решава само со културни права, а до израз дојде и наградувањето на ПКК со своевидна амнестија при решавањето на курдското прашање. Пакетот решенија на Алтан Тан е јасен показател за ова и овој член е важна пречка во решавањето на курдското прашање. Во овој поглед, важно е процесот на решение да се заснова на долг процес и да се спроведува постепено и на контролиран начин.

Иако историјата многу пати покажала дека насилството е решение само на фронт, донесувачите на одлуки во Турција, борбата со ПКК ја засноваат само врз насилство кое што денес доведе до општествена траума во Турција. Во овој поглед, турското курдско прашање и ПКК во оваа тешка состојба денес е тесно поврзана со борбата против тероризмот на Турција започната во 80-те години на минатиот век.

Оценување на борбата против ПКК според бројот на жртви, третманот на луѓето во регионот со Пучот во 1980 година, убиства и тортури во „JİTEM“, убиства од страна на непознати напаѓачи, давање значење на воените активности, а не на разузнавачките активности, негирање на културните права, практиката на иселување на селата, селските стражи кои ја надминуваат нивната намена и слично, се важни грешки кои стојат пред нас. Една од најголемите грешки направени е што скоро триесет години ПКК беше нарекувана и величена како „сепаратистичка организација“ како и негирањето на условите и причините што ја создадоа.

Војната на Турција против теророт и тероризмот воопшто, многу пати претходно посочивме, беше организирано од два фокуса. Првиот од нив е законодавната власт. Иако има многу регулативи од законодавната власт за оската на борбата против тероризмот, највважни се Законите за борба против тероризам бр. 3713, Воениот Закон бр. 1402 и Законот за вонредна состојба бр. 2935. Иако овие регулативи се многу важни во периодот кога безбедносните политики се доминантни во борбата против тероризмот, овие прописи се променија на поконкретен, појасен и потесен начин во борбата против тероризмот.

Друго прашање што се смени е перцепцијата за ПКК и курдското прашање. Претходно, со дискурсот „Нема курдско прашање, има терористички проблем“, поголемо значење и се придаваше на надворешната страна за поддршка на ПКК, а се негираа и причините што ги создадоа ПКК и курдското прашање.

Перцепцијата на курдското прашање како проблем на Курдите што не учествуваат на државно ниво или како проблем на Курдите и Турците што немаат еднакви права, денес длабоко се промени. Круговите што ја бранат тезата дека курдското прашање не постои, покажувајќи ги на пример Курдите како дел на државната власт, денес ова се брани од мал дел на кругови, што не е рационално бидејќи ова курдско прашање не е адресирано во контекст на културните права и друга грешка е да се индексира курдското прашање кон ПКК и тероризам.

Курдското прашање за заостанувањето на источниот дел на Турција носи економска смисла, ограничувањата на етничката припадност носи социолошка смисла, додека грешките на државата во борбата против ПКК носи политичка смисла.

За да се унапреди процесот на решавање на курдскиот проблем во Турција секако прво треба да се прифати постоењето на Курдите, прифаќање на курдското прашање, а после тоа и самиот факт дека ПКК не е само терористичка организација. Во последната фаза, ПКК, поточно Оџалан, станува таен агент на процесот на решение.

Ако ги сумираме извештаите за процесот на решавање, можеме да кажеме дека сите извештаи ги нагласуваат културните права, демократизацијата, престанокот на насилството, човековите права и законот. Најважната разлика на извештаите едни од други е дали ПКК и Оџалан треба да бидат актери во решението. Друга разлика е дали реформата на локалната самоуправа ќе се стреми кон автономија. Ова е причината зошто пулсот на јавноста е проверен со дискусиите за федеративниот и претседателскиот систем.

Заедничката точка на истражување за курдското прашање или ПКК е дека на ПКК се гледа како на организација независна од Курдите, организација која е измамена, ѝ е испран мозокот и чија единствена цел е да создаде насилство. Се разбира, ова гледиште не е реално во рамките на концептот на

тероризам, бидејќи третманот на тероризмот предизвикан од организирани, стратешки и рационални терористи како метод за легитимирање на лудите, неразбирливи и брутални акти на терористите, барање изговори или убедување, иако е популарен во јавноста, во суштина е ненаучен. Неопходно е да се погледне на ПКК од оваа перспектива. Навистина, местото што ПКК го стекна денес во курдската политика е јасен показател за тоа. Претходни студии за курдското прашање или ПКК покажуваат дека заедничката точка во овие студии е дека курдското прашање всушност не постои, проблемот е всушност проблем на ПКК или тероризам. Претходно објаснивме колку е далеку ова гледиште од научниот и реализмот.

Како резултат, на грешките во процесот на борба против тероризмот, недостатоците, добрите работи, слабите страни, јаките страни, Турција се наоѓа во оваа состојба денес. Најважниот резултат во историјата и во Турција од борбата против тероризмот; е тоа дека рационалното и неискористено, па дури и поекстремното, насилството секогаш возвраќа.

Курдското прашање и ПКК е точката достигната денес и постепено надмината. И покрај сѐ, курдското прашање и ПКК остануваат пред нас како најважниот проблем во историјата на Турција.

Ако се направи општа анализа на левите терористички организации во тековниот период, може е да се заклучи следново:

- овие организации во Турција имаат слаба масовна поддршка, висока организациска раздразливост и силна идеолошка акумулација.
- левите организации кои сакаат постојано да го одржуваат активизмот можат да покажат профил на насилство со ниска сериозност на дејствување, но со голема бројност и многу чести профили на дејствување.
- тие се обидуваат да ја зголемат идеолошката и организациската определба на постојните членови на организацијата наспроти тешкотиите во врбувањето на нови членови. Ова е една од причините што стојат зад фактот дека членовите на левичарските организации се поидеолошки ориентирани од членовите на сепаратистичката организација.
- организациската меморија на левите терористички организации е подобрена. Поради оваа причина, настаните од минатото може да се гледаат како избрана траума за организацијата. Датумите што организацијата ги смета за важни, се обидува да ги одржи во сеќавање со масовни акции.

- искуството на безбедносните сили во борбата против левите терористички организации ги турка левите терористички организации кон нови стратегии и иницијативи.
- тие можат да преземат ефективни активности со собирање релевантни разузнавачки податоци за искуството на терористичката организација DHKP / C од минатото.
- странските врски имаат големо значење во однос на управувањето и организацијата на левичарските организации.
- во тековниот период, динамичниот ефект на лево ориентирана протестна музика или концерти за младите е еден од методите на левичарските терористички организации за да влијаат и да ги насочат младите во организацијата. Мелодијата може да има големо влијание врз избраните сфаќања на некои млади луѓе во нивната имагинација. Во оваа смисла, се гледа дека левичарските организации ја користат музиката како многу ефикасна алатка.
- слабоста на масовната поддршка во левичарските организации предизвика овие организации да имаат тенденција кон курдската социјална структура. На овој начин, тие се обидуваат да привлечат во своите редови лево ориентирани Курди. Оваа ситуација имплицитно се враќа на поддршка на ПКК.

Кои институции се ефикасни во борбата против тероризмот во Турција е тесно поврзано со структурата и иднината на борбата против тероризмот. Така, во борбата против тероризмот ефикасни се индивидуалните воени актери како и законодавната и извршната власт и различни институции. Разновидноста на актерите ја зголемува правната страна и ефективноста на борбата и овозможува борбата да функционира на сеопфатен начин.

Во борбата против тероризмот, кој претходно беше предводен од страна на ТСК, МИТ и агенциите за спроведување на законот, денес властите се поврзани со многу институции. Се разбира, ова е важна причина зошто ПКК сега е повеќе од терористичка организација.

Денес, ставот во борбата против тероризмот е дека извршната власт и законодавството се ефикасни во процесот и дека безбедносните сили се само спроведувачи. Зголемената моќ на законодавниот дом и извршната власт може да се објасни со сознанието дека безбедносните сили и политичките партии

што влегоа во парламентот претставувајќи ја ПКК не успеаја да го решат спорот. Така, Кандил и ТСК останаа во втор план, а во прв план излегоа Имрали, законодавниот дом и извршната власт. Се разбира, многу е важно што насилството веќе не е решение и ПКК не може да најде улога во оската на Блискиот Исток.

Факт е дека ПКК никогаш немала сила ниту ќе има потенцијална сила за некогаш да ја подели Турција.

Може да се каже дека патниците во авионите штои беа грабнати на 11-ти септември 2001 година загинаа поради напад на мети што беа избрани поради нивното симболично значење, бомбашките напади во Лондон и во Мадрид, со тоа што беа директнои насочени кон обични луѓе кои што си одат на работа, се олицетворение на недискриминативниот карактер на тероризам што убива огормен број луѓе кој што го практикува „Ал Каеда" и мрежата на глобални џихадисти.

На Ал Каеда и нејзините сојузни групи, на пример постоеја обиди да се свати што ги натерало 19 хакери-изведувачи на нападите на 11.09.2001 година да станат „поинакви"- не заради академскиот интерес за проблемот, но заради итноста да се идентификуваат други потенцијални масакри кои можеби се подготвуваат за следни напади.

Иако природно ваквите профили се популарни за луѓето кои се одговорни за одбрана од тероризмот, денеска таквите профили ќе мора многу подлабоко да се разгледуваат. Најголем број профили беа производ на низа истражувања на бројни групи поврзани со арапско –израелското насилство, кои можеби се или не претставници на поголеми групи потенцијални транснационални терористи. Важно е да се прават профили особено кога зборуваме за членовите на Ал Каеда, кои се разликуваат од далечните и повеќе анализираните групи како што се Хезболах и Хамас и кои имаат други карактеристики. Профилот на терористот може да се разликува од група до група, но за тоа е потребно поголемо истражување. Денешната ситуација е доказ дека САД и нејзините сојузници треба да се замислат за овој проблем и да не сеослонуваат премногу на источните претпоставки кога се идентификува еден потенцијален активист на Ал Каеда. Имајќи ги предвид мноштвото групи, ова поле е се уште недоволно зрело и истражувањата се полни со непознавања за да можеме да им веруваме на профилите на терористите.

Друга работа што почнува на ова ниво е прашањето дали околните услови предизвикуваат или им овозможуваат на поедниците да стават терористи со насилно однесување. Многу се зборува и пишува за врската помеѓу објективните услови како на пример: сиромаштија, недоволно образование и политичкиот антифраншизам, од една страна, и да прибегне кон терористичкото насилство од друга. Социјализацијата на младите момчиња во Марас (Marass) во Пакистан и Авганистан, на пример, јасно води кон развој на одредени потенцијални терористи со неколку алтернативни летоци за нивната среќа, страст или неергија. Политиката е да се понуди поинаква помош, образование и вработување каде ќе се канализира таа енергија во попродуктивни правци и ќе се дадат алтернативи за надеж.

Според емпириското набљудување јасно е дека психологијата, мотививација и однесувањето на потенцијалниот почетник во Ал Каеда, на пример, мора да се оддели од индивидуалните карактеристики на лидерот, како Осама Бин Ладен. Огромното богатство на Бин Ладен, напредното образование, врските со саудиското кралско семејство и личната харизма секако го обележуваат како атипично.

Каква и да е искреноста на личната посветеност на Бин Ладен кон една радикална религиозна идеологија, тој и неговата организација се големи стручњаци во политиката на масовна мобилизација. Бин Ладен во секоја смисла е гениј за кооперативен менаџмент и организација-кој цврсто чекори кон објаснување на издржливоста и автономијата на Ал Каеда –компанијата, без разлика дали тој е сеуште жив. Има многу други лидери, сегашни и минати, чии карактеристики биле стереотипот на обесправен очаен или луд човек кој станува терорист.

Голем број истражувачи кој го испитувале тероризмот тврдат дека терористичките оргнизации еволвираат во еден друг модел. Поновите терористички организации како што е Ал Каеда значително се прилагодија на децентрализиранаата, нехиерархиска структура поврзана со технологијата, како на пример, интернетот и сателитските телефони и е инспирирана од општата идеологија и религија. Новите структури се помалку зависни од внатрешната организациска динамика да се одржат себеси и своите активности во децентрализиран дизајн со самостојни групи кои се слабо транснационално поврзани. Овие модели се карактеризираат со поседување информации кои се

шират и притоа се става акцент на индивидуалните иницијативи и на крајот резултираат во организации водени од некоја мисија, прости организациски структури кои инсистираат на контакти преку компјутерски мрежи и кои ангажираат еманципирање и тотален менаџмент. Подподмогнати и катализиран со развојот на информативната технологија, сите овие техники почнаа да се воведуваат повеќе во приватниот сектор од колку пред десет години. До некое ниво терористите се рефлектираат и се под влијание на општества во кои тие функционираат. Не е чудно да се види дека овие методи прават терористички организации кои ги водат искусни бизнисмени кака Осама Бин Ладен.

Заканата од муџахединското движење, сега за сега, останува многу силна поради преживувањето на неговите одговорни луѓе и поради присуството низ светот на „заспаните“ ќелии, формирани од страна на одлучни и ефикасни авганистански ветерани.

Во земјава има поединци што шират радикална идеологија, односно има поединци за кои постои сомневања дека се дел од регионална поврзаност на исламистички радикали што се повратници од боиштата на Блискиот Исток. Република Северна Македонија како и Бугарија, но и Србија и Косово, е патот преку кој следбениците на екстремистичките идеологии најчесто минуваат кон Европа. Токму затоа, засега е најважно земјите на Балканот да имаат зголемена размена на безбедносни информации меѓусебно.

Опасноста никогаш не престана да постои, особено сега кога еден огромен дел од тие џихадисти-војници од Сирија се враќаат и на просторите на Балканот, но најмногу во западна Европа. Не се во прашање само оние кои се враќаат, туку и генерациите кои во меѓувреме се родиле. Таа машина која „раѓа“ џихадисти никогаш не е демонтирана, без оглед на тоа што доживеаја пораз во Сирија. И понатаму продолжува регрутирањето преку интернет, и понатаму никој ништо нема направено за да ги сузбие државите – спонзори на тероризмот .

Македонските државјани кои учествувале во војните во Сирија и Ирак беа приведени на 7 август. Тие се на возраст од 23 до 41 година (С.Р. 1990, Џ.А. 1993, Б.Ф. 1994, О.Ж. 1987, Е.О 1994, И.Ш. 1977, А.М. 1995) и потекнуваат од Скопје, Прилеп, Тетово и Гостивар. Пред четири и пет години против нив беа

поднесени кривични пријави во рамки на полициските акции „Ќелија 1“ (август 2015) и „Ќелија 2“ (јули 2016).

Репатрираните борци на ИД биле донесени со воен авион на скопскиот аеродром каде што биле и приведени. Биле уапсени од единици од Сириските демократски сили. Како странски платеници биле заробени во Сирија. Процесот на апсење и нивно преземење во земјава бил заеднички изведен со Глобалната антитерористичка коалиција. Уапсените ќе одговараат по член 322а, а еден од нив и по член 394а од Кривичниот закононик.

По притворањето на седумтемина странски борци на Исламска држава (ИД) со потекло од Македонија, извори на безбедносните служби информираа дека безбедносната состојба во земјава е мирна и под контрола, закани од тероризам нема, но дека опасност секогаш постои.

По нивното преземање и пиведување, Пентагон ја поздрави одлуката на Македонија да ја прифати групата нејзини државјани заробени во Сирија. Портпаролот Ерик Пахон за „Вашингтон тајмс“ изјави дека Македонија покажала пример за сите членови на Глобалната коалиција како да се порази Исламска држава и нагласи дека странските терористички борци не се само проблем за Сирија или за регионот, туку глобален проблем што бара глобална соработка.

Кумановците „Б.А., В.А. и Е.Љ. се рецидивисти, односно повратници, лица кои претходно имаат сторено кривично дело учество во странска војска, полиција паравоени или параполициски формации од чл. 322-а од Казнениот Законик се правосилно осудени и издржале казна затвор“

Дел од приведените се повратници од Блискиот Исток, кои во земјава веќе издржале и затворска казна за служење во туѓа армија и првичните информации се дека со оружјето и експлозивот што се пронајдени при акцијата планирале напади на институции во земјава.

До пред неколку години се бореле на страната на ИСИС, денес живеат нормален живот во земјава – безбедносните служби имаат информации дека на слобода се 57 повратници од Сирија.

По измените на законот, 2014 година, интересот на македонските државјани за војување во Сирија драстично се намалил, но сепак некои се одлучувале да заминат.. Вообичаената рута е легално да стигнат до Турција, а

потоа преку диви премини да стигнат до градот Џараблус, првата станица на сирискиот фронт.

Двајцата џихадисти четири години се бореле на страната на злогласената Исламска држава, пред да паднат во рацете на силите на Курдската милиција. Интервјуата се дадени за сириската агенција АНХА во рубриката насловена „Исповеди“, датираат од 2019 година и најверојатно се направени во еден од затворите во Северна Сирија. Велат дека биле инспирани од Светата војна, а не од парите, а патот до боиштата е добро организиран и речиси секогаш води по маршутата Скопје-Истанбул-Газиантеп – Џараблус, град кој е првата станица на сирискиот фронт.

Дел од оние кои заминале, односно 23 лица, се вратиле во земјава и се уапсени во акциите Келија.

Со ова Македонија стана првата европска земја што прифатила свои државјани, борци на ИСИС, заробени во Сирија. Македонските безбедносни служби процениле дека тоа е подобро за безбедноста на државата, отколку да останат таму.

Според информациите на МВР, во Сирија се уште има 15 активни борци на ИСИС од Македонија. Покрај нив, има и 9 жени, а некои од нив имаат и деца таму. Вкупно, од почетокот на војната, 156 македонски државјани војувале на боиштата во Сирија, а 35 загинале. За некои од нив има потврда, за некои не

- Од Македонија сум. Во Сирија заминав во октомври 2013-та година. Прво бев во градот Тил Рифат. Таму минав 20 дневна обука, која вклучуваше и воени вежби и верски часови. Се борев против силите на Курдската милиција и против Слободаната сириска армија. Во Сирија и се женив и имав две деца, вели поранешниот припадник на ИСИС од Македонија.

- Со активностите на ИСИС се запознав на интернет. Потоа почнав да вршам пропаганда меѓу младите во Македонија, зашто верував дека се бориме во името на Исламот. Им помогнав на многумина од Македонија да стигнат во Сирија. По повеќемесечна обука, станав одговорен на исламската милиција во Џараблус, вели поранешен припадник на ИСИС од Македонија

Информациите упатуваат на тоа дека и двајцата најверојатно се меѓу седуммината притворени, кои беа доведени во земјава под сомнение за учество на странски боишта. Нивниот идентитет и возраст, објавен од агенцијата АНХА, целосно се совпаѓа со иницијалите, кои ги објави МВР. Од

МВР и од Јавното Обвинителство не ги потврдуваат ваквите информации во насока на почитување на презумпцијата на невиност. Според сириската агенција, двајцата македонски државјани биле уапсени од сириските сили кон средината на минатата година, период кога Исламската држава почнува да ги губи позициите во Сирија.

- На сите поддржувачи на ИСИС во Европа им велам да останат подалеку од Исламската држава. ИСИС е лажно исламско движење. Видов страотни сцени на масакри на улиците и луѓе како горат во кафези. Кога го видов тоа, побегнав и им се предадов на сириските демократски сили, вели припадникот на ИСИС.
- Со цивилите се однесуваа варварски. Сите надвор од нивната група ги гледаа како робови, особено жените Јазиди. Тие не го претставуваат Исламот, вели припадникот на ИСИС.

Вкупниот број борци на џихадистичката група Исламска држава, кои се со потекло од Западен Балкан е поголем од 1.200, од кои 350 се од Босна и Херцеговина, се наведува во проценките на босанските безбедносни служби.

Според документацијата, најмногу борци на ИД има од Косово – 403, потоа следува БиХ со 350, Албанија меѓу 180 и 200 и Северна македонија со 156 борци.

Западен Балкан има проблем поврзан со економската инфилтрација на Турција и Катар во Албанија, Северна Македонија, Косово и БиХ, која и користи на идеолошката инфилтрација поврзана со Муслиманското братство.

Како Косово постапува со повратниците од Исламска држава.

Илјадници странски припадници на ИД се наоѓаат во курдските логори на северот на Сирија. Повеќето европски држави одбиваат да ги примат назад своите државјани од редовите на ИД. Косово пак постапи поинаку.

Менсур Хоти, директорот на Секторот за јавна безбедност на Косово, при косовското МВР зборува за тајната операција која е извршена ноќта помеѓу 19 и 20 април. Бил на должност кога под закрила на ноќта во Приштина слетал авион во кој имало 110 косовски државјани од пропаднатиот терористички калифат Исламска држава. Тие пред тоа биле заробеници во курдските логори на северот на Сирија. Ниту членовите на нивните семејства не знаеле ништо за нивното враќање.

Акцијата со повратниците на Косово ја овозможиле САД. Американците се во сојуз со Курдите и имаат стационирано војници на северот на Сирија. Никој не можел да се доближи до аеродромот во Приштина додека 32 жени, 74 деца и четворица мажи излегувале од авионот и се сместувале во автобуси со затемнети стакла.

Мажите се префрлени во затворот во Подујево, а жените и децата се однесени во Вранидол на медицински и психолошки прегледи. „Беа во многу лоша состојба, не само медицинска“, раскажува Хоти, и додава дека се гледало оти луѓето изгледале изгладнето и запуштено.

Тоа беше јасно при средбата со Влора. Како и останатите повратници, таа сега веќе речиси 6 месеци е повторно дома. Влора не е нејзиното вистинско име. Него никој не смее да го дознае. Како и останатите повратници, таа е под надзор и се наоѓа во домашен притвор на имотот на нејзините родители во едно мало косовско село. Но, скршените порозорци на куќата на нејзините родители укажуваат на сиромаштија. Останатите жени во семејството носат широки, шарени здолништа. Со Влора е поинаку. Од неа се гледа само толку колку што дозволува малиот отвор за очи. Витата 22-годишна девојка е во црнина од глава до пети. За време на разговорот постојано ги крши рацете. Таа живеела 5 години во терористичкиот калифат на т.н. Исламска држава. Не се открива ни во куќата. Религијата сè уште има многу важна улога во нејзиниот живот, вели, додека нејзиното двегодишно дете во преголеми чевли тапка по дворот. Семејството го замоли ДВ да не го открива полот на детето за некој да не се досети за кого се работи.

Ова дете никогаш нема да го запознае својот татко. „Бев во близина кога загина“, вели Влора. „Претходно бевме само кусо заедно, излезе од куќата и го погоди ракета.“ Тоа бил вториот од тројцата борци на ИД со кои Влора била венчана.

За терористичката паравојска загинал и Косовецот со кого на 17 години отишла на подрачјето на ИД. Тогаш го излажала татко ѝ дека ќе оди на одмор во Турција. Нејзиниот трет сопруг е сè уште жив и курдските власти го држат заробен во еден логор на северот на Сирија.

Влора сега вели дека направила грешка што отишла во ИД. Но, не разбира зошто против неа и останите повратнички на Косово сега се подготвуваат обвинувања. „Ние бевме во куќите и ништо не сторивме“, се

правда таа. „Немавме лоши намери и само ги следевме своите сопрузи“. Овој аргумент може да се слушне постојано од жените на ИД. Тврди дека ништо не знае за егзекуциите и другите злосторства на ИД. Но, видела воени уништувања. Влора себеси се гледа како жртва и се надева дека нема да заврши во затвор поради членството во терористичката организација. Вели дека сака да се интегрира во општеството, но и оти очекува „луѓето да ме прифатат онаква каква што сум. И да прифатат дека носам никаб“.

Валбона Тафилај ја познава Влора и другите повратнички. Таа со тим од 20 психолози и психијатри ги следи повратничките и децата на нивниот пат на интеграција во косовското општество. Оваа ведра жена вели дека сите кога се вратиле биле трауматизирани: „Доаѓаат од воени подрачја. Доживеале ужасни злосторства и жестоки бомбардирања“. Тафилај смета дека нејзина главна задача е да ја освои довербата кај повратниците. Таа гордо пренесува дека сите деца постари од 6 години од септември се во училиште. Во рамки на подготовката за училишното секојдневие биле на излети, во забавни паркови и спортски сали за да се утврди колку се подготвени за новиот живот. Бидејќи мајките се во домашен притвор, и на децата им е ограничено движењето. Валбона Тафилај не сака да одговори на прашањето дали смета дека некоја од 32 повратнички од ИД е сè уште опасна. Тоа, како што вели, спаѓа под лекарскиот завет за молчење.

Германија, Англија или Франција со сите сили се спротивставуваат на враќањето на нивните државјани од бившите подрачја под контрола на ИД во Сирија и Ирак. Исклучок понекогаш се прави за децата.

Експертот за безбедност Џевад Галијашевиќ изјавил дека во земјите ,повратниците од сириските и ирачките војни погрешно се идентификуваат како мигранти, иако  во голем број случаеви станува збор за поранешни борци на Ал Каеда и Исламска држава.

Истотака додава дека повеќето од нив немаат лични документи но имаат повеќе платежни картички и мобилни телефони, за да се претставуваат како мигранти, а избегнуваат комуникација со своите матични држави.

“Оној кој инсистира на тоа дека луѓето кои доаѓаат овде с емигранти, нес е свесни за ризикот. Овде не станува збор за хуманитарно прашање”.- изјави експертот.

Тој додава дека меѓу луѓето кои влегуваат во земјите во регионот многу од нив се без јасно утврден идентитет, повеќето се машки на возраст од 20 до 30 години, а тука се и жените со деца, кои не се обични жени домаќинки, туку поминале верски и воени обуки, обучени се за употреба на експлозив и порано или покасно ќе бидат употребени во земјите на ЕУ, првенствено во Германија или Франција.

Тоа што Република Северна Македонија има значителен контигент во рамките на мисијата ИСАФ во Авганистан значи дека како активна членка на меѓународната коалиција за борба против тероризмот и против организираниот криминал, борејќи се против овие две зла во Авганистан, всушност, влијае и врз безбедноста на сопствените граници врз сопствената национална безбедност колку помалку ќе се произведе дрога во Авганистан толку помало количество ќе помине транзитно низ РСМакедонија, и уште помалку ќе заврши на нарко пазарот, а колку помалку дрога ќе дојде до РСМакедонија, толку ќе има помалку наркозависници во нашата земја. И не само тоа. Ќе има помалку заработувачка за криминалните структури кои заработуваат со продажба на дрога и уште помалку пари ќе има оние кои, од овие или оние причини, ќе земат оружје во рака и истото ќе го насачат против нашата татковина, без оглед на тоа дали ќе ги нарекуваме борци за некакви си права или она што навистина се – терористи.

Меѓународниот тероризам е долготраен предизвик кој ќе биде „непобедлив” како во една „војна”. Тероризмот не е (како што некогаш бил) спореден проблем како пиратите или кримининално однесување, тероризмот е осуден да остане параметар на загриженост на глобален план. Тероризмот ја еволвира последната декада и стана суштинска закана за меѓународната безбедност.

Република Северна Македонија поради сплет на историски економски географски демографски етнички и други настани постојано е цел на загрозување од различни извори кои со различен интензитет се манифестираат во различно време.

Географската положба на Балканот има големи придобивки но и негативни појави, таа претставува природна врска преку која комуницираат Европа, Азија и Африка што на овој полуостров му придава големо политичко економско и воено значење.

Професорот Митко Котовчевски вели дека тероризмот на Балканот и во светот има моќ да набие клинови длабоко во општеството и да предизвика раздор и негово распаѓање. – Колебањето на Западот во решавањето на мноштвото воени конфликти што изникнаа на овие простори во 1990-тите, како на пример војната во Босна, доведе до формирање плодна почва за размножување и за регрутирање активисти на светски терористички организации, од кои најголем број се со ирански предзнак – вели Котовчевски.

Терористичките закани постојано се менуваат што бара и постојана промена на мерките за ефикасен одговор, првенствено преку интензивна соработка на сите чинители и на национален и на меѓународен план. Ниту една држава не може сама да одговори на глобалните безбедносни закани.

Клучни мерки за справување со овие предизвици, се подобрувањето на граничната безбедност, зајакнувањето на кривичните закони и капацитетите на органите на прогонот, но и одговори за прашањата за повратниците од кризните подрачја, а меѓу останатото и наоѓање начин за нивна рехабилитација во општеството.

## 6. БИБЛИОГРАФИЈА

1. Национална Безбедност на Република Македонија- втор дел, Митко Котовчевски, 2000, Скопје
2. Национална Безбедност на Република Македонија –трет дел, Митко Котовчевски, 2000, Скопје
3. Историја на Тероризмот, Од антика до Ал Каеда-Жерар Шалијан и Арно Блин, 2009, Табернакул
4. Тероризам, Злате Димовски, 2007
5. Борба против тероризмот, Митко Котовчевски,2004
6. Македонија воена алка на светот, Митко Котовчевски,
7. Напад на тероризмот – елементи на грандиозна стратегија- Одри Курт Кронин и Џејмс М.Лудс
8. Новата ера на тероризмот и меѓународниот политички систем – Адријан Гелке
9. Тероризам и организиран тероризам –Фердинанд Оџаков
10. Borba protiv terorizma, приручник, ModulII, finansiranje terorizma I europska iskustva, CARDS 2003, Загреб, 2003
11. Војна енциклопедија (друго издање), ВИЗ, Београд, 1975, књига 6, стр.215
12. Galvin, Debora M.'The Female Terrorist: A Socio-Psyhological Perspective, "Behavioral Science and the Law, 1, 1983,
13. Современи разузнавачки служби, Митко Котовчевски, 2002
14. A Global Overview of Narcotics-Funded Terrorist and other Extremist groups, Library of Congress under an Interagency Agreement with the Department of Defense, Washington, May 2002
15. Багајиќ Младен, Шпијунаќа у XXI веку, Савремени обавештајно-безбедносни системи, Book & Marso, Белград, 2008
16. Ѓорѓевиќ О., Лексикон безбедности, Партизанска књига, Београд, 1986
17. Revija za bezbednost, broj 5, Maj 2008
18. Revija za bezbednost, broj 9, Septembar 2008
19. Revija za bezbednost, broj 5, Novembar 2007
20. Revija za bezbednost, broj 9, Septembar 2009
21. Mockaitis Thomas R., The "New" Terrorism, Myths and Reality, Praeger Security International, Wesrport, Connecticut, London, 2007

22. Essig C.G. Terrorism: Criminal Act or Act of War Implications for National Security in the 21st Century. 2001
23. Стајиќ Љ., Основи безбедности, ФЦИ-Драганиќ, Београд, 2005, стр.209
24. Вештина на војувањето, Сун Цу, Издавачка куќа Штрк, Скопје, 1996
25. Сознанијата за динамиката на тероризмот се користени од студијата “Осврт на тероризмот” издадена од државниот секретаријат на САД (канцеларија за антитерористичка подршка), Август – Септември 1996 година
26. Митревска М. Микац Р. Прирачник за заштита на критичната инфраструктура. Комора на РМ за приватно обезбедување. 2017
27. Тероризам во Дваесет и Првиот Век- Cindy C. Combs
28. Меѓународен Тероризам, Нов Начин на Конфликт- George Rosie
29. Хашката Регулација од 1907 година и Женевската Конвенција од 1949 година
30. Директориум на Меѓународниот Тероризам- George Rosie
31. Прирачник на Пешадиската Војска на САД 100-20, Да Се Возврати на Тероризмот, Стабилност и Придружни Операции
32. Слободен печат, година IV, број 940, вторник, 13 декември 2016, стр. 14.
33. Издавачи Одговорностите за Сузбивање на Тероризмот на ФБИ
34. Прирачник на Пешадиската Војска на САД 100-20, Да Се Возврати на Тероризмот, Стабилност и Придружни Операции
35. Ibid
36. Тероризам, Вовед – Jonathan R. White
37. Политички Тероризам – Alex P. Schmidt
38. Дефинирање на Тероризмот, Суштината на тероризмот – Bruce Hoffman
39. РАНД Дневник - Bruce Hoffman
40. Хари Е. Ален и Клифорд Е. Симонсен, Абортус како Клиничко Насилство и Тероризам
41. Дневник, година XX, број 6224, петок, 25 ноември 2016, стр. 15.
42. Елаборат подготвен за презентација на годишната средба на Асоцијацијата за Криминални Дела на Јужните Републики на САД, Савана, 27.09.1996 година
43. Одговорностите за сузбивање на тероризмот на операции-Издавачи
44. Современ тероризам – Митко Котовчевски

45. Хамад Али, У мрежа зла (Меѓународни тероризам и Ал-Каеда, Глас српске, 2004)
46. Безбедност – број 1, Скопје, Мај 1991
47. Умешноста на Војувањето (со коментари) –Сун Цу, Издавачки центар ТРИ. 2013
48. Ferracuti Franco, ‘A Sociopsyhiatric interpretation od Terrorism, ‘The Annals of the American Academy of Political and social science, 463, September 1982
49. Shaw Eric, D.”Political Terrorists: Dangers of diagnosis and an Alternative to the Psyhopathology Model”, “International Journal of Law and Psyhiatry, 8” 1986,359-368
50. Taylor, Maxwell, and Ethel Quayle, Fanatism, Political Suicide and Terorism, ‘Terrorism, 11, No.2, 1988
51. Hoffman Bruce, Inside Terrorism, revised and expanded edition, Columbia university press, New York, 2006
52. The Sociology and psychology of Terrorism, Library of congress- Federal research division
53. United Nations Centre for International Crime Prevention, the cooperation between transnational organized crimes and terrorism, Trends in organized crimw/Vol.6, No.2, winter 2000
54. http://www.slideshare.net/neebitno/65-terorizam-i-antiterorizam
55. The American Heritage, Dictionary of the English Language, Fourth Edition, Published by Hougton Miffin Company, 2009, преземено од http://terrorism.about.com/od/ whatisterroris 1/Define Terrorism, од 10.10.2009
56. www.dcaf.ch/docs/bg-intelligence-services 1.pdf
57. Phillip Cryan, Defining Terrorism, преземено од сајтот:http://home.honolulu.hawaii.edu/ на 25.11.2009
58. Charles L.Ruby, The Definition of Terrorism, преземено од сајтот www.asap-spssi.org
59. www.woanews.com/serbian
60. www.wikipedia.org
61. www.policeacademy.edu.mk
62. Position paper: the Connection between Terrorism, Nacotics and international Crime, преземено од www.ict.org.il
63. www.nytimes.com

64. www.studies.agentura.ru/english/tr
65. www.hrvatski-vojnik.hr/hrvatski-vojnik/1242007/terror
66. https://www.iiss.org/
67. https://www.whitehelmets.org/en/
68. Dr. Mustafa Avni, Oragnized Criminal Groups and Terrorist Group (The New Phenomen of “Narcopolterrorism”), преземено од www.grc.ae.
69. Дефинирање на тероризмот-http://www.Apo.otg.au
70. Тероризам и нафта - http://www.terrorismandoil.net
71. Енциклопедија за мирот - http://www.yahoodi.com/peace/terrorism.htlm
72. Човек-терорист - http://www. Ict.org.il
73. Библиотека за тероризмот - http://www. Awesomelibrary.org
74. Перспективите на тероризмот - http://www.csmonitor.com
75. Академик –https://www.akademik.mk/doneseni-strategiite-za-borba-protiv-nasilniot-ekstremizam-i-terorizam
76. US AMBASADY –https://mk.usembassy.gov/mk/country-report-on-terrorism-2015
77. https://mk. usembassy.gov/mk/country-report-on-terrorism-2016
78. https://off.net.mk/zezalici/meshano/teroristi-vo-makedonija
79. Our world data –https://ourworldindata.org/terrorism#note-5
80. Britannicaa- https://www.britannica.com/topic/terrorism
81. https://theconversation.com/what-is-terrorism-what-do-terrorists-want-78228
82. Statista – https://www.statista.com/tropics/2267/terrorism
83. https://hlsonline.eku.edu/hls-101-terrorism
84. U.S. Army field Manual 100-20, Stability and Support Opperations, (Final draft), ‘Chapter 8: combatting Terrorism.”, преземено од www.terrorism.com/modules, на 15.10.2009
85. www.vreme.com.mk
86. www.politika.co.rs
87. www.blic.co.rs
88. www.defence.pk/forums/pakistans-war/29109-importance-human-inteligence-war-against-terrorism.html
89. https://mk.wikipedia.org/wiki
90. https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2017/06/Megjunaroden-terorizm.pdf

91. www.un.org Резолуција на Обединетите Нации.
92. „2018 Human Development Report“ (PDF).
93. mfa.gov.mk
94. CIA - The World Factbook
95. НБРМ
96. Устав на Република Македонија
97. United Nations Security Council Counter-Terrorism Committee. 2017
98. United Nations Security Council. 2016.